Д-р Ѓорге Иванов

Живееме во време на невидена епохална динамика, со планетарна акцелерација на капиталот и воената моќ на една „лидерска" земја. Сведоци сме на еден објективен планетарен процес кој може да се сведе на технолошко-информациона револуција која создава глобална економија и оформува еден вид светски систем.



Сево ова се именува со еден термин кој пред само две - три децении се среќаваше единствено во академската литература. Термин кој *дојде од никаде за да биде речиси секаде*, ќе прокоментира Ентони Гиденс, еден од неговите најдобри познавачи.

Глобализацијата е збирното име за овие вртоглави промени. Промени кои ги трансформираат сите досегашни наши претстави за светот, почнувајќи од исчезнувањето на националниот суверенитет до создавање на наднационални политички, економски, културни но и криминални структури.

Некои веќе зад сево ова го гледаат екстремно противречниот неолиберализам, кој на една страна создава досега невидено економско богатство и малигна планетарна сиромаштија на друга страна.

Протагонистите на глобализацијата тврдат дека глобализацијата е завршен процес  и дека сега се наоѓаме во период на таканаречена „глобалност". Глобалноста, пак, е епоха на транснационалните корпорации и заедничките пазари кои имаат длабоки последици врз моќта и влијанието на националните влади. Тоа не е само економски процес туку претставува и дијалог на земјите, ги упатува на солидарност, толеранција и почитување на културните разлики. Според нив еден од најголемите предизвици, со кои треба, впрочем, и ние да се соочиме, не е самото раководење и забрзување на реформите со кои граѓаните би ги почувствувале благодетите од глобалноста. Вистинскиот предизвик е да се објасни глобалноста, односно да се дефинира што е она што сега мора да се стори.

Наспроти протагонистите на глобализацијата нивните противници веќе обликуваа еден нов вид на интернационализам со глобална визија - глобализација оддолу. Притоа развија организациони форми - кои се движат од глобални промотивни мрежи  преку привремени групи за поддршка сè до глобални форуми -за да се разменуваат идеи и да се координираат акции за што поголем број на прашања поврзани со глобализацијата и со што помалку хиерархиски структури. Овие активисти на „ал-

терглобалистичкото“ движење повторно ги открија демократските способности на народот. Запознаа стотина милиони луѓе од цел свет со проблемите на глобализацијата. Се афирмираа како глобална опозиција - опозиција обединета со кохезијата на еден необичен „оптимизам на неизвесноста“ и тоа со таква ефикасност што многу лесно и брзо го одземаа приматот  на националистите како водечки критичари на глобализацијата.

Овој број на „Политичка мисла“ е посветен токму на сите овие прашања што ни ги наметнува и што ни ги отвора глобализацијата.

# СОДРЖИНА


**Вовед**
Ѓорге Иванов

Глобализација

**Модернизацијата не подразбира повеќе и европеизација На пат кон глобална култура?** 7
Семјуел П. Хантингтон

**Кон поредокот на глобалната економија** 15
Хорст Келер

**Глобализација - перспективи и последици** 23
Ненад Марковиќ

**Хабитат (населени области) - обврска и предизвик** 31
Петер Гец

**Глобализацијата и локалната самоуправа - Силни заедници во еден глобален свет** 35
Андерас Клајн

**Глобализација и социјална правда** 39
Нјонгонкулу Ндунгане

**Разговор со Умберто Паскалини** 45
Марко Трошановски

**Глобализациски амбис** 49
Марко Трошановски

**Глобализација-сознание, свест или проблем** 53
Камелија Шојлевска

Меѓународни организации

**Организацијата за безбедност и соработка во европа (обсе) - примарен инструмент за превенција на конфликтите во регионот** 55
Марина Настеска

**Либерален институционализам - предизвик на глобализацијата (примерот на Г8)** ______ 59
Иван Дамјановски

**„По војната во Ирак: иднината на Организацијата на обединетите нации и на меѓународното право“** ______ 65
Волфганг Шојбле

Предизвици и перспективи

**„Значењето на Трансатлантското партнерство: американска перспектива“** ______ 75
Чак Хагел

Теорија

**Глобализам и нов трибализам - македонски поглед** ______ 81
Ѓорге Иванов

Портерети

**Само луѓето со визија оставаат траги во историјата** ______ 97
Гордана Јанкулоска

Рецензии

**Редефинирање на новиот свет** ______ 103
Јасмина Чукаловска

**Прекројување на светот** ______ 109
Дане Талески

Документи

**Агенда Хабитат Истанбулска декларација за човекови населби** ______ 115

За авторите ______ 119

Година 1
Бр.4
Декември
Скопје 2003
ISSN 1409-9853

# Политичка мисла

Списание за политичко општествени теми

Издавачи : д-р Ѓорѓе Иванов
м-р Андреас Клајн

Уредници : Дане Талески
Сандар Коњачкова
Јасмина Чукаловска
Гоце Дртковски

Адреса : Фондација Конрад Аденауер
Максим Горки 16 кат 3
МК-1000 Скопје
Тел.: 02 3231 122
Факс: 02 3135 290
Email: kas@unet.com.mk
Internet: www.kas.de

Институт за демократија,
солидарност и цивилно општество
ул. Метрополит Теодосиј Гологанов 59 / 1 / 6 -13
МК - 1000 Скопје
Тел. / Факс :02 3217 080
Email: idscs@mail.com.mk

Печат : Винсент графика

Диазајн : Натали Николовска
Техничка подготовка : Пепи Дамјановски
Превод : Ели Вигант, Перица Срџановски
Евелина Алибеговска, Ана Фотева

Лектура : Снежана Орловиќ Стојановиќ

Ставовите изнесени во списанието не се ставови на фондацијата Конрад Аденауер и Институтот за демократија, солидарност и цивилно општество, туку се лични гледања на авторите.

Списанието се издава 4 пати годишно и им се доставува на политичките субјекти, државните институции, универзитетите, странските претставништва во Република Македонија

Konrad
-Adenauer-
Stiftung

IDSCS

# Модернизацијата не подразбира повеќе и европеизација
# На пат кон глобална култура?

Семјуел П. Хантингтон

Во изминативе години честопати се тврдеше дека учествуваме во создавањето на една универзална, светска култура. Притоа се мисли на сосема различни концепти. Прво: глобалната култура може да се однесува на мноштво социјални, економски и политички идеи, претпоставки и вредности што потекнуваат од западниот свет, а сега се широко распространети меѓу елитите во целиот свет.

Јас го нарекувам тоа „давос-култура“[1], по годишната средба на Светскиот економски форум, кој спои стотици владини службеници, банкари, политичари, бизнисмени, академци, интелектуалци и претставници на медиумите од целиот свет. Речиси сите од нив завршиле високо образование од областа на природните, социјалните или општествените науки, работат со зборови и/или бројки, зборуваат мошне течно англиски јазик и работат за влади, големи фирми и академски институции. Тие се дел од интензивни меѓународни врски и патуваат често во странство. Заеднички за сите нив се вербата во индивидуалноста, пазарната економија и политичката демократија, верба која како таква е широко распространета меѓу населението од западниот свет.

Припадниците на „давос-културата“ ги контролираат речиси сите меѓународни институции, многу влади во светот и повеќето меѓународни економски и воени институции. Јас претпоставувам дека и читателите ѝ припаѓаат на оваа култура. Давос културата е од неизмерно значење. Но, во целиот свет има значително мал дел од светското население кое е дел од неа. Тие се далеку од универзалната култура, а водечките фигури кои учествуваат во неа не секогаш ја имаат моќта во свои раце во сопствената земја. Сепак, оваа култура е несекојдневна последица од глобализацијата на економската активност што се разви во последните векови.

Вториот концепт за глобална култура се однесува на начинот на конзумирање на западот и поп-културата од целиот свет. Културните трендови се пренесувале отсекогаш од цивилизација на цивилизација. Притоа станувало збор или за технички развитоци без некаква позначајна културна последица или, пак, за трендови што доаѓаат и си одат без позначајно да ја променат културата на рецептивната цивили-

[1] Водечкиот персонал на меѓународните организации носи обележја на таканаречената давос култура, т.е. тие комуницираат со меѓународен код кој нема многу заедничко со начинот на однесување и социјалната положба на мнозинството од населението во нивните родни земји (заб. прев.).

зација. Нешто порафинирана верзија на аргументот за глобална поп-култура цели не на добрата за конзумирање, туку на медиумите и тоа повеќе на Холивуд, отколку на кока кола. Американската контрола на светската филмска, телевизиска и видео индустрија навистина преовладува. Но, одвај можат да се најдат докази дека со создавањето на глобалната комуникација доаѓа до значајно приближување на вредностите и ставовите. Долгорочно гледано, постои можност глобалните медиуми да предизвикаат одредено приближување на вредностите и вербата на луѓето, но тоа би се случило за подолг временски период.

Трето: Пред петстотини години егзистирале многу различни култури. Но, сите тие биле традиционални, а не модерни култури. Тогаш започна економската и социјалната модернизација во западниот свет и со тоа се создаде огромна бездна меѓу западот и незападните, немодерни општества. Денес модернизацијата претставува глобален феномен. Сите култури стануваат модерни и со тоа избледнува разликата меѓу Западот и останатиот свет. Но, модернизацијата не имплицира и европеизација. Има бројни примери за тоа како модернизацијата ги зајакнува постоечките култури и со тоа ги зацврстува разликите наспроти другите. Исто како што пред петстотини години живееле различните култури и цивилизации едни покрај други, така и во овој век гледаме како многу модерни култури егзистираат една покрај друга. Долгорочно гледано можеби модерните култури би можеле да прераснат во една глобална модерна култура, но тоа би се случило дури во некоја далечна иднина.

Помеѓу главните култури на денешниот свет постојат многу реални разлики. Како што покажуваат соционаучните студии постојат индивидуални култури, колективни култури, култури со одлика на вина, култури со одлика на срам, рамноправни и хиерархиски култури, култури со одлика на доверба или недоверба, култури во кои луѓето краткорочно размислуваат и такви, во кои долгорочно размислуваат, како во моќните и „вредните“ култури. Социјалните науки ги евидентираа овие или оние разлики во изминативе годиниве.

## Модернизација без приближување

Во врска со ова интересни се анализите на Роналд Инглехарт за вредностите во отприлика шеесет земји. Тој ни дава на располагање квантитативни информации од World Values Survey што ја покажуваат реалноста во цивилизациите, а што јас ја идентификував само во груби црти. Тој ги дели земјите во две главни групи: прво во однос на улогата на вредностите за преживување, на модерните и пост-модерните вредности и второ во однос на улогата на традиционалниот и световниот авторитет. Земјите со различни култури и религии тежнеат кон заеднички нешта. Евиденцијата ни дава на знаење дека барем во последните дваесет години за кои има информации, земјите не се приближиле

една до друга. Модернизација без приближување е сликата која повторно произлегува од овие информации.

Може да се направи уште еден чекор понапред. Кога незападните општества ќе го започнат процесот на модернизација, тие често се обидуваат да прифатат културни елементи од западот. Во доцниот деветнаесетти век луѓето во Јапонија, на пример, како и тие во Кина мислеле дека, во име на модернизацијата, треба да се откажат од сопствените јазици во полза на англискиот или германскиот јазик. На почетокот постоеше стремеж модернизацијата и европеизацијата да одат рака под рака. Земјите стануваат модерни со тоа што ќе се европеизираат. Но, по некое време, домашната култура повторно заживува, а европеизацијата слабее. Тоа не значи дека исчезнуваат елементите на западната култура што веќе биле прифатени од овие општества, туку дека степенот на европеизација значително се намалува и се случува дури и обратното. Тенденцијата на народите да се вратат кон своите првобитни култури се забележува денес со свртувањето кон исламот, славењето на азиските вредности и повторното оживување на религиите во многу земји во светот. Модернизацијата влијае постепено на враќање на незападните општества и култури. Светот станува помодерен, но тоа не е европеизација во вистинска смисла на зборот.

Најважното зајакнување на првобитните култури како резултат на модернизацијата се гледа, недвосмислено, во оживувањето на исламскиот идентитет и самосвеста меѓу муслиманите. Овој развој започна во доцните седумдесетти години. Муслиманите се свртеа повторно кон исламот, во голема мера, како извор на идентитет, моќ и надеж или како што вели изреката „Исламот е решението“. Ова навраќање, во својата мера и суштина, е последната фаза на приспособување на исламската цивилизација кон западот-обид да се најде „решението“ во сопствената исламска култура, а не во западните идеологии.

Тоа значи прифаќање на модерната култура, а одбивање на западната, враќање на исламот како културна, религиозна, социјална и политичка водечка линија за животот во модерниот свет. Како што кажа еден висок саудиски службеник во 1994: „Странските увози се добри сè додека се работи за сјајни или високо технички производи. Но, увозот на недопирливи социјални или политички институции од каде било може да биде смртоносен - прашајте го владетелот на Персија (..) Исламот за нас не е само религија, туку наш начин на живот. Ние, Саудијците, сакаме да бидеме модерни, но не по секоја цена европеизирани“!

Ова навраќање кон муслиманството потекнува од мнозинството, а не од екстремистите, тоа е сеопфатно и неизолирано. Вообичаено, исламскиот „фундаментализам“ се сфаќа како политички ислам. Но, тој е само една компонента од многу поширокото оживување на исламските идеи, пракси, реторика, како и обраќањето на исламот на муслиманското население. Политичките манифестации на ова повторно

оживување се помалку важни од социјалните и културните форми. Сепак, тие се, како и порано, најзначајниот политички развој во муслиманските општества во последната четвртина на дваесеттиот век. Формата и ширината на поддршката на исламистичкото движење варираат од земја до земја. Сепак постојат одредени општи тенденции. Овие исламистички движења, во целост гледано, не добиваат многу поддршка од елитите, селаните и старите луѓе. Нивни приврзаници, во голем дел, се оние кои учествуваат во процесите на модернизација. Се работи за подвижни и модерно ориентирани млади луѓе: студенти, квалификувани работници, бизнисмени - генерално средна градска класа - како и посиромашни доселеници во градовите.

Токму овие луѓе се фатени во болниот процес на премин од традиционален во модерен свет, кои водството и утехата ја наоѓаат во исламот. Како резултат на тоа, тие доминираат и држат монопол речиси во секоја муслиманска земја во која исламистите немаат моќ, туку се опозиција. Ништо не е повоочливо од фактичкото неприсуство на либерални, демократски опозициони групи во сите муслимански општества. На трагичен начин стана јасно, дека само малцинството од исламистичкото движење презема терористички акти за да ја демонстрира својата верба и омраза кон Западот.

## Култура и глобална политика

Главен аргумент за судирот на цивилизациите во мојата книга е дека по Студената војна, најважните разлики меѓу луѓето не се ниту идеолошки, ниту политички, ниту економски. Луѓето се дефинираат во однос на потеклото, религијата, јазикот, историјата, вредностите, обичаите и институциите. Тие се идентификуваат со културните групи: со родот, етничките групи, религиозните заедници, нациите и, на најопшто ниво со цивилизациите. Во дваесет и првиот век се создава глобална политика паралелно со културата и цивилизацијата. Најважни групи на држави не се повеќе трите блока од Студената војна, туку седум до осум главни цивилизации во светот: западната, православната, кинеската, јапонската, хиндуистичката, латиноамериканската и африканската. Главни извори на политичка нестабилност се оживувањето на исламот и развојот на Кина. Врските меѓу западот и цивилизациите што претставуваат предизвик за него се најверојатно посебно тешки и антагонистички. Долгорочно гледано, односот меѓу Кина и Америка претставува потенцијално најголема опасност. Моментално е таков и односот меѓу муслиманите и западниот свет.

Очигледно е дека тешко може да се потисне можен конфликт меѓу етничките групи. Етничките конфликти стануваат опасни за западниот мир кога се инволвирани групи од различни цивилизации. Локалните судири на Балканот, во Кавказ, Централна Азија и азискиот потконтинент, без Блискиот Исток, се опасни токму поради тоа што стануваат поголеми војни и можат да повлечат и други држави.

Овие војни на „кревките, погранични линии„ (Verwerfungslinien) не

настануваат случајно. Многу поверојатно е муслиманите да се борат против не-муслиманите отколку против која било друга група. Главна причина за тоа е високиот наталитет во муслиманските земји што предизвика значителен пораст на младите луѓе меѓу петнаесет и триесет години. Во блиска иднина односите меѓу западот и исламот, во најдобар случај, ќе бидат дистанцирани и горки, а во најлош конфликтни и насилни. Долгорочно гледано, демографскиот пораст повторно ќе се израмни. Доколку тоа се случи, повторно ќе се отвори пат за рамноправна коегзистенција на западот и исламот.

## Култура и развој

Културата се надоврзува директно на економскиот развој. Со векови, економските научници се занимаваат со прашањето зошто некои земји повеќе се развиле економски и се збогатиле, додека некои други останале да живеат во сиромаштија и заостанатост. Тие не беа во состојба да дадат убедлив научен одговор. Ова прашање посебно ми падна в очи пред неколку години кога случајно ги видов економските податоци за Гана и Јужна Кореја од 1960 година. Во тоа време двете земји имале речиси идентични економски профили во однос на БДП, релативна важност на нивните примарни, преработувачки и услужни сектори, видот на експорт индустријата и висината на помошта за развој. Триесет години подоцна, Јужна Кореја стана индустриски гигант со четиринаесетта по големина економија во светот, со петнаесет пати поголем приход по жител од Гана. (..) Се уверив дека различните култури на двете земји во голема мера го објаснуваат овој феномен. Севернокорејците високо ги ценеле економијата, штедливоста, напорната работа, инвестициите, дисциплината и образованието. Луѓето во Гана пак имаа други вредности.

Вредностите важни за економскиот развој опфаќаат работна етика, подготвеност за штедење и откажување од парична награда како и почит на правото за гаранција на неприкосновеноста на приватниот имот. Посебно е значајна меѓучовечката доверба, која ги засилува сигурноста и соработката и ги намалува деловните трошоци. Помеѓу економскиот развој и меѓучовечката доверба постои важна поврзаност. (..)

Културата може да влијае и врз формата на економските организации. Франсис Фукујама тврди, во својата книга, дека државите, во кои има голема меѓучовечка доверба, како на пр. во Јапонија, Германија и САД, имаат подобра позиција за основање на меѓународни фирми, отколку оние, во кои довербата е ограничена само на семејството и пријателите, како во Франција, Кина и Италија.

Ако е точен неговиот аргумент, тогаш ова има важни последици за границите, кои може да бидат одлучувачки за Кина како голема сила во светската економија.

Значењето на културата во однос на развојот може да се набљудува преку релативниот напредок што го постигнаа бившите комунистички држави со реформата на

својата економија. Успехот на економските реформи варира точно од разликите на цивилизацијата во секоја земја. Очигледно е дека многу фактори може да влијаат врз разликите на економската реформа, но сепак културата без сомнение ја игра главната улога. Украина беше еден од најдобро развиените делови на Советскиот Сојуз. Но, сега таа е далеку зад Полска во поглед на економските реформи и работоспособноста. Во голем дел ова може да се објасни со тоа што Украина е културно расцепкана заедница, но претежно православна, а Полска е западна заедница.

## Култура и демократија

Културните разлики се релевантни и за развојот на демократијата. Модерната демократија е производ на западната цивилизација, и преку осумдесет проценти од демократијата во светот носат печат на Западот. Демократија има и во општества со сосема други култури како во Јапонија и Индија. Според мене погрешно е да се тврди дека некоја специфична култура ја оневозможува демократијата, но со право може да се тврди дека некои култури се попријателски расположени кон демократијата од другите. Најдобар пример за тоа се поранешните комунистички држави. Демократијата во незападните општества е често нелиберална демократија. Воочливо е дека на листите на Freedom House на земјите, што се слободни, делумно слободни и неслободни, нема исламски земји што се слободни. Тука станува збор за културен ефект. Нема култура - вклучувајќи го и исламот - која е неспоива со демократијата.

## Културна преобразба

Дали земјите, што не се демократски и економски расположени, се осудени на вечна сиромаштија и репресија? Тоа не мора да е така. Јас не верувам во културен детерминизам. Културите може да се менуваат, но тешко е да се постигне вистинска културна промена. Понекогаш некој трауматичен настан може да предизвика таква промена. Во триесеттите години, Јапонија и Германија беа, на пример, воени сили во светот. Катастрофата што мораа да ја преживеат во Втората светска војна ги направи најпацифистички земји во светот. Но, не верувам дека има многу земји што би посакале да доживеат светска војна за да ја променат културата во земјата.

Во некои ситуации политичките лидери на една земја се во можност да придонесат за некаква културна преобразба. Истражувањата, според кои се вреднуваат земјите во поглед на корупцијата, покажуваат дека тие се различни во однос на културната припадност. Земји со најмала стапка на корупција се скандинавските, понатаму од англиското говорно подрачје и протестантските, а со најголема се азиските и африканските. Има интересен исклучок: Сингапур е на врвот на листата заедно со Данска, Финска, Шведска, Канада и Нов Зеланд, како една од најнекорумпираните земји во светот, додека неговите азиски соседи Индонезија, Кина, Тајланд и Филипините се вбројуваат

меѓу најкорумпираните. Како да се објасни ова? Одговорот лежи во политичкото водство. Ли Кван Јев (Lee Kuan Yew), кој со векови владееше во Сингапур, беше цврсто решен да изгради општество без корупција. Во целост гледано тоа му успеа. Тој го претставуваше едниот од најважните ставови за културата, формулиран од сенаторот Даниел Патрик Мојнихан (Moynihan): „Централната конзервативна вистина е дека културата, а не политиката го одредува успехот на едно општество. Централната либерална вистина е дека политиката не само што може да ја промени културата, туку и да ја спаси од себе“. И токму тоа се случи во Сингапур. Политиката ја промени културата и ја спаси земјата од корупција.

Постои една позната анегдота за средбата на Ли Кван Јев со Денг Хјаопинг. Ли Кван Јев, кој секогаш го славеше Сингапур му објасни на Денг Хјаопинг сѐ што тој постигнал во својата земја: економски просперитет, социјална правда и елиминација на корупцијата. На крајот Денг Хјаопинг одговорил: „Кога Сингапур би бил сѐ што јас имам, и јас би успеал во тоа“! Но, Кина има три милијарди жители, а не само три милиони. Не е едноставно да се постигне културна промена во толку големо комплексно општество.

Повеќето земји во светот ќе станат модерни, но нема сите да бидат исти. Културните разлики ќе останат и ќе влијаат на меѓународните односи, економскиот развој и политичката промена. Светот во кој живееме ќе остане да биде диверзен, различен. Најважен предизвик за нас во следните години ќе биде да живееме и да се снаоѓаме со таа разноликост.

# Кон поредокот на глобалната економија

Хорст Келер

## Положбата на светската економија

Светската економија се наоѓа во тешка положба бидејќи насекаде владее несигурност. Сепак, основната насока на економистите на Меѓународниот монетарен фонд (ММФ) и понатаму е дека во месеците што следуваат можеме да сметаме на нагорен развој. Само, побавен отколку што се надевавме само до пред неколку недели и со ризик за понатамошни влошувања. Но, не треба ниту да ги заборавиме позитивните аспекти на моменталната ситуација. Светската економија наспроти серијата масивни шокови - како прскањето на меурот на Берзата во 2000 година, терористичките напади на 11 септември 2001 и скандалите со претпријатијата годинава во САД - демонстрираше забележителна отпорност. Економијата на САД принципиелно и понатаму ја сметам за силна. Таа доживеа трајно поттурнување напред во продуктивноста и е флексибилна како ниедна друга економија со која би можела да се спореди. И можеби најважно од сè: новите технологии и ширум светот распространетата желба на човекот за подобри животни услови се извори на пораст кои ниту оддалеку не се исцрпени.

На светската економија сега ѝ се потребни, пред сè, претприемачи. Претприемачи кои нема само да ја следат толпата, ами ќе откриваат и користат нови шанси. Задача на политиката е на овие претприемачи да им понуди поволни рамковни услови за нивната подготвеност за преземање ризик и инвестирање. Економската, финансиската и монетарната политика мора да настојуваат, пред сè, да градат доверба. Ова бара, според мене, пред сè решеност и амбиција за справување со структурни проблеми: подеднакво на меѓународно, како и - уште поважно - на национално ниво.

Предлогот на Европската комисија да го пролонгира порамнувањето на државните буџети до 2006 година го сметам за правилен. Тој ја зема предвид конјуктурната ситуација. Но, мој совет, исто така, е да не се става под знак прашање договорно утврдениот критериум на конвергенција со горна граница од 3 проценти за буџетските дефицити. На монетарната политика, унифицирана од страна на Европската централна банка (ЕЦБ), за долгорочна сигурност на стабилноста на монетарната вредност и е потребна поддршка од страна на дисциплинирани фискални политики. Тоа мора според редот на нештата да значи, пред сè, дисциплина во издатоците - која мора да оди рака под рака со поли-

тика на реформи за трајно намалување на уделот на државата. За мене Пактот за стабилност и пораст има, пред сè, значење како политика на поредок за зацврстување на културата на стабилност во Европа.

## Предизвици на глобализацијата

Од економска гледна точка глобализацијата значи процес на зголемена меѓународна поделба на работата, а со тоа и испреплетување на националните економии преку трговијата со стоки и услуги, прекуграничните инвестиции во претпријатија и финансирањата. Овој процес во втората половина од минатиот век го зголеми повеќе од три пати просечниот приход по глава на жител ширум светот. Германија со својата извозна економија профитираше евидентно од ова. Тука приходот по глава на жител меѓу 1950 и 2000 година се зголеми речиси петократно, од 5.000 евра на 24.600 евра. Уште поголемо економско чудо се случи во Јужна Кореја, чијшто приход по глава на жител во изминатите 50 години се зголеми за околу 11 пати, и тоа од 900 на 9.900 долари - мерено респективно во денешни цени.

Но, глобализацијата значи повеќе од економски пораст. Таа значи слободна размена на мисли и идеи и, поголема мобилност на луѓето. Таа, исто така, не ни е едноставно наметната, туку е резултат на силите кои се стремат кон промени и се длабоко всадени во човечката16 природа. Стремежот кон слобода и подобар живот, кон нови откритија и кон проширување на хоризонтите. Затоа нема никаква смисла да се настојува тркалото да се врати назад. Глобализацијата земена како таква не е ниту добра, ниту лоша. Таа содржи шанси и ризици. Тоа значи дека мораме да ги искористиме шансите и истовремено да ги ограничиме ризиците. На глобализацијата и е потребно политичко обликување.

Во врска со ова сакам да се фокусирам на два предизвика.

Прво: Од глобализацијата досега профитирале, пред сè, индустриските земји, а во последните десет до дваесет години исто така и една група земји во развој - меѓу кои и Кина, Индија, Чиле, Мексико, Јужна Кореја, Тајланд - земји во кои, на крајот на краиштата, живеат над две и пол милијарди луѓе.

Сепак: јасно е дека во глобализацијата има и губитници. И: речиси 3 милијарди луѓе денес мора да излезат на крај со помалку од два долара дневно. Оваа сиромаштија е најголемиот предизвик за стабилноста и мирот во 21. век.

Второ: Голем предизвик е создавањето рамковни услови за меѓународниот пазар на пари. Тука мора, од една страна, да имаме предвид дека експанзијата на меѓународниот пазар на капитал во голема мерка придонесе за придобивките од благосостојбата во последните децении. Приватните приливи на капитал во земјите на прагот кон развиени и земјите во развој во меѓувреме повеќекратно ги надминаа финансирањата од јавните средства. Без овој извор на капитал, земјите на прагот кон развиени, како што се Бразил или Кина, тешко дека би можеле да го унапредат својот

развој. Со право денес и во многу индустриски земји и земји во развој се работи на тоа да се искористи ефикасноста и креативноста на пазарот на капитал за да создадат дополнителен приватен столб за пензиско осигурување.

Но, пазарот на финансии познава и „ирационални претерувања", како што констатираше Алан Гринспан во 1996 година. И навистина прснувањето на финансискиот меур од деведесеттите години денес нѐ става на големи маки. Тука мора да се има предвид дека алчноста, прекумерното шпекулирање до степен на бесрамни манипулации со билансот - какви што сега избија во САД - не се само ретки поединечни случаи. Од денешна гледна точка мораме на политиката на дерегулирање на пазарот на финансии, која излезе од САД во осумдесеттите години, дефинитивно да ѝ признаеме доза на наивност. Мораме да работиме на тоа во иднина да им се спротивставиме на суетата и ексцесите на пазарот на капиталот. Во корист на ова треба на крајот на краиштата да придонесе и дијалогот со приватниот сектор во рамките на ММФ и на *Financial Stability Forum*. За јавниот и приватниот сектор би требало да биде од заеднички интерес да се дефинира вистинскиот биланс помеѓу сопствената одговорност и државното регулирање. Мотото може да биде обновено: „Колку што е можно повеќе слобода, а само колку што е нужно регулирање".

Причините зашто некои земји профитираа од глобализацијата, а други не, се од комплексна природа. Тука улога играат почетната позиција, географијата, исто така и културата. Но искуството покажа едно: Добрата политика е битен фактор. Оној којшто во светската конкуренција најбрзо и најдобро ќе се приспособи на новите услови, ќе може и да си создаде најдобри шанси. Оној, пак, којшто ќе го пропушти или игнорира развојот, ќе загуби работни места, приходи и можност за благосостојба. Глобализацијата, повеќе од кога и да е, бара способност за меѓународна конкуренција. И тоа е добро, бидејќи им служи на економската ефикасност и на желбите на консументите. Ова значи дека нациите кои сакаат да ги исползуваат предностите на глобализацијата мораат да ги прифатат отвореноста, иновацијата и структурните промени како перманентна придружна појава на стопанството и општеството.

Но, во секој случај е добро што во меѓувреме се разви широка јавна дискусија за шансите и ризиците на глобализацијата. Зашто на цела една низа прашања сѐ уште нема убедливи одговори. Префрлањето дека реформите во пазарната економија ја сноселе главната одговорност за темните страни на глобализацијата го сметам за непродуктивно. Секако дека беа направени грешки, и од страна на ММФ. Но, сепак една попрецизна анализа покажува дека често не многуте, туку напротив премалкуте реформи - а, пред сѐ, премалку доследните реформи - станале иницијална каписла за проблемите. На пример, кога приватизациите се спроведувале без доследна политика на конкуренција; кога фискалната дисциплина била дефинирана само

за централната влада, но не и за провинциите. Или кога забрзаното отворање за меѓународниот прилив на капитал не било придружувано во иста мерка од брзо воспоставување на ефикасна финансиска контрола.

Денес веќе нема сомнение дека меѓународната заедница го потцени значењето на здравите институции и на правната сигурност за функционирањето на пазарната економија во земјите во развој и земјите на премин кон развиени. Јас, исто така, мислам дека екстремните разлики во приходите во многу земји од Латинска Америка и во други земји треба да бидат повод за преиспитување на економско и општественополитичките каталози со зацртани цели во овие земји. Можеби развојот таму ќе се одвиваше подобро ако во практичната политика се применеа повеќе работи од идејното наследство на Лудвиг Ерхард. На Ерхард во социјалното пазарно стопанство му беше најважна задачата „на пазарот да се поврзе принципот на слободата со оној на социјалната рамнотежа и со моралната одговорност на секој поединец во однос на целото“. Ги охрабрувам науката и политиката, со своите идеи за модерно социјално пазарно стопанство, поактивно отколку досега да земат учество во дискусијата за подобра глобализација. Но, сè на сè, за мене нема сомнение: Слободата, демократијата и пазарното стопанство на почетокот на 21. век во светот се проширени како никогаш досега – и ова го сметам за огромен напредок на човештвото.

## Ориентација за подобра глобализација

Конкретно гледам шест патокази, кои можат да ни бидат од помош во потрагата по концепт за подобра глобализација.

- Прво, прашањата на меѓународната меѓузависност мора да добијат поважен статус во националните политички агенди. Растечката взаемна зависност бара од секоја земја повеќе да ги зема предвид последиците од своето дејствување врз другите. Ова бара потесна меѓународна соработка, а исто така и институции кои ќе се грижат за глобалните проблеми. А за ММФ оваа меѓузависност значи во голема мерка дека на економската политика на индустриските земји - и на нејзините ризици за светската економија - мора да ѝ посветиме барем исто толку внимание, како и на земјите во развој и земјите на премин кон развиени.

- Второ, меѓународната соработка не смее да ја истисне националната сопствена одговорност. Сметам дека е направен голем продор со тоа што ова беше особено нагласено и во областа на борбата против сиромаштијата на конференцијата на ОН за развој и финансирање во Монтереј, Мексико, во март 2002. Без подобро управување од страна на владите, без правна сигурност и баз намалена корупција не можеме да се бориме против финансиските кризи и сиромаштијата.

- Трето, глобализацијата итно бара и солидарност. Но, солидарноста не е само етичко-морална обврска. Активната борба против сиромаштијата во светот ја гледам како инвестиција во стабилноста и мирот за целокупното човештво. Затоа целта поставена од Обединетите нации 0,7 проценти од бруто социјалниот производ (БСП) да се одвои за помош на земјите во развој, би требало да има цврсто место во државните буџети на индустриските земји. Ова е мерлива и чесна солидарност.

- Четврто, еколошката закана за земјата не познава национални граници. Затоа, тука меѓусебното вкрстување на националните напори со меѓународната соработка не смее да дојде на последно место. Кјото сигурно не е последниот збор, но е важен чекор во вистинскиот правец. Исто така, време е на меѓународната соработка за заштита на животната средина да ѝ се дадат посилни институционални основи. На пример, на тој начин што програмата за животна средина на ОН предводена од Клаус Тепфер ќе добие повеќе компетенции, или дури ќе прерасне во некој вид меѓународна институција за животна средина.

- Петто, потребни ни се признати правила на игра, или *level playing field*, за даземеме учество во глобализацијата. ММФ и други меѓународни институции работат на ова преку формулирањето и надгледувањето на меѓународните стандарди и кодови - на пример за повеќе транспарентност, ефикасен надзор на пазарите на финансии и добро управување со претпријатијата.

- И конечно, шесто, на разнообразноста на искуствата и културите треба да гледаме како на богатство на оваа планета. Затоа, работата на една глобална рамка за политичкиот поредок не би требало да биде обид сите земји да се принудат да имаат униформен економски модел. Дури, една конкуренција на системите може да придонесе за здрава глобализација.

## ММФ е во процес на трансформација

Според овие патокази се ориентираме и во реформската работа во самиот ММФ. Поуките од пазарите на капитал од изминатите години веќе доведоа до значајни промени:

- Во земјите членки на ММФ во однос на транспарентноста на економските и финансиските податоци, а особено во самата политика на ММФ, изби речиси револуција.

- Се концентрираме повеќе од кога и да е на превенцијата на кризи, особено преку подобрената анализа на способноста за справување со долговите, како и на стабилноста на меѓународниот пазар на финансии и на меѓународните финансиски сектори.

- Работиме на подобрувањето на кризниот менаџмент преку појасното дефинирање на претпоставките и границите за користење на кредити од ММФ. За екстремниот случај на инсолвентност на една земја дискутираме за нова правна рамка која ќе дозволи брзо, уредено и помалку скапо преструктурирање на државните долгови.

Цврсто сум убеден дека овие и други реформи веќе значително ја имаат зајакнато меѓународната финансиска архитектура. Но, актуелните земји со проблеми, пред сè во Латинска Америка, покажуваат дека мора да се сработи уште многу, пред сè во областа на културата на стабилност и во трајното зајакнување на порастот.

Но, во овој контекст се битни и две појаснувања - и тоа во врска со политичкиот поредок. Прво, едно пазарно стопанство кое добро функционира ги црпи својата сила и динамика од конкуренцијата. Последнава претставува непрекината потрага по подобри резултати, подобри производи и поголема продуктивност. Мораме да прифатиме дека вишокот и корекцијата секогаш ќе бидат дел од овој процес. Овие работи се неизбежни ако сакаме да го задржиме системот кој се потпира на слобода, пазарно стопанство и сопствена одговорност. Што значи дека во едно отворено и динамично стопанство, на способноста за прогнозирање и избегнување кризи ѝ се поставени граници. Целта може само да биде да има помалку кризи, пред сè помалку тешки кризи. Второ, и во случај на криза, сопствената одговорност е обврзувачка. А ова значи дека ММФ дефинитивно не е меѓународен *Lender-of-Last-Resort*, кој има неограничен пристап до ликвидноста. Приватните доверители и задолжените земји мора да знаат дека од нив во прв ред се бара да стојат исправени пред ризиците што ги презеле.

Она што, исто така, ме загрижува е што порастот на светската трговија е мошне забавен: Според проценките на ММФ тој во 2002 би требало да достигне околу 2 проценти, споредено со просечниот годишен пораст од 7 проценти во деведесеттите години. Сметам дека апсолутно е во интерес на Германија меѓународната трговија да остане мотор на порастот и вработувањето. Затоа Германија би требало жестоко да се залага за понатамошната мултилатерална либерализација на трговијата. Недвосмислени сигнали на политичка решителност, успешно да заврши рундата од Доха во рамките на Светската трговска организација, уште сега би создале доверба кај инвеститорите ширум светот. Економистите од СТО проценуваат дека успешната мултилатерална либерализација на трговијата на светската трговија би можела да ѝ донесе пораст од 30 до 50 проценти, при што од најголемиот раст во трговијата би профитирале земјите во развој и земјите на премин кон развиени. [*IMF World Economic Outlook, October 2002*]. Токму ваква структурна промена ни е потребна сега, за одржливо да ги зајакнеме растот на светската трговија и нејзината отпорност на кризи.

Трговијата е и најважниот клуч за борбата против сиромаштијата. Таа е најдобрата помош за самопомош. Тоа што индустриските земји своите пазари ги отвораат пошироко и побрзо за производите од земјите во развој, и тоа како за суровини, така и за преработени производи, е нешто што требаше одамна да се случи. Одамна требаше да се случи особено истекувањето на субвенциите за земјоделството во индустриските земји кои ја деформираат трговијата. Во 2001 година поддршката на аграрните сектори во КЕБС изнесуваше над 300 милијарди американски долари, шестократно повеќе од помошта за развој! Ако имаме сериозни намери во однос на борбата против сиромаштијата во земјите во развој, мора сега да се фатиме во костец со овој проблем. Значи, реформи со широк опсег во аграрната политика на сите индустриски земји се итно неопходни - заради фундаменталната морална одговорност, и затоа што има економска смисла. Неоштетени од ова, земјите во развој можат и мораат, од своја страна да сторат повеќе за да ги надминат меѓусебните трговски пречки.

## Глобалниот свет бара глобална етика

Јас сум оптимист и убеден сум дека со правилна политика - а особено со правилна политика на поредок - е можна подобра глобализација. Притоа, најновите финансиски скандали во САД би требало да нè потсетат на тоа дека доброто пазарно стопанство и доброто управување со претпријатијата не се мерат само според висината на профитот. Потребна ни е етика на претпријатијата со трајно градење на вредности, која ќе ги вклучи сопствениците на капиталот, вработените и животната средина. Не може да има опстанок на земјината топка без глобална етика. Оваа етика мора да ги почитува човековите права, но и да испрати порака, дека наспроти правата постојат и обврски.

# Глобализација - перспективи и последици

м-р Ненад Марковиќ

Глобализацијата, како термин и како појава, ниту е нова ниту е продукт на пост-модерната ера. Можеби во оној интензивен манифестен модус и големина, онака како што се одвива во последно време, се чини како нов (и недоволно испитан) феномен, но овој заклучок би бил преуранет доколку би ги занемариле историските збиднувања што датираат уште од XV век, а во многу нешта потсетуваат на содржинските аспекти на стереотипот на (пост)модерната глобализација. За да се дојде до суштинските импликации на она што глобализацијата претендира да го трансформира и го остава како тема за размислување би било од полза да се даде ретроспектива на круцијалните историски настани кои во многу нешта го детерминирале нејзиниот дискурс. Така, **Роланд Робертсон** дефинира пет најбитни фази на глобализацијата, во зависност од настаните кои есенцијално допринеле кон нејзиниот развиток:

- *Фаза 1 (1400-1750).* **Ембрионска фаза на глобализацијата.** Глобални географски откритија. Ширење на Римо-католичката црква и Грегоријанскиот календар. Пронаѓање на мапирањето и модерната географија. Будење на националните заедници и системот на држави.
- *Фаза 2 (1750-1875).* **Појава на интернационализмот** во форма на меѓународни односи и изложби (саеми м.з.). Земјите вон Европа почнуваат полека да се прифаќаат во „меѓународното“ општество доминирано од Европа.
- *Фаза 3 (1875-1925).* **Почетна фаза на глобализацијата.** Глобализирачки тенденции како, на пример, прогрес во комуникациите и сè поразвиени економски и политички односи. Појава на културни и спортски врски меѓу земјите (Олимпиското движење на пример). 1914-1918 - првиот „светски“ конфликт.
- *Фаза 4 (1925-1969).* **Борба за доминација**. Иницирано од Втората светска војна и цепењето на атомот, како и од основањето на Обединетите нации и други организации со глобално влијание.
- *Фаза 5 (1969 до денеска).* **Крајот на Студената војна.** Слетувањето на Месечината и истражувањето на планетите. Појавата на глобални институции и глобални мас-медиуми. Глобални дебати во врска со категории како раса, етницитет, пол, род, сексуалност и човекови права.[1]

Ова е само еден кус преглед на главните фази на глобализацијата со цел да се илустрираат нејзините

[1] Robertson, Roland. „Globalization„. vo Baynon and Dunkerlee. „General Introduction„. Bologna and Sarajevo, European Regional Master's Degree in Democracy and Human Rights in SEE First Cluster Reader „Philosophy and Antropology of Human Rights„, 2002/2003. str.9.

корени и рани форми. Индиректно, она што денеска се случува, а под влијание на глобализирачките феномени, би било помалку разбирливо без еден преглед од ваков карактер. Уште повеќе што лоцирањето на овие фази е од полза, барем во делумното компарирање и разбирање на она што се случува сега.

## Метаморфоза на главните социјални актери (држава - пазар - цивилно општество)

Ако како главни актери на социјалната конструкција (во политиколошка смисла) ги детерминираме државата, пазарот и цивилното општество[2], не би било препретенциозно да се тврди дека глобализацијата како процес своите најдлабоки траги ги остава токму во карактерот и меѓусебните односи на овие општествени феномени. Без малку, аспектот на политичките и економските промени (на глобално ниво пред сè, но не помалку и на ниво на нациите-држави во Ветсфалиската смисла) е доминантен што се однесува до развојните тенденции на глобализацијата. Иако и другите сфери (културната, комуникациската, сферата на социјална мобилност) не се помалку погодени, се чини дека политичката и економската сфера ги детерминираат во најголем степен останатите општествени варијабли.

Ако се тргне од традиционалната рамка на сите историски збиднувања уште од времето на Ветсфалскиот мир и Француската револуција, кај државата ќе се забележи воочлива промена во нејзиниот карактер. Иако интенцијата на овој есеј не е да докаже дека државата под влијание на глобализацијата се има променето до точка од која нема враќање[3], промената на самата суштина на државното уредување како факт е највоочлива во сферата која е фундамент на секоја држава - суверенитетот. Државниот суверенитет како елемент врз кој почива делегирањето на власт и контролата над територијата, во Веберовска смисла, е во последно време сè повеќе предизвикан од проектите како што се Европската унија или НАТО. Додека државите во периодот од XV век, па сè до неодамна се бореа за можноста самите, без мешање од надвор, да делегираат власт врз својата територија и популација[4], политичките проекти на меѓусебно поврзување кои се директна заслуга на глобализацијата, ја наметнуваат обратната логика. Делегирањето на дел од суверенитетот за сметка на поголемите гаранции и можност за прогрес во сферите на безбедноста, трговијата или комуникацијата, на пример, претставува преседан со кој државите ќе мора на долг рок да се справуваат. Иако изборот на државите - партиципиенти во овој процес се движи на скалата од кооперација и интеграција до меѓузависност,

---

[2] Како што тоа, на пример, го прави Критичката теорија на цивилното општетсво. За повеќе информации види Chambers Simone. *„A Critical Theory of Civil Society„* vo Chambers, Simone and Kymlicka Will. *„Alternative Conceptions of Civil Society„*. Princeton, Princeton University Press, 2002.

[3] Такво тврдење имаат, на пример, Талкот Парсонс и Дејвид Истон. Види Milward, Alan S and Sorensen, Vibeke. *„Interdependence or Integration: A National Choice„* во Milward, Alan S.; Lynch, M.B. Frances; Romero, Federico; Ranieri, Ruggero and Sorensen, Vibeke. *„The Frontier of National Sovereignty: History and Theory 1945-1992„*. New York, Routledge, 1994.

[4] Овој процес се́ уште трае и не е докрај завршен. Како свежи примери можат да ни послужат Источен Тимор или Косово.

уочливо е дека не постои рамномерна дистрибуција на политичка и економска моќ, во рамките на овие сеопфатни аранжмани.

Можеби проблемот со рапидната метаморфоза на карактерот на државата не би бил сам по себе толку интересен, доколку тој не би имплицирал една нерамномерност во сферата на бенефицирање од глобализациските процеси. Очигледно е дека ова само по себе во голема мера ги детерминира и односите на моќ меѓу самите држави, со оглед на фактот што апсорпцијата на политичка и економска тежина не само што е нерамномерна, туку е и во голема мера централизирана и непенетрабилна за оние држави кои се во подредена позиција. Како директна причина за конкретната состојба **Ноам Чомски** го наведува таканаречениот „Вашингтонски консензус":

> „Неолибералниот Вашингтонски консензус е сфера на пазарно ориентирани принципи дизајнирани од страна на владата на Соединетите Американски Држави и меѓународните финансиски институции кои тие ги доминираат, и кои се имплементирани на различни начини - за поранливите општества често како строги програми за структурално приспособување. Основните правила се: либерализација на трговијата и финансиите, пазарно одредување на цените (утврдете ги точно цените), ликвидација на инфлацијата (макроекономска стабилност), приватизација„. [5]

Во една ситуација каде ваквиот тип на економско-политички систем на правила овозможува селективен пристап до бенефициите на глобалните пазари, се создава простор за креирање на глобален картел на политички влијателни држави чии одлуки на глобално ниво (ќе) имплицираат голем дел од она што би се случувало на земјината топка. Еден тип на затворено тело на чии одлуки тешко ќе може која било друга држава да влијае. Можеби овој опис најмногу во моментов наликува на групацијата **G7 (G8),** која гледано од аспект на она што се нарекува Real Politik е единственото тело кое е профилирано и доволно влијателно да го понесе епитетот - глобален директорат.

Постоењето на еден организам како што е групацијата G8, но и комплетниот состав на основоположниците на „Давос културата"[6] има импликации и на глобалната демократија како предоминантна тенденција на светската политичка сцена. Под овој поим повеќе се подразбира еден вид на широка инклузивност и рамноправни односи помеѓу државите кои би сакале да бидат дел од овој политички „set up", отколку самата демократска организација во рамките на индивидуалните држави. Гледано од овој аспект перспективата што ја дава **Дејвид Хелд** и не е во голема мера оптимистичка, ако се земе сериозно тврдењето дека „консолидацијата на глобалниот поредок во голема мера ја следи консолидацијата на

[5] Chomsky, Noam. *„Profit Over People: Neo-liberalism and Global Order„*. New York, Seven Stories Press, 1999. стр.19-20.

[6] Се мисли на највлијателните компании, кои еднаш годишно партиципираат на самитот во Давос кој се смета за настан каде што се кројат глобалните економски трендови. Се работи за околу 1.000 мега-компании претежно од САД, Јапонија, Канада и Европа.

стариот: по принципот на ексклузивност, пацификација на луѓето, нееднаквост“.[7] Во овие услови би се создала ситуација каде „сите држави би биле зависни, но некои би биле позависни“[8]. Ситуација која е веќе присутна пер се, а за која е првенствено виновен глобалниот пазар, која на државите им ја овозможува оваа констелација на односи.

Што се однесува до економската сфера т.е. до севкупната организација на пазарите, под ударот на глобализацијата се чини дека ова е дел од социјалната конструкција кој има најмногу профитирано од тој процес. Зголемувањето на комуникациските капацитети на глобално ниво и компресијата на релација простор-време, која **О'Браен** ја нарече *крај на географијата*, му овозможи на глобалниот пазар да функционира беспрекорно. Непреченото кружење на капиталот и глобалните финансиски текови им овозможија на одредени корпорации, а посебно на државите на кои тие им припаѓаат да се промовираат во вистински „магнати“ на глобализациските процес. Евтината работна сила на Средниот и Далечниот Исток, во комбинација со можноста за пласман[9] и на новите источно-европски простори, со огромен потрошувачки потенцијал доведоа до централизација на капиталот но и средствата за контрола на неговите текови, во рацете на не повеќе од петтина од светската политичка сцена. Горенаведените тенденции имплицираат најмалку три важни моменти.

Од една страна на овој начин глобализацијата доведува до една многу конкретна и се чини се поакутна глобална дискрепанца во сферата на социјално раслојување на светско ниво. Дека економските и социјалните разлики не биле никогаш поголеми зборува и фактот дека „севкупното богатство на врвните 358 глобални милијардери е еднакво на приходот на 2,3 милијарди најсиромашни луѓе на планетава“[10]. Или со цел за потемелна илустрација вредно е да спомене исто така дека „22 проценти од глобалното богатство им припаѓа на таканаречените „земји во развој“, кои сочинуваат 80 проценти од светската популација“[11]. Во оваа смисла трендот, за жал, е растечки.

Второ, глобалниот диктат на пазарот рапидно се поставува над авторитетот на државата која „во кабарето на глобализацијата поминува низ стриптиз и на крајот на претставата е оставена само со својата елементарна неопходност: моќта на репресија“[12]. Државата сѐ повеќе губи од својата моќ за сметка на глобалниот пазар, и следејќи ги неговите варијации сѐ помалку се јавува како одлучувачки фактор во и вон себе. За сметка на тоа, економските движења непречени од државните граници не дозволуваат државата да ги ограничи во ниедна смисла создавајќи си простор за доминација и лесна преориентација кон поатрактивни пазари. Во сета таа слика државата може да ги уредува своите внатрешни односи до онаа мера до која нема да го загрози глобалниот економски аран-

[7] Хелд, Дејвид. *„Демократија и Глобални Поредак„*. Београд, Филип Вишњиќ, 1997. стр.399.
[8] Ибид.
[9] За жал, понекогаш и во комбинација со мошне нехумани методи како, на пример, искористувањето на детскиот труд.

[10] Bauman, Zygmunt. *„ Globalization: the Human Consequences„*. Cambridge, Polity Press, 1998. стр.70.
[11] Ибид.
[12] Ибид. стр.66.

жман. Во економијата „државата не смее да чепка: секој напор во овој правец би бил пресретнат со брза и интензивна казнена акција од светските пазари“[13]. Нејзината моќ е јасно лимитирана.

И како последен, но можеби најзагрижувачки, е фактот што одреден број на земји кои не се членови на G8 групацијата, а сепак се профитери во процесот на економската глобализација, го користат успехот постигнат во сферата на економските и социјалните права за апологетика на своите недемократски режими. Претежно се работи за малите „азиски тигри“ од кои посебно се истакнува Сингапур, како еден репрезентативен пример за негативен „trade off“ на релација економски и социјални, за сметка на граѓански и политички права на своите граѓани. Нешто со кое **Амартја Сен**[14] сигурно не би се сложил.

Со цел да се комплетира општествената слика, и нејзиниот трет елемент, цивилното општество во голема мера се менува и адаптира онака како што се менуваат и адаптираат и останатите два фактора - глобално. Создавањето на глобалното цивилно општество е веќе незапирлив процес со рапиден пораст посебно во последната декада. Од друга страна, приспособувањето кон новите услови кои се резултат на глобализацијата првенствено го обврзува глобалното цивилно општество да го промени својот фокус. И додека традиционален партнер на цивилното општество, во смисла на спротивставување во рамките на социјалниот локус беше државата, впечаток е дека цивилното општество сѐ помалку ѝ се обраќа нејзе. Имено, сѐ поконсолидираното и ефикасно глобално цивилно општество како своја мета сѐ повеќе ги има глобалните центри на моќ и „decision making“ како што се, пред сѐ G8, но и WTO, IMF или EU. Како од друга страна државата реагира, а со цел да не го загрози глобалниот економски поредок, е мошне проблематична тема за разговор, посебно по настаните во Џенова во јули 2001 и неодамнешните немили настани во Рим. Дали е државата пренервозна под двојниот притисок на глобалното цивилно општество и глобалните економски сили, или причините лежат во некои други сфери - тешко е да се каже, но едно е сигурно. Државата сѐ повеќе заличува на оној организам за кој **Зигмунт Бауман** говори дека е беспомошно останат само со својата репресивна моќ, импотентен да реагира во другите сфери на општественото живеење.

Што се однесува до методите и модусите преку кои глобалното цивилно општество го ефектуира својот протест, нив ги има повеќе. И додека во рамките на еден типичен стереотип на сметка на анти-глобалистичките движења веднаш се помислува на протести и судири со полицијата, се занемарува механизмот кој на глобалното цивилно општество му овозможува да биде вистински алтернативен извор на решенија за глобалните проблеми - тоа е механизмот на паралелни

---

[13] Ибид.

[14] види Сен, Амартја. *„Развоја као Слобода„*. Београд, Филип Вишњиќ, 2002. стр.342. Амартја Сен ја деконструира оваа логика на замена на втората генерација на човекови права за сметка на политичките и граѓански слободи во случајот на Југоисточна Азија. Суштината на неговиот аргумент е дека пролиферацијата на поголем степен на политички и граѓански слободи и права нема да ги загрози економските перформанси на овие земји. Зад оваа негативна размена се крие, всушност, демагогија на владејачкиот режим кој на овој начин не е загрозен од политичка опозиција.

самити. Иако датира уште од појавата на Лигата на народите, појавата на паралелни самити доживува вистински процут од седумдесеттите години на минатиот век, па до денес.[15] За големата важност зборува и фактот дека темите со кои цивилното општество се преокупира на овие самити, се истите оние теми кои главните актери на глобализирачкиот процес ги детерминираат како одреден политички курс што треба да се следи. За прашањата на економскиот развој, социјалната правда, човековите права, демилитаризацијата, човековата околина, сиромаштијата[16] и така натаму, глобалното цивилно општество нуди алтернативни, похумани решенија. Дали другата страна на овој процес ќе има слух за овие алтернативни решенија, останува да се види.

## Социјалната мобилност и културниот контекст

Ако политичката и економската сфера се најуочливите области каде глобализацијата рапидно делува во правец на нивна трансформација, сферата на социјална мобилност е можеби помалку забележлива во своето видоизменување, но секако е погодена. Излишно е да е забележи дека промената во оваа сфера е глобална, иако стратификацијата на социјално мобилните и социјално не-мобилните е највидлива во рамките на секоја држава. Ова е феноменот кој Бауман накратко го нарече „туристи и вагабонти“[17] сакајќи да отслика ситуација каде на еден мал дел од населението му е овозможено непречено освојување на глобалниот простор за сметка на една поголема светска популација на која имобилитетот им е детерминиран како константна социјална улога. Како последица на економското раслојување, но и како резултат на компресијата време-простор, оваа поделба има за цел да укаже на создавањето на една светска мобилна елита за сметка на глобалната статична популација, чија социјална мобилност е евентуална само под притисокот на неповолните услови за живот и потрага по подобри.

Туристите, како што Бауман ги нарекува социјално мобилните, се онаа групација на луѓе која по природата на својата професија, но уште почесто по природата на својата перцепција на светот, се постојано во движење. Тие го освојуваат просторот и се движат низ него поради тоа што „го разбираат светот во рамките на својот глобален досег како привлечен“[18]. За нив нема граници и пречки. Тие се оние кои сакаат да се движат, оние кои имаат зелено светло тоа да го прават. Од друга страна, вагабонтите (статичните) се луѓето на кои овој избор не им стои на располагање. Тие се приморани да останат во рамките на своите локални средини, служејќи како услужен сектор за задоволување на потребите на туристите. Вагабонтите се луѓе чија судбина е да останат на едно место и кои се придвижуваат само под притисок на социјалната средина, која не им нуди

[15] За сферите кои се предмет на интересирање на глобалното цивилно општество, како и за порастот на динамиката на паралелните самити види Pianta, Mario. *„Parallel Summits of Global Civil Society“*. стр.181. на www.lse.ac.uk/Depts/global/Yearbook/PDF/PDF2002/GCS2002%20summits.pdf.

[16] Bauman, Zygmunt. 1998. стр.77.

[17] Ибид. стр.92.

[18] Ибид.стр.93.

повеќе поволни услови за задоволување на егзистенцијалните потреби. Додека туристите патуваат поради тоа што сакаат, вагабонтите патуваат поради тоа што мораат. Туристите го живеат животот, а вагабонтите гледаат како тој поминува покрај нив. За ова е виновна глобализацијата, но во една поинаква смисла. Социјалната (не) мобилност не е директно предизвикана од неа. Поточно е да се рече дека „широката, загрижувачка поларизација на светот и неговата популација не е екстерна, страна, вознемирувачка (...) опструкција на процесот на глобализација - таа е нејзина последица (ефект м.з.)".[19] Нејзин нуспродукт - едни ги промовира во светски патници, а останатите ги осудува на борба за елементарна егзистенција.

Оваа брза размена на човечки потенцијали, но и рапидниот комуникациски прогрес, ѝ овозможи на глобализаијата да допре и до културната сфера. Диктирањето на глобалните културни трендови содржи во себе најмалку две дебати; прво кој ги диктира глобалните културни обрасци; и второ дали е возможно тие обрасци да бидат подеднакво применети секаде (дали се воопшто применливи секаде)? Што се однесува до одговорот на првото прашање, повеќе од јасно е дека САД, и воопшто западниот свет најмногу бенифицираат од процесот на културната глобализација, наметнувајќи ги своите културни матрици. Иако процесот е взаемен (земете го примерот на процутот на кинеската култура, или латино влијанието во рамките на САД) се чини дека глобалниот нео-либерален поредок наметнува „транснационален капитализам (...) проектиран кон (...) капиталистичка монокултура"[20]. Културата на консумеризмот и масовната потрошувачка, во комбинација со силната мас-медиумска поддршка и потрошувачка пропаганда, создава атмосфера базирана многу повеќе на принципот „I want" отколку на принципот „I should". Иако ревивализмот на локалното во рамките на антиподот на глобализацијата, наречен „глокализација", многу често се обидува да даде отпор на оваа масовна културна хегемонија, глобализациските процеси се безмилосни во освојувањето на националниот културен простор.

Погледнато, пак, од еден друг агол, судирот кој се јавува помеѓу глобалното и локалното создава сосема ново поле каде глобализацијата ги дефинира своите несовршености. Призмата низ која западниот свет ги гледа нештата во рамките на своите културни граници, многу често не е прифатена подеднакво од страна на источниот свет. Како што покажа и Виенската конференција за човекови права во 1993 година, азиското сфаќање на концептот на една карактеристично глобална тема, каква што се човековите права, воопшто не кореспондира со она на Западот. Иако, можеби во голема мера се базира на латентна автократска апологетика, ова неслагање е само една од сферите каде во иднина ќе се кршат копјата околу прифаќањето на глобалните стандарди. Ако човековите права се чинат комплицувана тема, што е, на пример, со обидите да се прифатат универзални стан-

[19] Tomlinson, John. *„Globalization and Culture„*. Cambridge, Polity Press, 1999. стр.81.

дарди околу теми какви што се абортусот, клонирањето, сексуалната ориентација или, пак, социјалната правда? Нивниот исход е непредвидлив во најмала рака.

* * *

Ако се направи темелен пресек на процесот на глобализација, ќе се дојде до заклучок дека таа не може да се дефинира како еднонасочен и интегриран дискурс на настани и збиднувања. Процесот на глобализација е со сигурност најпроблематичниот за дефинирање, со оглед дека е мошне тешко да се постави јасна граница помеѓу причините и последиците за овој процес од една страна, и манифестациите и развојните фази од друга. Во универзалниот глобализирачки „галиматијас“ едно е сепак сигурно - дека ниту една социјална сфера не е имуна на трансформациите кои глобализацијата ги носи со себе. Дека политичката и економската сфера се најдлабоко зафатени е повеќе од очигледен факт, но ни останатите сфери на општественото живеење не се заобиколени, посебно ако се има предвид дека политичкиот и економскиот образец повеќе или помалку ги диктираат останатите. Што се јавува како продукт на оваа глобална интеракција е многу помалку важно од тоа што се јавува како нејзин нуспродукт. Како и да е, дали и како светската констелација на политички, економски, културни и социјални односи ќе се справи со глобализацијата е прашање на кое веројатно во овој момент само времето може да одговори.

**Библиорафија**


Bauman, Zygmunt. *„Globalization: the Human Consequences“.* Cambridge, Polity Press, 1998.

Chambers Simone. *„A Critical Theory of Civil Society“* во Chambers, Simone and Kymlicka Will. *„Alternative Conceptions of Civil Society“.* Princeton, Princeton University Press, 2002.

Chomsky, Noam. *„Profit Over People: Neo-liberalism and Global Order“.* New York, Seven Stories Press, 1999.

Хелд, Дејвид. *„Демократија и Глобални Поредак“.* Београд, Филип Вишњиќ, 1997.

Milward, Alan S and Sorensen, Vibeke. *„Interdependence or Integration: A National Choice“* во Milward, Alan S.; Lynch, M.B. Frances; Romero, Federico; Ranieri, Ruggero and Sorensen, Vibeke. *„The Frontier of National Sovereignty: History and Theory 1945-1992“.* New York, Routledge, 1994.

Pianta, Mario. *„Parallel Summits of Global Civil Society“*. на www.lse.ac.uk/Depts/global/Yearbook/PDF/PDF2002/GCS2002%20summits.pdf.

Robertson, Roland. „Globalization“. во Baynon and Dunkerlee. „General Introduction“. Bologna and Sarajevo, European Regional Master’s Degree in Democracy and Human Rights in SEE First Cluster Reader „Philosophy and Antropology of Human Rights„, 2002/2003.

Сен, Амартја. *„Развоја као Слобода„.* Београд, Филип Вишњиќ, 2002.

Tomlinson, John. *„Globalization and Culture„*. Cambridge, Polity Press, 1999.

# Хабитат (населени области) - обврска и предизвик

Петер Гец

Развојот на населбите, соодветното обезбедување на станбениот простор и учеството на луѓето во градските, општинските и регионалните управи, со потенцијал за развој, се од одлучувачко значење за континуираниот развој на иднината. Со цел да го нагласи ова, Генералното собрание на ОН во 1996 година, го прогласи секој прв понеделник во октомври за светски ден на хабитат (населените области).

## Глобализација / Конференција за населените области одржана во Истанбул како задача на земјите-членки на Обединетите нации

Во зависност од тоа дали и како процесот на градење на градовите на ниво на цел свет ќе успее да се насочи во еден постојан правец, ќе зависи квалитетот на условите за живот на човештвото. Во градовите има концентрација на производство на материјални добра, потрошувачка на енергија, конзумирање, како и понуда на превозни средства. Кои се шансите за траен развој на глобалната политика и иднината на човештвото се одлучува во градовите. И не само тоа: градовите и општините ја отсликуваат состојбата на општеството. Таму се одлучува за нашата иднина: градот како авангарда.

Живееме во свет на промени: глобализацијата на политиката, на економијата, на трговијата и на културата се забрзува. Глобализираниот свет предизвикува стравови и сомнежи. Како да се задржи националниот и културен идентитет? Глобализацијата мора да се сфати како шанса и обврска, за да се создадат концепти со заедничка одговорност за утрешниот свет.

Конференциите на Обединетите нации за сеопфатен траен развој се изразит доказ за овој реален оптимизам за иднината. Тука се вбројуваат: Втората конференција за населените области одржана во Истанбул во 1996 година и посебната средба на Генералното собрание на Обединетите нации на тема Развојот на населбите, одржана во 1997 година.

Конференцијата во Истанбул беше значаен настан. Целите за траен развој на градовите кои таму беа утврдени, се потврдија во Агендата на населените области и во Изјавата од Истанбул. Тие предвидуваат, пред сè: соодветен станбен простор за секого и траен развој на населбите во еден свет, кој сè повеќе добива обележје на град што се развива и расте.

Основата за живот може да се обезбеди, долгорочно гледано, само доколку во рамки на една светска стратегија, се земе предвид взаем-

ната зависност на економските, социјалните и еколошките аспекти. Индустриските земји, земјите во развој со релативно добро развиена индустрија и земјите во развој носат подеднакво иста одговорност за иднината на светот.

Целите на населените области не се само празни визии, туку се, пред сè потреби. Ним им се потребни „возни редови", на кои сите мора да се придржуваат. За да стане реалност трајниот развој потребни се енергични заеднички напори на сите членови на општеството. Централизираните влади не можат да ги решат станбените проблеми и другите проблеми во населбите. Во сиромашните земји градовите и општините не можат сами да го сторат тоа.

Надминатите стратегии што ги ставаат на преден план државното планирање и дејствување оставаат многу малку простор за локалната самоуправа и работоспособната сила што доаѓа „од долу". Тие мора да отстапат пред концептите што ја засилуваат самоиницијативата; партнерството на градовите со приватниот сектор е под знак прашалник. Создавањето на соодветни услови мора да биде централна тема: задоволителни финансиски средства, јакнење на локалната самоуправа, делегирање на надлежностите на пониските структури и право на планирање.

Процесот „follow-up" на населените области и Локалната агенда 21. што беа донесени на Светската конференција на ОН за околина и развој во 1992 година во Рио де Женеиро имаат исто така одлучувачка улога за создавање на мирот. Само таму каде што поединецот може да живее во услови достојни за него, конфликтите за поделба и неопходност ја губат својата агресивност. Тоа претставува важна основа за мироѓубив соживот.

Веќе подолго време вредностите какви што се демократијата, слободата, солидарноста, еднаквите шанси за сите, самоопределбата и човековото достоинство не се подразбираат сами по себе. А, истовремено тие се неопходни за обезбедување на мирот во глобализираниот свет.

## Развој на градовите / Проблеми на метрополите

Во центар на вниманието мора да е развојот на градовите. Сè повеќе луѓе мигрираат во градовите. Во нив тие се надеваат на подобри услови за живот, на работа и на благосостојба. Во Европа и Северна Америка проблемите се натрупуваат во внатрешноста на градовите. Тие ги губат функциите во предградијата. Внатрешната опустошеност на градовите со социјални жаришта стои наспроти проблемот на отселување од селата со глобални разрушувачки еколошки последици.

Индустриските земји мора да ги засилат своите напори со нивниот енергичен интензивен животен стил, со нивните населби што имаат потреба од простор и со грабањето простор од природните ресурси кои се сè уште во подем. Тие мора да ја искористат својата компетентност за да создадат еколошки развој на населбите.

Големите градови во земјите во развој и во земјите со поразвиена

индустрија станаа кошмар за развојот на населбите. Во нив мора успешно да се прекинат кругот на сиромаштијата, на гладта, на корупцијата, да се задоволи потребата за живеалишта, да се подобрат недоволно обезбедените и опремените услови за образование и работа, тажната инфраструктура, условите за хигиена и здравје. Доколку не се решат социјалните, еколошките и економските проблеми, ќе има пораст на социјалните немири, на насилството, на криминалот, на непочитувањето на човековите права, на револтот и на граѓанските војни. Овие проблеми пристигнуваат и во индустриските земји преку зголемената миграција.

## Двете страни на медалот

За нашата иднина е важно глобализацијата и регионализацијата да се гледаат како две страни на медалот. Нашиот свет е една целина чијшто проблеми може само заедно да ги решиме. Патот кој води до решавање на проблемите е во довербата во малите единици. Оттука, мора да се работи на засилување на локалната самоуправа. Децентрализацијата го прави нашето општество подготвено за иднината. Таа ја засилува демократијата.

## Заклучок

Светскиот ден на населените области служи како сигнал и опомена. Ниту една добронамерна резолуција или конференција не може да го замени политичкото дејствување. Важно е на национално и на локално ниво практично да се спроведат заклучоците од Агендата на населените области. Тоа е заложба за одговорно планирање на животниот простор. Тука се вбројуваат борбата против сиромаштијата, експлоатацијата, болестите и криминалот. Градовите и општините се актерите. Само преку стабилна локална самоуправа со силна финансиска автономија може да се одговори на бројните задачи. Ова, пред сè, важи за големите градовите, но не само за нив. Со нив денес речиси и да не може да се владее. Кошмарот ќе ги зафати и привилегираните доколку не дејствуваме решително.

И во градовите од Првиот свет видливи се тенденции на опустошување и запуштање. Темата населени области се однесува на сите нас.

„Global Parliamentarians on HABITAT", меѓународно здружение на парламентарци што делува на ниво на цел свет си постави задача, во тесна соработка со Обединетите нации, да го зајакне локалното ниво во корист на траен развој на градовите и населбите, со сите аспекти што овде припаѓаат, и да влијае на своето национално законодавство.

Темите за населените области никогаш не престануваат да бидат модерни, тие секогаш остануваат на дневниот ред. Денес и во иднина повеќе од кога и да е.

# Глобализацијата и локалната самоуправа - Силни заедници во еден глобален свет

Андерас Клајн

„Глобализацијата за нашите национални економии е она што за физиката е земјината тежа. Не можете да бидете за или против законот на земјината тежа - морате со неа да живеете“.

***Ален Менк, француски економист***

Веќе стотици години економските интереси, впрочем како и пронаоѓачкиот и истражувачкиот дух, го фаворизираат феноменот на глобализацијата. Глобализацијата е резултат на човековото дејствување, таа е резултат на мисионерите и патниците околу светот, на конквистадорите и претприемачите, на финансиските стратези како Џорџ Сорос и на беспомошните помагачи како Мајка Тереза. Таа е резултат на пронаоѓањето на микропроцесорот, на интернетот, на телевизиските сателити и на CNN. Глобализацијата е дел од напредокот и како таква, општо гледано, не е ниту добра ниту лоша. За тоа какво влијание глобализацијата ќе има врз народите во секое време одлучуваат политичките рамковни услови.

Значи феноменот на глобализацијата во принцип не е нов. Но, сепак поимот „глобализација“ маркира нова ера во историјата на човештвото. Средбата на досега невидената политичка и економска слобода со едно револуционерно темпо на научен и технички развој ја менува политичката агенда насекаде низ светот. Мошне широкиот финансиски промет и либерализираната светска трговија создаваат досега невидени испреплетувања во економски, социјален, културен и политички поглед. Вистина, токму економијата изнајде одговори на овие развојни процеси преку зголемената интернационалност и созреаните инструменти за координација, но мора да се има предвид и тоа дека феноменот глобализација не може доволно да се опише само со економските процеси. Глобализацијата има и една, сè уште премногу потценувана, културна димензија. Ако на хартијата ѝ беа потребни 1.200 години за да тргне на победоносниот поход околу светот, ние денес, врз основа на новите технички и логистички можности, бележиме досега невидена брзина, директност и сеопшта опфатеност. Денешниот феномен на глобализацијата не ги опфаќа само елитите, тој го опфаќа целокупното човештво во сите земји и култури. Затоа е разбирливо што во сите делови на светот луѓето реагираат со несигурност, или дури се чувствуваат загрозени, па и нападнати, во поглед на своето

потекло, идентитет, култура или религија. Да се игнорира овој развоен процес би значело да се засили како опасноста од радикалното одбивање на глобализацијата, така и опасноста од експлозивните кризни жаришта.

Затоа на процесите на глобализација им е потребно подредување одозгора. Кога политиката во походот на глобализација би им се потчинила на божемните објективни ограничувања и на наводните економски нужности, тоа би значело дека се поведува по моменталните развојни тенденции. Тогаш би ја загубила способноста за раководење, а како последица од ова и кредибилитетот и легитимноста. Затоа ни треба политика која гледа понапред и е одговорна, политика која доследно ќе се посвети на својата суштинска задача: создавањето рамковни услови изведени од нејзиното разбирање на вредностите: на национално, регионално и меѓународно ниво. Ова неминовно изискува меѓународно и меѓукултурно спогодување за основните елементи на еден заеднички етос. За да се обезбеди праведен правен и економски поредок неопходни ни се силна држава, односно силни меѓународни институции, кои ќе ги постават и спроведат нужните правила на игра.

## Според какви правила на игра ќе играме?

Јас пледирам за тоа културите да имаат право на опстанок и на заштита.  Од друга страна, тие не се свети и често содржат елементи кои гледани од подоцнежен аспект се неприфатливи: палењата на вештерки на клада и измачувањата, составни делови на средновековната култура, се добри примери за ова. Истото важи за крвната одмазда, казните со сакатење на телото, каменувањето. Затоа заштитата на културите не смее да биде пренаменета во паушално простување на неприфатливите состојби и неправилниот развој во поединечни култури. Човековите права важат универзално. Од ова барање не смееме да се откажеме, дури и кога некои ќе се обидат да нè убедат дека тоа било западен културен империјализам.

Во придржувањето кон сопствените вредности спаѓа и тоа да се разговара за тие вредности и мирољубиво да се убедат и другите да ги прифатат. И ова некои се обидуваат да го первертираат и притоа ја заменуваат толеранцијата при комуникацијата со луѓе од друга вера, или со поинакво мислење со произволност во вредностите. Целта мора да биде да се фаворизираат човековите права, правната држава, демократијата и социјалното пазарно стопанство во целиот свет, за да се овозможи на тој начин слобода и правда, самоопределување и благосостојба за сите луѓе.

## Социјалното пазарно стопанство - економски и општествен поредок на еден глобализиран свет

Политичките убедувања се шират, благодарејќи на мас-медиумите, многу побрзо од кога и да било во минатото. Дури и Садам Хусеин даде да се одржат избори за барем

навидум да го легитимира својот режим. „Западните вредности“ значи, барем во однос на реториката, го освоија светот. Но, не се само вредностите на триумфален поход низ светот, и знаењето стана глобално достапно - како корисното, така и опасното. Така очигледно е можно нужниот „know how“ за конструирање на атомска бомба да се симне од интернет. Компјутерските вируси, како и „вистинските“ вируси, можат да се прошират за најкусо можно време и да нанесат штети од навистина глобални размери.

Значи очигледно е дека глобализацијата крие шанси и ризици. Сè зависи од тоа дали ќе се исползуваат предностите и ќе се ограничат ризиците. Со разумен, социјално урамнотежен, поредок може да се влијае врз глобализацијата. Порастот, но оној еколошки и траен пораст, е без сомнение најбитниот придонес за добра иднина и за подемот на правдата во еден глобален свет. Но, не смееме да занемариме еден централен елемент на глобалната рамка на политички поредок - социјалната рамнотежа. Траен мир може да има само онаму каде што владее и правдата.

Преку социјалното пазарно стопанство демохристијанството располага со концепт на поредок што ги поврзува економската динамика со социјалната рамнотежа. Социјалното пазарно стопанство е според својата суштина економски и општествен поредок кој во средиштето го става поединецот. Неговата цел е сите луѓе да можат да се реализираат според сопствените способности. Социјалното пазарно стопанство бара фер шанси за сите, независно од социјалното потекло, возраста или полот. „Секој ни е потребен, не смееме никого да загубиме“. Ова е етиката на социјалното пазарно стопанство.

## Јакнење и заштита на малите заедници

На политиката, која се залага за поединецот, секогаш ѝ се потребни инструменти блиски до основата. „Фер шанси за сите“ не може да биде глобално препишано. Без двоумење меѓународната политика се здобива со сè поголемо значење и без двоумење ни е потребна глобална дебата за најниски норми и стандарди, кои важат за целиот свет. Меѓутоа ова разбирање не ги ослободува заедниците, регионите или нациите од нивната одговорност. Напротив: делотворни одговори на глобализацијата се по правило локални. Од социјалното католичко учење потекнува мислата: „Она што може да биде постигнато во селото, во месната заедница, не треба да биде препуштено на големите јавни општествени заедници, државите; тоа што може да биде завршено во потесниот круг на семејството, не треба да излезе во јавноста; тоа што човек може сам да го стори, не треба да претставува товар за другите“.

Оваа основна мисла е завршен збор за едно силно општество и за држава сконцентрирана на нејзините основни задачи. Во рамките на државната организација предничи јакнењето на административното ниво. Севкупно станува збор за намалување на задачите на државата со цел да се избегне пренагласеното подредување. Сепак, демо-

кратската децентрализација нема за цел да ја слабее државата. Многу повеќе, токму од овој процес таа треба да излезе зајакната, со тоа што нејзините функции ќе бидат сконцентрирани на задачите, кои ќе може успешно да ги прифати. Затоа што онаму каде државата ги презема помалите обврски, кои можат подобро да бидат решени од страна на помалите заедници, таа ја кочи сопствената иницијатива и учеството.

Луѓето сакаат - можеби поинаку отколку досега - да одлучуваат што прави локалната самоуправа, сакаат да ја преземат и да ја споделат одговорноста за сè што се случува во нивната средина. За ова мора да бидат ставени на располагање и соодветните ресурси и средства. Пакетот закони поврзани со локалната самоуправа, на кој во моментов во Република Македонија сè уште се работи, ќе ги постави вистинските столбови, за општините во Република Македонија да можат сигурно да се соочат со глобализацијата. Луѓето - во тоа длабоко верувам - се подготвени и волни, да се ангажираат потполно и да ги дадат потребните жртви, кога се работи за целта, разрешување на нивните проблеми и задоволување на основните потреби. Општините нема да бидат само поставени на нова економска основа, туку и чувството за одговорност кон работната и животната средина кај луѓето позитивно ќе се развие, бидејќи истите ќе зависат директно од нивните одлуки и дејствување. Корупцијата се шири онаму, каде луѓето немаат развиено емоционална врска со заедницата, и не се свесни дека преку своето однесување ѝ скратуваат дел од егзистенцијалната основа на заедницата. Онаму каде што духот на локалната самоуправа ќе фати чекор, автоматски ќе се развие демократска управа, која ќе биде од полза за локалното население, како и за земјата општо. Вкупниот потенцијал на една заедница може да излезе на виделина и да биде искористен за сопствениот развој само тогаш, кога ќе ѝ се даде можност на заедницата да делува независно.

Сепак, не може да се скрие фактот дека многу луѓе несомнено имаат страв од одговорноста, која со себе ја носи новата слобода, имаат страв од промените, кои со себе ги носи иднината, страв за сопственото место во животот.

Токму поради зголемувањето на несигурноста од огромно значење за малите заедници како семејството, татковината, па и на нацијата се ориентацијата, идентитетот и држењето. Се работи за јакнење на идентитетот и истовремено подготвување на луѓето за глобализацијата. Тоа од своја страна изискува јакнење и заштита на малите заедници. Тие, пак, не треба да се отцепат, туку треба да се постават во отворениот свет на соработка и културен дијалог.

Европа би можела во овој дијалог да има значајна улога. Таа може, црпејќи од сопствените културни и историски искуства, да даде значајни импулси. Укотвувањето на принципот на социјална одговорност е притоа еднакво важен како и искуството на супсидијаритетот, пренесувањето на суверенитетот на поголеми заедници, како и меѓусебниот однос на различните култури.

# Глобализација и социјална правда

Нјонгонкулу Ндунгане

Говор на надбискупот Нјонгонкулу Ндунгане, на 10. декември 2002 година

Кога размислувам за феноменот на глобализацијата, ми текнува на најразлични слики. Една од нив е слика на многу силна струја, која носи сè што се наоѓа долж нејзиниот тек. Друга слика е на бучна и непријателски настроена правосмукалка, која всисува сè што се наоѓа на нејзиниот пат, оставајќи зад себе празна патека. Овие две слики може да се сметаат или за многу бенигни, или како ужасно малигни. За оние кои се возат на врвот на бранот на глобализацијата процесот е доста бениген, додека за оние кои се всисуваат во текот на процесот, тој е малиген.

Една од моќните манифестации на глобализацијата е нејзината пазарно условена и технолошки стимулирана динамика. Главните карактеристики во оваа сфера вклучуваат креативна динамика на пронаоѓање и претприемничко преземање на ризици – што е доста возбудливо – и кршење на старите, почитувани традиции кога тие ќе се испречат на патот.

Постојат барем пет главни меѓусебно поврзани, но засебни процеси кои се наоѓаат во рамките на концептот на глобализацијата. Во текот на изминатата деценија се случи:

- Револуција во информациската и комуникациската технологија;
- Масовна дерегулација во начинот на кој е дозволен протокот на парите низ светот;
- Сѝ поголема меѓусебно зависна и интегрирана дистрибуција на добрата низ светот;
- Значајна експанзија на трговијата и, конечно
- Континуиран пораст на важноста на големите мултинационални компании.

Иако овие процеси се одраз на човековиот напредок и се неповратни, сепак постојат три препознатливи елементи кои се причина за загриженост:

1. Моќните и богатите го формираат карактерот, приоритетите и вредностите на светскиот поредок кој исплива на површината. Глобалниот слободен пазарен економски систем базиран на немилосрдната конкуренција, ефикасност и продуктивност е, пречесто, на штета на сѝ поголемиот непривилегиран сектор. Ова создава проблеми кои, долгорочно, ќе се заканат на светскиот поредок и економијата;

2. Во процесот се појавува единствен, профитабилен пазар, кој сѐ повеќе е местото на вжештено натпреварување. Со други зборови кажано, процесите на глобализација драматично го зголемуваат дометот и длабочината на меѓународната политичка економија. Во процесот, многу посиромашни земји сѐ подлабоко навлегуваат во глобалниот економски систем, но условите за влез се диктираат од страна на богатите и се во нивна корист. Другите се соочуваат со феноменот на исклучување од економската активност;

3. Меѓународните пазари сѐ повеќе ја фаворизираат економијата на градација и колективен капацитет. Учесниците кои го поседуваат најголемиот капацитет – оние кои можат веднаш да мобилизираат големи ресурси и/или да координираат економска стратегија преку цел еден опсег на области – на крајот ќе бидат единствените кои ќе можат да се натпреваруваат. Според тоа, просперитетните региони настојуваат да воспостават поголема сеопшто распространета политичка и економска меѓусебна врска и интеграција, а сиромашните региони сѐ повеќе не можат да го држат чекорот.

Комбинирани, овие три карактеристики резултираат со симултана интеграција, но, исто така, и со потчинетост на сиромашните земји во меѓународната политичка економија. Во зората на Новата ера постојат сериозни прашања околку тоа дали земјите во развој ќе можат да ги преживеат овие процеси. Сиромашните земји и региони во светот се соочуваат со опасноста од перманентна маргинализација. Економски, тие постојано ќе бидат „конкурентно надиграни“ на меѓународните пазари од страна на богатите и моќните.

Глобалната рецесија и општата депресија на меѓународните пазари за основни извозни производи продолжува да го загушува извозно ориентираниот промотор за развој на повеќето земји во развој. Тие се присилени да ги прифатат влошените услови на трговија, поради стравот од комплетна исклученост од меѓународната економска активност. За богатите, континентите како Африка и понатаму се извор на нафта и ретки необновливи ресурси.

Едноставно кажано, во Новата ера сиромашните се соочуваат со опасноста да бидат означени како вечно неважни.

Најголемиот број на нации во развој се наоѓаат притиснати помеѓу Ѓаволот и длабокото сино море, без друг избор освен постојано да го влечат Ѓаволот за неговата опашка. Таквите нации имаат, од една страна, внатрешни проблеми со кои треба да се справуваат, а од друга страна, незапирлив процес на глобализација кој ги влошува таквите проблеми. Накратко, овие нации подготвени за економска борба мораат да се соочат со две непријателски сили, едната внатрешна, а другата надворешна.

## Влијанијата на глобализацијата – случајот на Јужна Африка

Предлагам да се фокусираме на Јужна Африка и да укажеме на

ограничувањата кои глобализацијата ги наметна на политичките опции на нашата влада и луѓе.

Прво, нашата индустрија – длабоко неефикасна како резултат на ограничувањата за време на апартхејдот – одеднаш беше присилена да се натпреварува на меѓународно ниво, откако нашите тарифни бариери паднаа како кула од карти. Нашата индустрија за облека и обувки беше, на пример, десеткувана. Во изминатите седум години изгубивме еден милион работни места, и тоа кога невработеноста веќе беше нашиот најголем проблем.

Второ, во обид да привлечеме странски капитал, во голема мера ја отворивме нашата размена, дозволувајќи нашиот сопствен капитал да најде подобар поврат на инвестициите на други места. Не е за изненадување што повеќе пари ја напуштија земјата, отколку што влегоа во неа.

Трето, прераспределбата на приходи – обидот за затворање на празнината помеѓу богатите и сиромашните, создадена од апартхејдот – не се случи. Вистина е дека се разви нова успешна црна средна класа, како што и би се очекувало кога ќе паднат стегите – но празнината помеѓу богатите и сиромашните од сите раси стана поголема. Нашите сиромашни луѓе се уште посиромашни, нашите богати луѓе се уште побогати. Ние не сме единствени со ваква ситуација. Слободниот глобален пазар даде слични ефекти на меѓународно ниво. А процесот изгледа незапирлив.

×етврто, се продлабочија ограничувањата во рамките на кои владата мора да работи. Африканскиот национален конгрес, како движење, е поставен врз основите на егалитарната традиција, делумно марксистичка, делумно социјал-демократска. Ако се суди според неговите предослободителни аспирации, тој би се стремел кон создавање на општество во кое прераспределбата на приходи е sine qua non. И, навистина, првото олицетворение на владината економска политика – Програмата за реконструкција и развој, или РДП – во својата основа го имаше елеминирањето на сиромаштијата и прераспределбата на богатството во земјата. РДП беше отпочната со ентузијастичка поддршка на најголемиот број Јужноафриканци, вклучително и синдикатите и граѓанското општество.

Всушност, РДП беше заменета со политиката на растеж, ополномоштување и реконструкција (ГЕАР). Таа за своја појдовна точка ја зема потребата на Јужна Африка за растеж преку привлекување на директни странски инвестиции, преку охрабрување на извозот и преку ограничување на регулаторната улога на владата. Оттогаш владата мораше да ја прилагодува целата своја политика според целта за привлекување на капитал од странство. Ова пресудно го ограничи она што владата можеше да го направи во редистрибутивната политика. Таа дури се заканува да ги поткопа законите за трудот, кои беа ставени во сила за да се промовираат соодветни стандарди за вработување.

Во водечката улога, во рамките на контекстот на нашата историја, нашата влада претрпе други ограни-

чувања. Јавната служба под апартхејдот, вклучително полицијата и одбранбените сили, во никој случај не беа во служба на јавноста. Таа беше регрутирана и тренирана да ја поддржува Белата држава. Таа имаше низок морал и беше корумпирана и неефикасна. Нејзините најдобри луѓе, во најголем дел, си заминаа кога им беа понудени големи пакети според предослободителните договори. Затоа, таа требаше да биде повторно изградена од многу слаба основа. Таа мораше да биде регрутирана од популација со ниска самодоверба – една од најлошите манифестации на расизмот – и со огромни недостатоци во смисла на образованието и искуството. Тоа е огромна работа, и историјата покажува дека ова не може да се направи преку ноќ.

И покрај тоа, владата усвои некои екстензивни нови мерки во рамките на многу амбициозната нова политика. Некои беа неуспешни, поради тоа што јавната служба не беше подготвена.

Така, иако видовме одреден напредок во сместувањето, снабдувањето со електрична енергија и вода и друга инфраструктура, темпото е бавно. Корупцијата продолжи – и во некои случаи се интензивираше. Направени се грешки од страна на водството. Но, треба да се истакне поентата – повторно историјата – дека ниедна влада, колку и да е искусна и чесна, не може да ги создаде условите кои сите ние ги бараме. Кога АНЦ прв пат дојде на власт, ако кој било навестеше дека тие досега ќе ги решеа проблемите на криминалот и корупцијата, огромните нееднаквости и невработеноста што потекнуваат од апартхејдот, тие ќе се сметаа за бесмислени.

Во преиспитувањето на глобализацијата и нејзините ефекти врз светската заедница, мораме да се присетиме на главните светски религии, кои влијаат на нашето морално однесување, постојано нѝ потсетуваат на дигнитетот и внатрешната вредност на секое индивидуално човечко битие. Постои сознанието дека луѓето се создадени според ликот на Господ. Постои една рабинова изрека дека: „Пред секој човек чекори ангел кој изјавува: Направете пат, направете пат за ликот на Господ“. Оваа единствена особина на нашата хуманост имплицира дека не треба кон другите луѓе да се однесуваме арбитрарно и на експлоататорски начин. Она што го афирмира е дека луѓето ја држат иднината во своите раце, и дека треба да делуваат со огромен степен на етички и морални стандарди базирани на меѓусебната грижа и почит еден за друг и за целокупното создадено уредување.

Главните светски религии, исто така, сметаат дека Господ не е само создавачот, туку и авторот на сиот живот. Тој ги обезбедил ресурсите на земјата за благосостојбата на создаденото уредување и продолжува тоа да го прави. Од ова следи дека нашиот Создавач е гостољубиво божествено битие. Тој бара и ние да бидеме гостољубиви, да покажуваме љубов и толеранција еден кон друг. За ова е неопходно, меѓу другото, подеднакво споделување на ресурсите кои Господ ни ги дал за наша благосостојба, како и да учествуваме како рамноправни

партнери во процесите на донесување одлуки во целиот свет.

Оттаму следува дека во уредувањето на светските работи човековите вредности треба да имаат предност во однос на вредностите на парите. Луѓето мора да бидат земени предвид во процесот мотивиран од профитот.

## Етиката во политиката и економијата

За да се одржи светот, потребен ни е нов вид на наука и технологија, а со ова треба да управува нов вид на економија и политика, со цврста морална основа. Етиката треба да биде пред политиката, економијата и правото, бидејќи политичкото делување зависи од вредностите и изборите. Затоа, етиката мора да го информира и инспирира политичкото водство да ги исполни нашите обврски како луѓе за благосостојбата на другите и на нашата земја.

Замислете свет во кој постои друг економски систем различен од оној што постои денес. Свет каде профитот не се прави само со фокусирање на парични надоместоци, без да се земаат предвид кои било негативни ефекти врз работните места и животите. Свет во кој мултинационалните моќници економски се наградуваат, според систем кој го вреднува помагањето на другите исто толку колку што го вреднува и профитот. Балансиран и праведен глобален економски систем, каде фокусот е пренасочен кон значајно подобрување на животите на најголемиот можен број на луѓе. Потребна е мала фундаментална промена во нашето размислување за да започнеме движење, кое може да резултира со квалитет на живот, не само за неколкуте фаворизирани, туку за сите.

Сега е времето морално одговорните луѓе да го донесат на сцена новиот светски поредок. Ни требаат креативни, инвентивни и имагинативни умови да ја оформат иднината на светот чии главни карактеристики ќе бидат доброто владеење, праведноста и сеопштата благосостојба на сите. Во современиот свет економијата влијае не само на состојбата на светската економија, на каматните стапки, трговскиот биланс помеѓу нациите и други важни фискални прашања, туку и на економските перспективи на обичните луѓе.

## Важноста на граѓанското општество

Според мене, водството за мене и за црквата е во рамките на граѓанското општество. Ова е големото ново меѓународно, а сепак глобализирано, движење на новиот милениум. Моќта на економијата – глобалната бизнис заедница – е во некои аспекти поголема дури и од моќта на владите во сегашното уредување. Но, граѓанското општество е третата сила која треба да се земе предвид. Граѓанското општество е чуварот на нашите вредности, нашата култура, нашите аспирации како луѓе. Граѓанското општество ги создава условите во кои семејствата и заедниците функционираат – суштината на нашите реални животи како луѓе. Затоа, граѓанското општество треба да се ангажира заедно со владата и

бизнисот за да ги вметне овие аспекти на нашата хуманост при донесувањето на одлуки.

Во Јужна Африка – како што, верувам, и каде било на друго место – главната задача на граѓанското општество ќе биде да ги хуманизира економијата и политиката. Како христијанин знам дека свет во кој некои гладуваат, додека други ја фрлаат храната, во кој изобилието е приватно, а јавната сфера е презрена, е како да се фрлаат божјите дарови право назад во неговото лице. Предизвикот на сиромаштијата е исто толку голем, како и предизвикот на расизмот. И за сиромаштијата и за расизмот е потребно принципиелно отфрлање.

# Разговор со Умберто Паскалини

Марко Трошановски

Умберто Паскали е политички аналитичар кој работи во Америка. Пишувал за многу списанија што се занимаваат со политички прашања. Посебно место во неговата анализа заземаат теми за Балканот, Македонија и глобалната политика.

Сè поевидентен е отпорот кон процесот на глобализација. Каде ги лоцирате причините?

**Паскали:** Мислам дека треба да започнеме со проблемите што ги создаде глобализацијата за да разбереме зашто толку многу луѓе и се спротивставуваат. Пред сè, би сакал да напоменам дека постојат неколку видови на отпор кон глобализацијата. Најевидентен вид се милитаризираните насилни демонстрации, кон кои, впрочем, се приклонуваат голем број на млади луѓе и преку кои најчесто се идентификува отпорот кон глобализацијата. Морам да напоменам дека ова не е автентичен отпор бидејќи е злоупотребен и манипулиран со цел да се создаде впечаток дека луѓето кои се противат на глобализацијата се непресметливи, екстремни и агресивни. Така на некој начин антиглобализациското движење е дел од процесот на глобализација во смисла на тоа дека неговите негативни манифестации го легитимираат самиот процес. На тој начин, луѓето се соочуваат со избор помеѓу глобализацијата од една страна и насилството од друга. Нормално глобализацијата се чини многу порационална и целата идеја околу неа се чинеше, исто така, просперитетна. Тоа што го создава отпорот е начинот на кој глобализацијата се спроведе во последните 10-15 години, за што посоодветен термин по мое мислење е империјализација.

Умберто Паскали

Зошто? Затоа што овој збор беше присутен насекаде, по медиумите, разни дебати и натписи и стана модерен. Откако падна Советскиот Сојуз, англоамериканците започнаа да доминираат со светот и го претворија во една огромна робовладетелска плантажа од која собираа продукти. Овој неоимперијализам не е како британскиот во Индија. Сега сето тоа е во посуптилна форма, сега „не постојат" империи светот е „глобален".

Сепак не можат да се пренебрегнат позитивните ефекти од глобализацијата?

**Паскали**: Да, но проблемот е во начниот на кој се разбира глобализацијата. Вие можеби подразбирате едно, директорите на Светска банка друго, итн. На пример, од аспект на Македонија, постои потреба од економска интеграција со останатите земји од соседството и светот И, нормално луѓето веруваат дека тоа е глобализација. Во таа смисла се согласувам дека е позитивен процес. Секоја земја во светот на некој начин е поврзана со други земји, како систем на семејства во светското општество. Постојат социјални, политички, економски и културни врски меѓу државите кои би требало да работат за заедничко добро, развивајќи се взаемно. Земјите не можат да живеаат автархично (самодоволно). Тоа денес сликовито може да се претстави преку пиењето на „интернационално капучино". Цел свет соработувал за ова твое задоволство. Кафето е направено во Латинска Америка, чинијата во Словачка, лажицата во Кина, па се дистрибуира во Скопје. Ова е вистинска форма на глобализација, но мораме да бидеме внимателни околу употребата на зборот. Тоа е убав, привлечен збор, мислам, кој не би сакал да биде глобален. Сите би сакале да се во контакт со остатокот на светот, посебно земја како Македонија. Но, тие ти велат, ако сакаш да бидеш глобален твоите патики мораат да бидат „најк", ја промовираат Бритни Спирс, велат нашата вистина е универзална, итн. Целта е да се лишат државите од нивниот суверенитет и да се уништи нивниот интегритет, да се создаде „tabula raza„ врз која ќе се доминира во секој поглед. Таа доминција, се разбира, не е добра за земјата. Таа е уништувачка и разорна во секој поглед.

Кои се перспективите на глобалната економија?

**Паскали**: Повторно ќе започнам со истата поента. Отсекогаш постоела глобална економија. Уште во времето на Александар Македонски постоеле карвани, патот на свилата од Кина кон Италија, кон Западна Европа и обратно. Земјите не можат да опстојат изолирано, освен ако не се огромни, тоа е многу тешко и многу антиекономски. Значи, што претставува глобализацијата економски. Тоа е *макијадора* во Мексико, мала руинирана зграда без елементарни хигиенски услови каде луѓето работат 14 часа дневно, произведуваат текстилни производи, на пример. Потоа овие продукти произведени по некоја минимална, симболична цена се препродаваат во САД многукратно

поскапи. Исто е и во Индонезија, каде „најк“ патиките се произведуваат за 2 долара, а сите знаеме колку чинат во продавница. Ова е вистинската глобализација, експлоатација по моделот на концентрационен логор. Тоа не е слободен пазар туку пазар на робови. Силните стануваат сè посилни, а малите сè послаби.

Дали според ваше мислење постои алтернатива, можност за опоизициска политика?

**Паскали**: Да, постои алтернатива. Треба да се вратиме кон правична економија. Тоа подразбира дека богатството на нацијата не произлегува од деградација и експлоатирање, не произлегува од британските колонијални методи - купи евтино, продади скапо. Овој метод произведува богатство и благосостојба, но уништува цели области во светот. Благосостојбата би требало да произлезе од економскиот технолошки прогрес. На пример, Германија е богата земја не затоа што има евтина работна сила, туку затоа што има високо ниво на образование, и многу компании коишто произведуваат високо квалитетна технологија која е многу конкурентна. БМВ и Мерцедес не се добри коли затоа што тие експлоатираат луѓе на некој остров во Пацификот, туку затоа што ги плаќаат скапо своите вработени инженери, научници и работници. На тој начин вредноста додадена од умот и способностите на овие луѓе е толку висока што и покрај високите плати, компаниите сепак остваруваат профит. Значи добра глобализација претставува интеграција и соработка помеѓу суверени и независни нации кои ја едуцираат сопствената популација, кои се свесни дека најголемо богатство на секоја нација се нејзините човечки ресурси. Тие се нивното злато, нивните пари. Не го отфрлајте златото, и тогаш ќе имаме меѓународни односи и економски просперитет за взеамно добро, засновани на размена на производи на сè повисоко ниво.

Дали мислите дека на поимите на сувереност и нација им се заканува исчезнување?

**Паскали**: Да, тоа е точно. Со овој вид на глобализација т.е. империјализација тоа е вистина. Основата на овој процес е во забраната да се одбрани сопствениот народ. Идентично искуство имаше и Македонија пред 2 години. Секоја земја, која се обидува да ги брани сопствените интереси, сопствениот суверенитет, е обвинета за кршење на човековите права, вредностите на либерализмот и слободниот пазар. Со таа цел беше создаден и Трибуналот за воени злосторства.

Како еволуира надворешната политика на САД?

**Паскали**: Од овој аспект таа е многу нејасна. Сепак, многу опасна тенденција се разви по 11. септември. САД си дадоа за право да интервенираат секаде во светот каде што сметаат дека нивната безбедност е загрозена. Имајќи ја предвид супериорноста на нивната воена моќ, тоа би можело да биде разорно по светскиот поредок, но и

по нив самите. Ова беше советска политика  пред падот на источниот блок. Се плашам дека ова милитаристичка политика која САД ја води моментално нема да се смени, туку само ќе се трансформира  и маскира со плаштот на демократијата.

# Глобализациски амбис

Марко Трошановски

Централната тема во современиот глобалистички дискурс е определена од дистинкцијата глобализација-антиглобализација. На едната страна се наоѓаат апологетите на тековните општествено-политички и економски процеси, слободниот пазар, либерализмот, капитализмот итн. Нивните три главни аргуметни се материјалното изобилие и удобност, ефикасноста на либералниот политички систем и продолжување на просечниот животен век. Оние пак, што се на другата страна од оваа дебата полемизираат со сосема спротивни критички судови од горенаведените. Ова се дамнешни дебати, кои и како многу други се навидум бескрајни, но јас овде би сакал да допринесам во полза на оние кои тврдат дека постојниот систем ни од далеку не е добар, а уште помалку дека ќе се подобри во иднина.

Целта на секој дискурс е да се аргументира т.е. легитимитра веродостојно отсликувајќи ја реалноста. Легитимацијата, пак, е процес на убедување на луѓето дека постоечкиот систем (политички, вредносен, економски) е најдобар можен, односно систем чие функционирање ќе ја обезбеди и репродуцира нивната среќа. Аргументацијата (легитимацијата) на политичките поредоци уште од препородот на позитивизмот се темели на рациото, логиката, т.е. врз каузалноста. Сепак, постојат два аспекта на овој приод кои традиционално се пренебрегнуваат - содржинска и суштинска рационалност. Токму врз вториот, суштински аспект на рационалноста е конструирана антиглобализациската полемика. Со други зборови, целисходен увид е можен само преку анализа на составните делови на системот и импликациите од неговото функционирање во реалноста. Тука се битни три аспекти на сегашниот светски систем: економски, политички и општествен. Ниеден систем не е статичен и определен е од своите противречности. Нивното продлабочување го делегитимизира системот и на крајот доведува до негово пропаѓање. Современата тенденција се движи токму во оваа насока и може да се опише како депривација (лишување). Во сферата на економијата се манифастира како сиромаштија, во политиката како маргинализација, во социјалната сфера како дискриминација, а во културната како криза на идентитетот. Причините за првиот, економскиот аспект се екстремно поларизирачката дистрибуција на акумулираниот капитал (4 милијарди луѓе живеат со приход помеѓу 1 и 2 долара на ден). Наспроти овој податок се користи содржинската рационалност каде се вели дека

луѓето сега се побогати од порано, подостапни им се технолошките иновации и наводната очебијност на материјалниот раскош што нѐ опкружува. Тоа е точно, но исто така е точно и дека  денес човештвото произведува неспоредливо повеќе богатства од секаков вид што се пропорционално, несоодветно редистрибуирани. Главниот проблем на економијата денес се финансиските шпекулации. Иако, веќе две децении  постои јавен притисок за воведување на данокот на финансиските трансакции т.н. Тобинов данок, ММФ упорно инсистира тие да се дерагулираат. На тој начин разни фондови, со релативно мал капитал заради брз профит, се коцкаат со курсевите на валутите на послаби држави. Средствата што националните банки ги даваат за да ги амортизираат ударите врз нивните економии трајно ја ослабнуваат нивната стабилност. Кога се тврди дека регулацијата на финансиските трансакции ја намалува нивната економска ефикасност не се калкулира со овие трошоци. Како последица на ова од 1,5 трилиони долари дневен промет на берзите во САД само 5 % се продуктивни економски трансакции, додека сѐ останато се шпекулации со каматни стапки и курсеви на валутите. Тоа ги разобличува сигналите кои пазарите ги даваат за долгорочните економски операции и стратегии. Комбинацијата од овие ефекти, бескрупулозноста на транснационалните компании, стремежот кон профитна, но не и продуктивна ефикасност  и разорната политика на ММФ кон земјите во развој создаваат тектонска дестабилизација на постоечкиот економски систем, кој сѐ повеќе се гуши себеси растргнат помеѓу трката кон профит од една страна и трошоците за производство кои перманентно растат.

Политичките импликации од овој аспект се следствено негативни со оглед на взеамната меѓузависност на сите елементи на еден систем. Финансиски ослабените држави не можат да им излезат во пресрет на барањата на своите граѓани. Се намалуваат социјалните, еколошки, здравствени услуги. Државите се сѐ помалку способни да им обезбедат здрав, долг и креативен  живот и достојни стандарди на живеење, слобода, достоинство и самопочит. Тие се фискална криза растргнати помеѓу барањата за поквалитетни услуги од една и намалување на даноците од друга страна. Економската деградација, сѐ повеќе го исклучува населението од процесот на донесување одлуки што суштински ја делегитимизира демократијата и државата. Потрошувачката култура, животната енергија на пазарната економија, исто така, ја зголемува политичката апатија на луѓето. Тие се реализираат себеси преку поседување на материјални добра, а не преку партиципација во демократскиот процес. Демократските процедури сепак се запазени, но не ја остваруваат сопствената суштина. Народот не гласа, заспан од потрошувачкиот идентитет и бирократизацијата на политичкото одлучување. Луѓето ја испуштаат судбината од свои раце и со нивните животи доминира стравот од неизвесноста што создава  пораст на криминалот, криза на идентитетот и етнички судири. Поларизацијата

на светско ниво, имиграцијата и современиот сообраќај создаде демографско разноличие во некогаш „чистите држави". Ова нужно создава потреба за редефинирање на националните идентитети врз основа на етничкиот и културен плурализам кој е нивна реалност, меѓутоа тековните глобални трендови ја поткопуваат можноста за создавање на космополитска нација (нации). Стравот, сиромаштијата и маргинализацијата проитивречат на оваа потреба и на плодната почва на кризата на идентитетот конструираат ксенофобични, примордијални идентификации. Од друга страна, политичкиот, економскиот и културен диктат на големите сили поткрепен од нивната супериорност на секое поле ја разградува структурата на меѓународниот поредок. Суверенитетот во пракса сè потешко може да се дефинира. Тоа го лишува светот од придобивките на бесценетото разноличие на автентични суверени држави. Сè е затворено во една маѓепсана спирала која на долг рок, ова сајбер „глобално село" го тркала во амбис.

Дали постојат алтернативи за опозициска политика? Регулација на финансиските пазари и антимонополската политика, даночни реформи и насочување кон продуктивна, а не спекулативна економија значително можат да го балансираат системот. Одземање на приоритетот на непрекината акумулација на капиталот е најдлабоката и најтешка промена што треба да се направи. Наместо да ја осуди, човештвото ја воздигна алчноста во врховен канон на секојдневното живеење. Ова не е утописко решение. Алтернативните политики што ги нуди антиглобалистичкиот дискурс не се утописки рецепти, туку сериозни и реално остварливи проекти. Кога елементите на еден систем се во рамнотежа, сите ефекти од постапките во рамките на неговата структура се детерминирани и канализирани на начин кој само го репродуцира неговото постоење. Но, кога еквилибриумот е нарушен и најслабата акција може коренито да ја измени таа структура, независно од етаблираните центри за моќ кои ја поддржуваат. Оттаму единствена сигурна е промената, но нејзината природа е определена од начинот на кој таа ќе се спроведе.

# Глобализација-сознание, свест или проблем

Камелија Шојлевска

## Глобализацијата како процес-ДА или НЕ?

Ова е прашање кое си го поставува секој поединец. Но, дали воопшто постои одговор кој би можел прецизно да го предвиди, моделира или насочИ развитокот на планетарните текови доколку тоа не е веќе одамна сторено со потребата на индивидуата, да живее заедно со светот, близок да му е и најдалечниот во просторот, да се ослободи од самонаметнатата идеја на отуѓувањето што ја донесе минатиот век, кога во нашата свест почна да се разбиструва и наѕира реалноста за менталната и просторната големина на планетата. Медиумите, главно електронските, филмот, музиката, модата во минатиот век му покажаа на човекот дека е сам ако не го разбира другиот, дека е сам ако не комуницира и разменува со другиот, дека информацијата и мислата имаат неверојатна брзина која го менува светот и ни го дава на дланка онаков каков што тој навистина е. Еден мој пријател во една прилика ќе рече:

– Бах требал да патува и по три месеци на коњ за да дојде до друг град и да ја отсвири својата музика. Сега градот би дошол кај него.-

Можеби во длабочината на болката поради свесната самотија, се роди и таа силна, повеќе потсвесна желба, едниот да го најде другиот, единката да се најде во својата група која не и е дадена со раѓање, да создава заеднички мисли надвор од строго географски определени простори, реализира проекти, да го руши старото, надминатото.

На почетокот на 21. век човекот јасно ја изрази и освести својата потреба да излезе од самиот себеси, својата самодоволност и самобендисаност и да се сврти кон постоењето на многуте околу него различни, но сепак со исти желби и соништа, за поубав живот и можност секој да го реализира својот сон за освојување, овој пат ментално, низ поврда на веќе создадените вредности, кои разменети со други добиваат на важност и потврдување.

Никулецот на новата личност, за која и многуте мистици и учители на свеста зборуваат, се појави во самата потреба на човекот, во предизвикот да знае и осознава понатаму. Ограниченоста од кој било тип, ментална, просторна, временска е пречка за развојот воопшто од која ќе страда и посилниот и послабиот. Посилниот низ ограничувањата нема да ја докаже својата сила на умот и разумот, туку напротив ќе се врати назад од каде што тргнал во осаменоста и отуѓе-

носта, а тој си покажа на себе си дека таквите состојби не му се пријатни и создаваат болка.

Послабиот пак, ќе замрази, ќе негира и ќе го отфрла она што му се нуди. Двете страни се осудени на - мртва точка.

Ако се вратиме на почетното прашање глобализација ДА или НЕ?

Мислам дека одговорот сам се наметнува, всушност и нема одговор со **да** или **не**, туку факт дека тој процес е неминовен, зачнат во длабоката потреба на човекот да престане да биде сам и да научи да живее во група, која е поширока од неговото семејство, неговиот град или село, неговата земја и да создаде нова група подеднакво блиска како и претходните, групата на планетата.

Процесот е тежок, полн со предизвици за умот и карактерот на личноста во прифаќањето на разликите. Некој ќе сака да го наметне својот став по прашањето на Глобалното, но всушност намерата ќе биде наметнување на својата реалност. Но, и тоа ќе има краток век на траење и воопшто не треба да заплашува. Реалности има колку што има и луѓе на планетава, така што никој никому не може да му наметне или кажува како да раководи со сопствената самодетерминираност и сопствениот пандетерминизам.

Некој, пак, излезот ќе го видат во апсолутното прифаќање на туѓите вредности и отфрлањето на сопствените во име на мирот и сигурноста. За жал, и тоа ќе биде од краток век, бидејќи губењето на вредностите не води кон интеграција и интеракција, туку напротив, кон асимилација каде што ние не сме повеќе ние туку некои други. Затоа тие што стравуваат дека ќе мораат да се изгубат себеси во процесот на интеракции со други култури и вредности, можат да здивнат. Тоа никако не може да им се случи.

Ослободени од стравувањата ќе можеме и подобро да размислуваме и согледуваме, а на тој начин и подобро да одлучуваме. Дали процесот кој самите сме го иницирале низ потребата за заедништво, ќе го употребуваме за добробит на сите вклучувајќи се и себеси или за самодобробит. Избор нема на крајната цел, иако се чини навидум дека избор има за дилемата, дали ќе го следиме патот на развојот или на злоупотреба на ресурсите на света што ни се дадени. Ако го избереме погрешниот пристап, само ќе се вратиме на појдовната точка од која самите сме сакале да избегаме, осаменоста и болката што истата ја носи - наречена отуѓување. Всушност на таков начин само ќе се изгуби драгоцено време, каде што оние кои го почувствувале законот на потребата на човекот за напред ќе се најдат далеку пред нас.

Глобализацијата како процес ќе треба да се разбере и учи. Можеби и ќе му дадеме друго име, позвучно и некако помило. Но, тоа е прашање на форма, не на содржина. Она што е најважно во целиот овој процес што ни се случува е дека конечно човекот започна да чувствува дека не е сам, дека постои друг подеднакво вреден, дека постои заедница која тој овој пат ќе може самиот да ја создава и креира по своја мерка, на сонот и визијата што ја носи.

# Организацијата за безбедност и соработка во европа (ОБСЕ) - примарен инструмент за превенција на конфликтите во регионот

Марина Настеска

Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) е најголема регионална безбедносна организација. Во неа членуваат 55 држави учеснички. Областа на делување на Организацијата во географска смисла ги опфаќа сите европски држави (со исклучок на Андора), сите држави на територијата на поранешниот Советски Сојуз, како и САД и Канада. Пан-европскиот карактер на ОБСЕ и неговата позиција на единствен форум, му овозможува на ОБСЕ да ги собере заедно на едно место и врз еднаква основа сите држави на Европа, Централна Азија, заедно со САД и Канада, со цел периодично да дискутираат за сите важни прашања од нивните меѓусебни односи, и тоа, од аспект на политичко - безбедносната состојба, економската и научно - техничката соработка, заштита на животната средина и прашања поврзани со човековата димензија.

Со статус на единствена организација за безбедност и соработка што ги вклучува сите држави во Европа, Северна Америка и Централна Азија, во современите меѓународни односи ОБСЕ функционира како инструмент за регулирање и унапредување на односите во регионот. Од гледиште на обезбедување на мирот и стабилноста во регионот, ОБСЕ делува во областа на воените аспекти на безбедноста (контрола на вооружувањето и слично), но и во доменот на превентивната дипломатија. Превентивната дипломатија на ОБСЕ вклучува преземање на дипломатски и политички активности што имаат за цел постигнување на раното предупредување за можностите од конфликт, управување со кризите, превенција и разрешување на конфликтите, како и постконфликтната обнова на подрачјата зафатени со конфликти.

## Историја

Конференцијата за безбедност и соработка со Европа - КЕБС (на самитот во Будимпешта во декември 1994 година, „Конференцијата“ била преименувана во „Организација“, како резултат на многубројните институционални и операционални трансформации кои биле неопходни да се одговори на новите предизвици настанати со крајот на студената војна на подрачјето на Европа, и промени кои наложиле процесот на КЕБС да добие карактер на организација) формално ја започнала својата работа во Хел-

синки на 3 јули 1973 година. Во оваа прва етапа од нејзината работа, од страна на 35 министри за надворешни работа од исто толку држави учеснички била усвоена „Сината книга“ и биле изнесени погледите на нивните влади во врска со безбедноста и соработката во Европа и за натамошната работа на Конференцијата, со што бил отворен „Хелсиншкиот процес“. Втората етапа од започнатиот процес или работна етапа била најдолга по своето траење (18 септември 1973 - 21 јули 1975). Во оваа етапа експертите од 35 држави учеснички, за прв пат, биле вклучени во мултилатерални преговори помеѓу Исток и Запад, чиј конечен резултат бил КЕБС-овиот Завршен акт.

Завршниот акт бил потпишан од страна на триесет и петте шефови на држави или влади во Хелсинки на 1 август 1975 година, во последната трета етапа од „Хелсиншкиот процес“. Во Завршниот акт од Хелсинки се утврдуваат десетте основни принципи коишто државите треба да ги применуваат во нивните меѓусебни односи. Дефинирањето на овие принципи претставувало политичка рамка за нормализација на тогашните затегнати односи Исток - Запад на континентот. Документот содржи одредби кои се однесуваат на три области: безбедноста, економската соработка и човековите права. Почитувањето и унапредувањето на човековите права и основни слободи е подигнато на ниво на основен принцип врз кој се темелат односите во Европа. КЕБС, како мултилатерален преговарачки процес во периодот на конфронтацијата помеѓу Исток и Запад (1970-1980), одиграл значајна улога во поглед на продлабочување на меѓусебните односи, подобрување на безбедноста и развојот на соработката во Европа. Со тоа КЕБС придонесол во развојот на процесот на попуштање на затегнатоста и унапредувањето на мировната трансформација на односите помеѓу Исток и Запад.

## Превентивна дипломатија

После завршувањето на Студената војна, во почетокот на деведесеттите години од минатиот век, Европа на својата територија се соочува со многубројни локални конфликти (на подрачјето на поранешна Југославија, Молдавија, Кавказ, Таџикистан). Појавата на ваквите конфликти, кои во суштина имале етнички предзнак, како и можностите да се прошират и добијат карактер на регионални војни, бил главен предизвик за ОБСЕ да преземе активна улога во насока на превенцијата на конфликтот и управување со кризите. Во овој поглед ОБСЕ се декларирал себе си како „примарен инструмент за рано предупредување, превенција на конфликт и управување со криза во регионот“ што е во согласност со одредбите на Главата VIII од Повелбата на Обединетите нации за одржување на мирот и безбедноста во областа на ОБСЕ. Областа на превентивната дипломатија е централна категорија преку која ОБСЕ настојува да го обезбеди мирот и стабилноста во регионот. Концептот на превентивната дипломатија ги вклучува активностите за добивање рано предупредување на конфлик-

тот, но и ненасилни интервенции насочени кон превенирање, ублажување, трансформирање или решавање на конфликтите. ОБСЕ-та превенција на конфликтите во Европа се заснова на сеопфатниот и кооперативниот приод за безбедноста. Сеопфатниот концепт за безбедноста на ОБСЕ го поврзува мирот, безбедноста и просперитетот непосредно со набљудувањето на човековите права и демократски слободи, постоењето на пазарната економија и воената транспарентност. Вака широкиот приод кон безбедноста и прашањата на соработката овозможува повеќестраните проблеми на безбедноста во Европа да бидат третирани од сите нивни аспекти во една сеопфатна дискусија од страна на меѓународно тело. Превенцијата на конфликтите на долг период подразбира изградба на способна демократија и на нејзините институции, создавање на доверба меѓу владата и населението, заштита и унапредување на човековите права, елиминација на сите форми на дискриминација и почитување на малцинствата. Таа, исто така, вклучува и трансформација на државната економија во пазарно - ориентирана економија, но и постојана меѓународна воена контрола и проширување на режимите за воената транспарентност. Кооперативниот пристап кон безбедноста на ОБСЕ бара државите да соработуваат во решавањето на заедничките проблеми. Преку постојаните тела на ОБСЕ во Виена се обезбедува форум каде се дискутираат проблемите на безбедноста на државите-учеснички, со цел да се слушнат нивните безбедносни интереси. Унапредувањето на соработката во областа на безбедноста помага да се зајакне безбедноста на сите држави-учеснички на ОБСЕ, додека безбедносните проблеми на една држава или регион може да ја загрози безбедноста на другите држави. Поради тоа, клучна определба е да се работи заедно со цел постигнување на безбедноста заедно со останатите држави, не против нив.

Како инструмент на превентивната дипломатија, ОБСЕ воспоставил Набљудувачка мисија во Република Македонија. Мисијата е отворена во септември 1992 година во времето кога Република Македонија имаше статус на набљудувач во ОБСЕ. Нејзина цел е да придонесе во одржувањето на мирот и стабилноста во нашата држава, да го зачува територијалниот интегритет и да придонесе во превенцијата на конфликт во регионот.

# Либерален институционализам - предизвик на глобализацијата (примерот на G8)

Иван Дамјановски

G8 или неформалниот клуб на осумте најразвиени светски држави претставува еден од најконтраверзните институционални аранжмани во актуелниот глобален поредок. Замислен како еден вид на форум каде лидерите на најразвиените и најбогатите земји приоритетно ќе дискутираат за, и ќе преземаат конкретни акции насочени кон решавањето на актуелните економско-политички кризи во насока кон обезбедување макроекономска стабилност и социјален глобален систем што ќе го редуцира степенот на сиромаштија; G8 токму по овие прашања ги трпи најголемите критики и е окарактеризиран како хегомонистички управувачки борд којшто е најодговорен за растечкиот јаз помеѓу развиените земји и оние во развој, и кој недвосмислено не успева да се справи и да ги регулира страничните ефекти на глобализацијата.

Главната цел на овој текст е да даде една кратка и концизна анализа на G8. Во почетокот ќе се фокусира на историскиот развиток и на самиот институционален опис, за да заврши со една поопширна дебата за глобализацискиот предизвик и улогата на G8 во овој процес.

## Што е G8?

G8 има веќе 18-годишна традиција. Таа е формирана во 1975 година, по иницијатива на тогашниот француски претседател Жискард Д'Естен и на германскиот сојузен канцелар Шмит. Главната замисла била еднаш годишно да се одржи еден мал собир од затворен тип, каде што лидерите на најразвиените западни држави ќе дискутираат за тековните светски проблеми во една неформална атмосфера. Токму во таков манир се одржува и првиот самит во Рамбује, Франција каде што учествуваат шест земји: САД, Франција, Германија, Велика Британија, Јапонија и Италија. Веќе во 1976 на Самитот во Сан Хуан кон оваа група се придружува и Канада заокружувајќи го бројот на седум најразвиени земји (оттука G7). Во 1977 на Лондонскиот самит е одлучено кон ова друштво да се приклучи и Европската заедница (од 1992 Европска унија), но само како учесник, не и организатор. Крајот на студената војна генерира и интензивен дијалог на G7 со Русија, кој својот краен резултат го добива во 1994 год., на Самитот во Неапол со одлуката за редовно учество на Русија во работата на G7.[1] На Самитот во Бирмингам 1998 год., Русија се стекнува со полноправно членство со право на организирање на Самитот во 2006 и со тоа G7 и

[1] Сè до 1998 година Русија нема полноправен статус бидејќи е консултирана само по политички прашања (оттука и името П8 или Политички 8)

официјално преминува во G8 во својот засега конечен формат, каде учествуваат САД, Германија, Франција, Велика Британија, Јапонија, Италија, Канада и Русија.

Инаку, главен настан во работата на G8 е Самитот што се одржува еднаш годишно, на крајот на календарската година, при што редоследот на земјите-домаќини е претходно циклично фиксиран на Франција, САД, Велика Британија, Русија (од 2006), Германија, Јапонија, Италија, Канада. На овие самити учествуваат шефовите на државите или соодветно премиерите на земјите-членки, како и Европската унија која е претставувана од лидерот на државата што претседава со Европскиот совет во тој период (доколку државата не е членка на G8), како и од претседателот на Европската комисија. Меѓутоа, динамиката на работа на G8 не почнува и не завршува со самиот самит бидејќи во текот на целата година се одржуваат средби на личните претставници на шефовите на држави и влади (наречени шерпаси), чијашто основна задача е да бидат во постојана комуникација во врска со побитните тековни политичко-економски случувања истовремено подготвувајќи ја основната логистика и агенда за наредниот самит. Овие прашања се, исто така, и главен приоритет на редовните состаноци на министерско ниво кои следејќи го примерот на Советот на министри на Европската унија се одржуваат неколку пати во годината во различни ресорно ориентирани состави.

Според Бејн самитите се создадени за да исполнат три цели:[2]

1. да се обезбеди колективен менаџмент на светската економија, при што Европа, Јапонија, Канада и Русија ја делат одговорноста со САД;
2. да се помират тензиите предизвикани од меѓузависноста (глобализацијата), создадени како последица на зголемената пенетрација на надворешните фактори во домашната економска политика;
3. да се генерира политичко водство каде што шевовите на држави и влади ја унапредуваат соработката на повисоко ниво од министерското.

Во овој дух, како најбитни параметри во агендата на секој самит, доминираат пред сè прашања од макро и микроекономски аспект, меѓународната трговија, финансии како и односите со земјите во развој. Исто така не помалку внимание се посветува и на политичко-безбедносните дилеми, првенствено на проблемите поврзани со криминалот и меѓународниот тероризам, како и на сè позастапените енергетски и еколошки теми.

Меѓутоа, тука треба да се потенцира фактот дека и покрај тоа што е јасно постоењето на некои институционални атрибути, од правен аспект G8 нема легален идентитет. Оттука оваа група нема некои моќни капацитети на одлучување и не би можело да се каже дека ги загрозува веќе етаблираните меѓуна-

[2] Bayne, Nicholas.„The G8's Past Performance, Present Prospects, Future Potential". Paper for the 2000 G8 Pre-Summit Public Policy Conference, The Kyishu-Okinawa Summit: A G8-Developing Country Dialogue, 2000. стр.1

родни организации како Обединетите нации, Меѓународниот монетарен фонд или Светската банка и покрај тоа што наивно би било да не се детектира определено влијание. Имајќи предвид дека одлуките (во форма на обврски и предлози) донесени на G8 самитите во крајна линија се необврзувачки, постои тенденција да се преценува улогата која G8 ја има на светската сцена. Сепак, и покрај тоа што замислата на G8 самитите е да бидат една добра можност за неформално дебатирање околу комплексните меѓународни проблеми при што се развиваат и персонални меѓучовечки релации помеѓу самите лидери, во крајна линија не во мала мера на самите самити се одредуваат приоритетите и годишната агенда на целокупната меѓународна заедница.

## Глобализацискиот предизвик

Самиот концепт на G8, како организација која расправа за прашања и во крајна линија донесува одлуки кои предизвикуваат глобални реакции несомнено ја става во центарот на дебатата за глобализацијата и нејзините ефекти. Денешната реалност е неизбежно проследена со интензивно и директно навлегување на меѓународните економско-политички теченија во домашните економии поттикнати од забрзаниот раст на трговската размена, странските инвестиции и технолошкиот развиток. Глобализацијата неспорно сè повеќе наметнува меѓународни акции во оние општествени сфери кои претходно биле перцепирани како доминантно домашни. Несомнено сите компоненти на меѓународниот поредок на држави активно се вклучени во овој супранационален и меѓузависен економско-политички еквилибриум. Примарните ефекти на глобализацијата што одат во насока на унапредување на средноразвиените земји, истовремено уште повеќе потиснувајќи и маргинализирајќи ги неразвиените национални економии; ја доведуваат во прашање оправданоста на постоењето на G8, како една групација која од една страна се претставува како извор на стабилност и економски напредок, за од друга страна да биде критикувана како најголем генератор на продлабочувањето на светската сиромаштија.

Интересно, во рамките на економско-политиколошката дебата преовладува мислењето дека некаков вид на институционален аранжман кој ќе има одреден степен на контрола врз светските економско-политички процеси е повеќе од потребен. Мора да се потенцира дека поголемиот дел од светот е зависен од малкуте моќни држави. Тие преку остварувањето на своите интереси и преку меѓусебните интеракции директно се вклучени во обезбедувањето на стабилноста на курсните листи, ликвидноста, стабилното функционирање на трговијата како и во обезбедувањето на директни инвестиции. Во ситуација на веќе неповратна меѓузависност секоја поголема криза во рамките на центарот би имала уште пострашни последици врз периферијата. Во една реалност која рефлектира хегемонија на одреден број на актери на светската сцена, се чини

дека најдобро решение би било формирањето на еден мултилатерален модел на менаџирање поткрепен со извесен степен на институционален дизајн. Според Капорасо, „мултилатералната активност без организација која ќе ги спроведува и зајакнува договорите, ги носи сите оние проблеми што ја преоптоваруваат меѓународната политичка соработка, на прво место отсуство на доверба, слаби и недоверливи информации, поттик да се заобиколат, отстранат договорите кога ќе се најде за соодветно“[3]. Понатаму, „трговијата и финансиските подсистеми се зависни од поддршката и соработката на неколку моќни земји и оттаму моќта игра значајна улога во светската стабилност“[4]. Несомнено е дека глобалната моќ и економската доминација е во посед на земјите-членки на G8 (близу 60% од светскиот БДП), така што нивната заедничка партиципација во еден институционален дизајн, кој ќе обезбеди поголема флексибилност и капацитет за справување со кризни ситуации, е неопходна за стабилноста и одржувањето на постоечкиот либерален економски поредок.

Сепак, доколку се погледне севкупниот перформанс на G8 во последната декада неминовен е заклучокот дека во многу мала мера е одговорено на предизвиците и проблемите кои ги генерира глобализацијата. Како директен учесник во Уругвајската рунда на преговори од што произлезе Светската трговска организација, G7 во многу мала мерка им излезе во пресрет на барањата на земјите во развој. Конфликтот на интереси во врска со ова многу осетливо прашање резултира со слаб перформанс во обезбедувањето на помош за земјите во развој. Единствен исклучок е одлуката на Европската унија да ги укине царинските давачки за речиси сите производи кои доаѓаат од земјите во развој; меѓутоа оваа одлука сега за сега не е поддржана од страна на САД, Канада и Јапонија.

Од друга страна, може да се каже дека G8 има значително поголем успех во програмата за ослободување од долговите, област во која G8 е најмногу инволвирана и во која е сторено најмногу за да им се помогне на неразвиените земји. Одлуката од Самитот во Лион за имплементација на ХИПЦ програмата за отпишување на долговите уште повеќе ја зајакна решеноста да се делува во оваа насока. Меѓутоа и покрај релативниот успех на овие мерки, нивото на сиромаштија во неразвиените земји не се подобрува. Она што навистина отсуствува е имплементација на една целовита програма за развој која би донела поголем процент на економски растеж. И покрај тоа што Самитот во Окинава во 2000. ги направи првите чекори во оваа насока, сепак тоа е премалку за да би можело да стане збор за некој позначаен успех. Останува заклучокот дека постои многу малку волја за поинтензивна имплементација на инструментите кои би оделе во насока на спречу-

---

3 Caporaso, A. James. „International Relations Theory and Multilateralism:The Search for Foundations“ во John, G. Ruggie. (ед.) „Multilateralism Matters: The Theory and Praxis of an Institutional Form“. New York: Columbia University Press, 1993, стр.62

4 Bailin, Allison. „From Traditional to Institutionalised Hegemony“. G8 Governance 6, 2001,str. 6

вање на понатамошната економско-политичка деклинација на неразвиените земји како директна нуспојава на процесот на глобализација.

Врз основа на она што беше презентирано во овој текст, може да се заклучи дека G8 претставува една повеќе неформална елитистичка организација чија главна цел е мултилатералниот менаџмент на глобални кризи. Самата нејзина структура и начин на работа не дозволува некој посериозен ангажман кој би се одвивал на секојдневна база и кој би обезбедил регулација на глобализмот. И покрај релативните успеси во справувањето со проблемите што ги репродуцира глобализацискиот процес, сепак би можело да се констатира дека досега начелно добрите намери на G8 остануваат без некоја посериозна реализација.

**Библиографија:**


Bailin, Allison. „From Traditional to Institutionalised Hegemony“. G8 Governance 6, 2001.

Bayne, Nicholas. „The G8’s Past Performance, Present Prospects, Future Potential“. Paper for the 2000 G8 Pre-Summit Public Policy Conference, The Kyishu-Okinawa Summit: A G8-Developing Country Dialogue, 2000.

Caporaso, A. James. „International Relations Theory and Multilateralism:The Search for Foundations“ vo John, G. Ruggie. (ed.) „Multilateralism Matters: The Theory and Praxis of an Institutional Form“. New York: Columbia University Press, 1993.

# „По војната во Ирак: иднината на Организацијата на обединетите нации и на меѓународното право“

Волфганг Шојбле

Светот е раздвижен, онака како што одамна не бил, и тешко е да се предвиди во која насока се движи овој развој. Дали немилите политички реалности навистина доминираат над можностите на меѓународното право и на Обединетите нации, или, пак, светската организација и инструментите на меѓународното право ќе успеат да се справат со политичките предизвици?

Честотата на мошне бризантните кризи и конфликти е енормна: походот против Садам Хусеин и неговите сè уште непроценливи последици, кои веќе траат две години, и речиси занемарливите напори на коалицијата против меѓународниот тероризам, конфликтите околу иранската и севернокорeанската атомска програма, парализираноста на мировните напори на Блискиот Исток на високо ниво на ескалација, кризите во Африка, Југоисточна Азија, “fejling stejts“ - пропаднати држави на речиси целиот глобус, па заканите поради нееднаквиот пристап до лимитираните суровини, постојаното уништување на животната средина, последиците на асинхрониот развој - човек просто посакува да престане со набројување на сите овие проблеми, кога секој од нив не би претставувал непосредна опасност и за нашата сопствена безбедност во услови на глобализација.

За сите овие теми се повикани меѓународното право и Обединетите нации. Како ретко досега, во последниве години особено големи беа очекувањата поставени до меѓународното право и од Обединетите нации.

Особено од Организацијата на обединетите нации се очекува, со што е можно понежни средства да го намали речиси неподносливиот обем на милитаризам, терор и масивни кршења на човековите права, и да воспостави повеќе правда во светот.

Како што е веќе споменато: надежите сега се поголеми отколку кога било, но и како ретко досега ООН и меѓународното право биле под таков притисок, во време кога неконтролираниот терор сосема стихијно ги избира своите жртви. Нападот на канцеларијата на Меѓународниот комитет на Црвениот крст во Багдад, кој речиси целосно ја оневозможи неговата дејност, го сметам за симболично најискажлив, најнизок можен удар во справувањето со актуелниот терор. Ни неутралноста, која единствено се залага за заштита на слабите, веќе не може да смета на никакво иземање.

Кога во септември имав можност да зборувам со Кофи Анан во Њујорк, имав можност да забележам колку Обединетите нации, и генералниот секретар лично, беа пого-

дени од шокот поради нападот на Де Мело и на неговите соработници во Багдад. Лично сметам дека овој терористички акт уште долго ќе влијае врз работењето на оваа светска организација. Теророт сега ги тероризира и меѓународното право и Обединетите нации.

Како понатаму? Се разбира дека секогаш може да се рече оти меѓународното право и Обединетите нации секогаш се онолку ефикасни и брзи колку и државите, чиишто носители се тие, или, уште подобро: онолку колку што во дадениот момент тоа го сакаат државите. Сепак, евидентно е дека правната рамка и инструментите на меѓународната заедница веќе не се доволни за да се справат со предизвиците на сегашноста и на догледната иднина. Тоа се однесува како на мирот и на безбедноста, така и на ангажманот во полза на различните елементи на одржливиот развој, а особено на нивните меѓусебни релации: светската заедница во своето дејствување треба одново да ги балансира својата антиципацијата и своите реакции.

Во суштина станува збор за обезбедување мир и стабилност во еден свет кој се зближил и во којшто можностите и заканите се сè помалку деливи. Притоа, поредокот треба да се стави во корелација со почитување на културните и политичките разлики, со диференцирано историско потекло, развојните стадиуми и економските капацитети. Бидејќи можностите на секој поредок се онакви, каква што е можноста за негово спроведување, потребни се моќ и способност за спречување на злоупотреба на моќта и на насилството, како и правовремено застрашување. Сметам дека застрашувањето премногу лесно се поврзува со периодот на конфликтот помеѓу Истокот и Западот, кога со меѓусебна разурнувачка моќ успешно беа избегнати атомска апокалипса и непосредна воена конфронтација помеѓу двата големи блока. Меѓутоа, по крајот на биполарниот светски поредок, во време на меѓународен тероризам, на асиметрично водење војни и на „пропаднатите држави“ нештата веќе не се така едноставни. Самиот принцип, сепак, не треба да се запостави, имено, секој потенцијален агресор, значи секој што сака да примени сила заради постигнување на која било цел, треба да се убеди дека со примена на сила може да го постигне само сопственото пропаѓање, а ниту една од своите цели. Ова можеби не функционира секогаш, меѓутоа треба да функционира што е можно почесто. Монополот на власта во една правна држава, меѓу другото, се базира и врз тоа што секој потенцијален прекршител на законот во суштина не може да стори ништо против надмоќта на државните безбедносни сили, а генералната превенција, за која слуша секој студент по право уште во првиот семестар во рамките на предметот кривично право, се должи на принципот на застрашување.

Воените способности се потребни и натаму, меѓутоа не треба често да се нагласува подготвеноста за употреба на воени средства, туку треба да се остане на позиција дека супериорните воени средства треба да служат токму за тоа, никогаш да нема потреба за нивно употребување. Застрашувањето, притоа, не

смее да се меша со правото на посилниот. На тој начин не функционира ни правната држава, која укинувајќи го правото на посилниот го воведе правниот поредок и монополот на власта. Затоа, правниот поредок е потребен и на глобално ниво, и, бидејќи тој сè уште не е функционален како внатрешнодржавниот, потребен ни е нов вид на застрашување. Од причина што застрашувањето не може да се базира на реципроцитет како во студената војна, ќе треба самите да ја ставиме во баланс, на начин што Западот, во своето начелно однесување кон незападниот свет, ќе се раководи според слоганот за унапредување на разнообразноста како богатство. Успешноста на овој нов вид застрашување ќе зависи од две нешта: од нашата решеност за сузбивање на тероризмот со сите можни, а по потреба и со воени средства и од нашиот почитувачки однос кон незападниот свет. Овој двоен пристап, заедно со речиси светски констатираниот консензус за потребата од сузбивање на тероризмот, ја покажува оправданоста на политичката, моралната и меѓународно-правната легитимација на новиот вид застрашување.

Меѓународното право се соочува со нови предизвици, со оглед на новите закани во ерата на глобализација, меѓународен тероризам, пропаднати држави и асиметрично водење војни, а од тие закани потекнува и легитимацијата на дебатите за превенција и за преемпција. Непријатноста на оваа тема не треба да е причина за избегнување на нејзината дебата. Такво нешто би било политички неодговорно.

Државниот суверенитет и забраната за интервенции веќе не се доволна основа за поредокот на меѓународното право, и затоа е неизбежен внимателен натамошен развој.

Во основа, јас гледам три проблемски подрачја: прво, полето на хуманитарна интервенција, потоа, прашањето како со оглед на разурнувачката моќ на оружјето за масовно уништување треба да се разбере поимот на непосредноста на претстоечки напад, и, на крајот, проблемот за можноста на сузбивање на водење терористичка војна од страна на индивидуалци и недржавни групации.

## Хуманитарна интервенција

На телевизија се прикажуваат страшни слики за отворања на масовни гробници, во кои злосторници во граѓански војни, пред околу десеттина години среде Европа ги закопале своите жртви. Гледаме дрогирани деца-војници кои во многу земји извршуваат ѕверски масакри, наместо да седат во училишни клупи. Пристапот до информации ни го проширува хоризонтот, меѓутоа, тој ја зголемува и нашата одговорност. Ако не треба да се заборават искуствата од холокаустот и од другите страшни диктатури, злосторства и геноциди, тогаш веќе не смееме да го свртуваме погледот на страна. Напредокот на информативната технологија оневозможуваат какви било изговори на глобално ниво. Околноста, што честопати се работи за конфликти во суверени држави не менува ништо, ниту од морален аспект, бидејќи

човековото достоинство не завршува на граничните премини, ниту, пак, од безбедносно-политички аспект, бидејќи во време на глобализација заканите и ризиците станаа неразделни.

Сувереноста и забраната за интервенција се основа на меѓународното право уште од 17. век. Меѓутоа, сега од територии во кои недостасува државен поредок потекнуваат светски закани, но и од државни територии што се задскриваат зад некаков фиктивен суверенитет, а од друга страна се одговорни за најтешки злосторства над човештвото. Од таа причина, Улрих Пројс побара меѓународното право да се развие во правото на човекот и на човештвото. Токму затоа постои потреба од институција за хуманитарна интервенција, и тоа, по можност, не само од аспект на меѓународно обичајно право.

Проблемот е, кој ќе донесува одлуки? Решението не се состои во донесување одлуки од страна на само неколку држави, колку и да се тие моќни, колку и да се внатрешно правно уредени и демократски легитимирани. Неизбежна е легитимацијата од страна на правно уредени и мултилатерални структури за одлучување.

Па така, сите патишта водат кон Организацијата на обединетите нации и евентуално кон нејзините регионални канцеларии, колку и да се тие несовршени. Тие можеби не функционираат секогаш, но сепак се подобри од пасивноста или од унилатералните одлуки, кои се закануваат да се сведат на правото на посилниот или на враќање кон архаичното право на тупаницата. Меѓутоа, овојпат со оружје за масовно уништување.

Примената на воени средства, притоа треба секогаш да остане ultima ratio (последна можност). Бидејќи целта е застрашување, примената на воени средства секогаш содржи и неуспех. Ако ова го разбираме на овој начин, тогаш Папата имаше право со својата опомена. Токму затоа, човек не треба да се концентрира исклучиво и приоритетно само на воени категории.

Во моментов се води мошне срамежлива дебата за Русија. Во таа смисла веднаш се укажува на мешање во внатрешните работи, односно се посочува на забраната за интервенирање. Меѓутоа, доколку сакаме добри односи со Русија и се залагаме за позитивен развој на Русија, тогаш не треба рамнодушно да се помириме со кршење на човековите права или на стандардите во постапките на правната држава. Притоа, навистина никој не размислува во воени категории. Транспарентноста, јавноста и критиката, дипломатските напори, економските и политичките притисоци и влијанија не смеат да се оневозможуваат поради принципот на немешање.

Во својот најнов годишен извештај, Кофи Анан вели дека не е потребно „...земјите-членки да се согласуваат во сè, туку да се спремни да ги користат Обединетите нации за постигнување на заедничките цели и земање предвид на различните национални интереси. При определувањето на тие нацио-

нални интереси, тие треба да им дадат заслужена тежина на вредноста и на значењето на праведниот и стабилниот светски поредок”. Сметам дека Кофи Анан е премногу скромен. Ние треба да бараме развој на меѓународното право до тој степен, што Обединетите нации би биле одговорна инстанца за зачувување и почитување на човековите права, овластени да им го одземаат или ограничат суверенитетот на оние држави кои немаат волја или способност за одржување на достоен и човечки правен поредок.

За да може притисокот да функционира, заканата со ultima ratio останува неизбежна. Притоа, треба да сме свесни за дилемата што заканата има кредибилитет само ако во дадениот случај навистина и се оствари, односно човек треба да е подготвен и спремен да го стори токму она што првично сакал да го избегне. Ова беше успешно во времето на конфронтацијата помеѓу Истокот и Западот, бидејќи во нашиот глобален неред немаме подобро решение, не можеме ни денес да се откажеме од него.

## Превенција или преемпција?

На разликата помеѓу овие два поима не ѝ придавам преголемо значење. Правото на превентивна самоодбрана е одамна познато во меѓународното право, меѓутоа, тоа претпоставува актуелна опасност од напад. Во националната стратегија за безбедност на САД од септември 2002 год., таканаречената Бушова доктрина, се аргументира потребата од ново дефинирање на поимот непосредна опасност од напад со разурнувачка моќ на модерно оружје, особено со оружје за масовно уништување. За одговорите на Националната стратегија на безбедност може да се дебатира, поставените прашања, меѓутоа, не можат да се побијат.

И овде треба да се залагаме за мултилатерални структури на одлучување. Пред сè, треба да се подобри политиката на пролиферација и на контролата на вооружување, и да се засили нивната ефикасност и реализација. Актуелните искуства, во таа смисла, не се толку безнадежни. Не станува збор за „превентивни војни“, како замена за политика и дипломатија. Ниту изрично станува збор за „доктрина на прв напад“, туку за мултилатерално и легитимно застрашување на терористичките иницијални напади.

## Проблемот на водење терористички војни од страна на поединци

И конечно, проблемот на водење терористички војни од страна на поединци и недржавни групации, односно, пред сè, прашањето за намерно убивање на веројатни или потенцијални терористи. Тое е прашање во терористичките војни, тоа е проблем во израелско-палестинскиот конфликт и во Чеченија. Военото право дозволува борба против непријателските војници, независно од тоа дали војникот претставува непосредна закана. Меѓутоа, правото на убивање е ограничено дури и во вооружен конфликт. Член 3 од Женевската

конвенција од 1949 год., забранува „напади на животот и на личноста, имено, убиство од секаков вид“ и „казнување и егзекуција без претходна пресуда изречена од редовен суд“ на „лица кои директно не учествуваат во непријателствата“. Кај новите форми на водење терористички војни се поставува прашањето, под кои услови едно лице „не учествува директно во непријателствата“. Кога заканата, пак, не може да се подреди на една определена, државно востановена територија, се поставува и прашањето за комбатанти, за окупација, за правото на окупација и за нејзина легитимација, и овде повторно доаѓаме до потребата за мултилатерални структури на одлучување.

## Потреба за реформа на Организацијата на обединетите нации

Ова нè води до прашањето за потребата на реформа на Организацијата на обединетите нации, задача која Кофи Анан засега ѝ ја довери на група експерти; лично жалам што во тоа тело не е застапена и германска експертиза. Не може да се оспорува основниот принцип, според кој сите држави задолжително членуваат во ООН, независно од нивниот демократски и државно-правен поредок, бидејќи, во спротивно, ООН не би можела да го оствари она што светот треба да го очекува токму од неа.

Сепак, треба да се соочиме и со проблемот, што состојбите во мнозинството членки на ООН ни оддалеку не кореспондираат со нашата западна претстава за човекови права, правна држава и демократија. Мнозинскиот принцип од таа причина, како и поради различните големини на поединечните земји-членки само ограничено е подобен како елемент за уредување на ООН. И покрај сите негови маани, основниот принцип на петте постојани членки на Советот за безбедност, од таа причина не е вон здравиот разум. Секако дека сосема со право може да се постави прашање, дали петте постојани членки на Советот за безбедност навистина сè уште веродостојно го исполнуваат принципот на репрезентативност; сегашниот систем, од друга страна, пак, спречува мајоризација на демократии од страна на мнозинство авторитативни режими.

Од оваа причина, но и поради фактот што веројатно нема да биде лесно да се постигне промена на правото на гласање во Советот за безбедност, меѓународната критика не треба да троши многу сили во своите заложби за прераспределба на местата и правото на гласање во Советот за безбедност. Сметам дека заради заштита од актуелните опасности, приоритет треба да му се даде на развојот на меѓународното право. За таа цел ќе треба да се докаже особено Западот и да ги искористи сите можности, што и покрај сето свое несовршенство ги дава ООН, со цел развивање на светски поредок, што имајќи ја согласноста на сите култури и општества, во ерата на глобализација ќе може да обезбеди повеќе стабилност за сите. Колку што ќе биде подобар овој успех, толку ќе биде

поголема и шансата за постигнување консензус во однос на институционалната поставеност на ООН.

Во овој поглед, јас не сум песимист. Благодарение на Карл Попер, нам ни се познати сознанијата за таканаречените процеси на обид и грешка. Во иранската криза беа направени многу грешки на сите страни, меѓутоа се зголемија и шансите да се увиди дека на тој начин не може да се продолжи. Неуспехот на Советот за безбедност, пред сѐ, се должеше на разидувањата на западните земји. Да зборуваа Европејците со еден глас, ќе извршеа поголем притисок на Садам Хусеин и повеќе влијание на одлуките во Вашингтон. Ако се договореа атлантските партнери во Советот за безбедност, тие немаше да го блокираат, туку да овозможат негово дејствување. Можеби токму сега имаме „добра можност“, бидејќи во наредните години постои мала можност Москва и Пекинг да ги искористат своите права на вето. Никој не знае колку тоа ќе потрае, затоа треба сега да се искористи оваа можност и, со заеднички договор на Западот, да се зајакнат мултилатералните структури и можностите за дејствување на Советот за безбедност и ООН.

За таа цел е потребен поголем европски придонес. Во моментов, Европската унија дискутира за сопствена стратегија за безбедност, која треба да се индуцира до крајот на годината. Нацртот на Солана, од минатото лето, остава простор за надеж дека владите нема да избегнуваат јасни пораки. Во наредните недели ќе треба многу да се внимава на тоа, да не се разводни Солановиот документ. Ако успееме да се договориме, „превентивниот ангажман“, како што го нарекува Солана, да претставува јадро на нашата стратегија за безбедност и да ја дефинираме така што надворешните, развојните и одбранбено-политичките инструменти ќе ги обединиме во една група на мерки, која ја вклучува воената интервенција како ultima ratio, тогаш ќе имаме можност да направиме голем чекор напред. Како примери за превентивен ангажман, Солана го наведува европскиот ангажман за изнаоѓање решение за иранската нуклеарна криза, и, пред сѐ, патувањето на тројцата министри за надворешни работи за Техеран. Во таа смисла охрабрува и фактот, што и САД ги поздравија овие напори. Значи дипломатија, бездруго и разузнувачка дејност, во пакет со развојна и трговска политика. Може да се рече добра „комбинација на политики“, иако со една естетска грешка, имено, Солана, првиот претставник на европската надворешна политика, не патуваше со нив. Комбинација на политики, составена од мека сила и јака сила.

И Американците имаат горчливи искуства, бидејќи без сопствена подготвеност за стабилни и сигурни партнерства, тие ќе ја изгубат контролата над светската политика. Некои Европејци, се надевам, се разбудија и увидуваат дека сега не е време за еманципација од својот атлантски сојузник и дебатирање околу бројот на половите на идниот светски поредок.

Наместо тоа, ние Европејците ќе треба да се концентрираме на подобрување на нашите способности за одржување партнерства, а тоа, пред сè, подразбира заеднички политички позиции, повеќе воени способности и надминување на нашата економска стагнација.

Во секој случај ми се чини сосема јасно, дека само единството на Западот може да претставува адекватен одговор на сите овие предизвици. Америка не ќе може да најде подобар партнер од Европа, а важи и обратното. Преку Атлантскиот Океан, ние на извонреден начин ги споделуваме нашите искуства и вредностите на заедничкиот соживот. Од таа причина, но и со оглед на предизвиците и опасностите што еднако нè провоцираат, ние сме судбинска заедница.

Партнерство секако значи дека треба заедно да одлучуваме, пред сè, кога последиците на тие одлуки ќе треба да ги носиме на заеднички плеќи. Паролата на почетокот на независноста на Америка гласеше: „No taxation without participation" (Нема оданочување без учество).

Во последниве месеци, границите на унилатерално дејствување и на потценување на мултилатерална легитимација станаа повеќе од очигледни. Заедништвото на Западот може да го зајакне мултилатералното, а пред сè Обединетие нации. Оваа можност е широка, а ние не знаеме колку таа ќе потрае. Затоа треба веднаш да ја искористиме.

Она што важи за исчезнување на границите помеѓу надворешната и внатрешната политика во услови на глобализација, важи и за императивот на правна држава во дејствувањето на демократиите. Тоа зборува во прилог на интересот на целиот Запад, меѓународните односи да добијат поцврсти правни рамки. Ако пропаднатите држави оправдано претставуваат една од најголемите опасности за нашата безбедност, тогаш ние не смееме да дозволиме селективни укажувања на кршење на човековите права, ниту непочитување на меѓународните судови, ниту, пак, да оставаме простор за неправда. Јас, патем кажано, до овој момент не сум чул навистина убедливи агрументи во прилог на повеќегодишните затворски казни без претходна судска пресуда во Гвантанамо Беј.

Се покажува, значи, дека со оглед на денешницата која е обележана со многу кризи, постои можност, нас од Западот да нè ангажираат како кредибилни претставници за респектабилна комуникација со незападниот свет и за постигнување на делотворни мерки и правила на застрашување. Убеден сум дека ние мора да одиме по тој пат, во кој спаѓа и грижливо унапредување на меѓународното право, и, пред сè, натамошно отворање на сувереноста на државите и принципот на немешањето во полза на јакнењето на дејствувањето на ООН. Инаку, како што вели Пројс, „ќе нема потреба од доблест и толеранција спрема животните форми на другите". Нешто, што сметам би било фатално за иднината на Западот.

Во Њујорк се раздвижија многу нешта. При донесувањето на последната резолуција за Ирак во

Советот за безбедност, Русија беше таа што ги насочи Франција и Германија на страната на САД - човек може да помисли дека се работи за комедија, меѓутоа ова се сепак мошне сериозни патишта на сознанието, можеби во правец на доброто. Овој пат, пред сè, бара од нас да се залагаме и да не попуштиме пред искушението на удобната пасивност.

Во својата “Божествената комедија“ Данте ги има резервирано најжешките места во пеколот за оние, кои и покрај моралните предизвици, остануваат индиферентни и незаинтересирани.

# „Значењето на Трансатлантското партнерство: американска перспектива“

Чак Хагел

„Би сакал да му се заблагодарам на д-р Бернхард Фогел, претседател на Фондацијата „Конрад Аденауер“, за поканата да зборувам за значењето на Трансатлантското партнерство. Исто така, би сакал да оддадам признание за добрата работа на оваа фондација и на двете страни на Атлантикот. Ви благодарам.

Денес во Трансатлантското партнерство има проблеми како ретко кога досега. И тоа во едно толку суштинско време од неговата историја. Многу Европјани се претпазливи во однос на намерите на Америка, сметајќи дека сме наклонети и кон унилатерализам и кон користење на сила. Војната за ослободување на Ирак беше непопуларна на Европскиот континент. На неа се гледаше како на војната на Буш и Блер, а најголемиот број Европејци не ја прифатија. Европските влади кои се противеа на војната во Ирак – вклучително Германија, Франција и Турција – ја отсликуваа волјата на своите луѓе. Неодамнешното испитување на јавното мислење од страна на *German Marshall Fund* и *Compagnia di San Paolo* за *Трансатлантските трендови* истакна дека мнозинствата во сите европски земји (од 51% во Велика Британија до 81% во Германија и 84% во Франција) сметаат дека за војната во Ирак не вредеше да се изгубат животи и да се потрошат толку средства.

Америка, од своја страна, ја осети острината на францускиот, германскиот и турскиот отпор кон нејзината воена кампања за ослободување на Ирак. Америка сакаше и очекуваше нејзините европски пријатели да бидат покрај неа при симнувањето на ирачкиот диктатор. По непридржувањето на садамовиот Ирак кон 17 резолуции на ОН од 1991 година досега, многумина на нашата страна од Атлантикот не гледаа дека може да има корист од понатамошно аргументирање, нијанси или дебата за Ирак. Иако тоа не беше универзалниот став на Конгресот или Америка.

На крајот, трансатлантската алијанса беше жртва на ирачката војна. И двете страни на Атлантикот ја споделуваат одговорноста за оваа сегашна опасна ситуација. Но ние сме таму каде што сме, и сега треба да гледаме нанапред.

Иако се оддалечивме како резултат на војната, американските и европските заеднички вредности и интереси – во борбата против тероризмот, во спречувањето на шире-

њето на оружјето за масовно уништување, во поддржувањето на економскиот растеж и глобалната стабилност, во борбата против ендемските болести и во спречувањето на пропаднати држави и регионални конфликти, посебно на Средниот Исток – никогаш не сме биле толку блиску едни до други во толку различни области.

Ниту Америка ниту Европа не можат сами да се справат со овие предизвици. Ние имаме заеднички интерес, заеднички товар и заедничка одговорност. Како што професорот Дејвид Калео од Универзитетот „Џон Хопкинс" напиша во едно неодамнешно издание на „Националниот интерес":

„... посериозно отуѓување помеѓу САД и „старата" континентална Европа нема да им служи на интересите на ниту една од страните. Наместо тоа, итно е потребна глобална хармонија за справување со проблемите кои се акумулираат во светот, пред сè мирно прилагодување кон растечките големи моќи на Азија. За изградба на таков светски поредок, и на Американците и на Европејците им е потребна меѓусебната сила и мудрост".

Денешните предизвици не можат ниту да се избегнат, ниту да се одложат. Следната генерација не треба да наследи свет во кој постојат повеќе проблеми, отколку во нашиот денешен свет. Ова се историски времиња, и сега сме ние одговорни. Со предизвикот доаѓа шансата, а шансите се огромни. Но, постои мал простор за грешка.

Една претходна генерација се запозна со предизвикот од нејзиното време со водство, визија и жртва. Америка по Втората светска војна, откако претходно по Првата светска војна плитко навлезе во водите на изолационизмот и протекционизмот, сфати дека нашата нација има глобална обврска која вклучува и помош во повторната изградба на Европа и во ограничување на Советскиот Сојуз. Американската безбедност и просперитет зависеа од безбедноста и просперитетот на Европа.

Перцепцијата за американското мудро користење на својата огромна моќ ја зајакна вербата и довербата на светот во американското водство. Конрад Аденауер, при својата прва посета на САД во април 1953 година, даде елоквентна забелешка за уникатниот баланс на моќ и цел во американската надворешна политика:

„Оние кои се одговорни за американската политика, како и за американското јавно мнение поседуваат егземпларна свесност за фактот дека моќта и богатството значат обврски кон останатите. Американскиот народ не само што ја призна оваа обврска, туку и делуваше соодветно на неа. Во историјата на нашето време, која содржи толку многу мрачни поглавја, со златни букви ќе биде запишано дека САД, верни на својата традиција и врз основа на својата сила, ја преземаа одбраната на слободата во светот".

Институциите на ерата по Втората светска војна – Обединетите нации, НАТО, Светската банка, Општиот договор за тарифи и трговија и многу други – воспоставија рамка за разрешување на конфликти, преговарање и економски

развој. Американското водство не претрпе штети од овие институции. Токму спротивното. Америка се здоби со влијание и престиж.

Ниедни односи во животот не доаѓаат без компликации или потешкотии. Партнерството на Америка со Европа не е исклучок од ова, иако ова е однос кој не е налик на ниеден друг. Историјата, културата и религијата создадоа посебна врска помеѓу двата континента. Но, и покрај тоа ние сме имале меѓусебни разлики и спорови. Таков е случајот во текот на Студената војна, вклучително Суецката криза од 1956 година, војната во Виетнам, американското распоредување на нуклеарни проектили со среден дострел во Германија во 1983 година, ... и листата може да продолжи понатаму. Но, нашите поголеми, стратешки, заеднички интереси ја дефинираа нашата врска и ги надвладеаја нашите разлики.

Денес, Америка, Европа и светот се во потрага по нови начини за разбирање и организирање на нашиот глобален систем. Терористичките напади на 11. септември 2001 година означија нова ера во светската историја. Правилата се сменија и треба повторно да бидат напишани. Новиот непријател може да биде поподмолен, понедофатлив и поопасен од нашите непријатели во минатото. Америка ја зграпчи иницијативата за ремоделирање на глобалната политика со тоа што ја предводи војната против тероризмот. Многу нации се вклучија во тој напор со соработка без преседан во областите на дипломатијата, разузнавањето, спроведувањето на законот, хуманитарноста и економијата. Сојузниците на Америка во Европа, Азија, Африка, Јужна Америка и Средниот Исток сфаќаат дека поразот во оваа војна не треба да се смета за можна опција. Тероризмот е глобалната куга на нашето време. Нашиот досегашен успех во разбивањето на ќелиите на Ал-Каеда и на светските терористички мрежи зависеше, и ќе продолжи да зависи, од силната, беспрекорна соработка помеѓу сите нации.

Америка и Европа имаат заеднички интерес за ограничување на пролиферацијата на оружјето за масовно уништување. Програмите за нуклеарно оружје во Северна Кореја и Иран можат да ја дестабилизираат Североисточна и Југозападна Азија, региони кои се од витално значење за стабилноста и просперитетот на глобалната економија. Затоа, спречувањето на пролиферацијата е глобална одговорност. Бушовата администрација мудро ги привлече Кина, Русија, Јапонија и Јужна Кореја во нашата стратегија на стопирање на програмата за нуклеарно оружје на Северна Кореја. Американското партнерство со Европа и Русија, соработувајќи преку Меѓународната агенција за атомска енергија, е најдобриот начин Иран да се убеди дека пролиферацијата на нуклеарното оружје само ќе ја зголеми изолацијата на тој режим. Повторно, и во овој случај, Америка не може тоа да го стори сама.

Ако трансатлантската алијанса беше жртва на ирачката војна, дозволете ослободувањето на Ирак да биде причина за заздравување на тие рани. Ова не е едноставно вежба за утешување, смирување на

повредените чувства и повредените ега. Безбедноста и стабилноста на Средниот Исток се поврзани со добивањето поволни резултати во Ирак. Тешко постигнатиот напредок во Ирак не смее да тргне во спротивната насока. Ние сме само на почетокот од една скапа, долгорочна обврска да осигуриме дека Ирак нема да стане пропадната држава или почва за размножување на тероризмот.

Транзицијата на Ирак кон стабилност и демократија бара активна вклученост на САД и на нашите европски и регионални сојузници. Не постои друг начин. Токму затоа САД предложи нова резолуција на ОН, која ќе дозволи проширена улога на ОН, мултинационални сили на ОН и јасна временска рамка и план за транзиција кон ирачко самовладеење. На Ирачкиот владин совет, и на идните ирачки влади, ќе им биде потребен легитимитет и програмирана поддршка, која можат да ја обезбедат само Обединетите нации.

Во моментот, во Советот за безбедност постојат разлики во однос на точното дефинирање на улогата на ОН и темпирањето на транзицијата кон ирачко самовладеење. Овие разлики се во однос на начините на кои тоа треба да се изведе, а не во однос на крајниот резултат. Сите ние се согласуваме дека ОН мора да игра поголема улога. И, во принцип, сите ние се согласуваме дека што порано можеме да ја пренесеме целокупната власт на Ирачаните, тоа подобро. Сепак, реално гледано, мора да се увериме дека ирачката влада ќе ја има способноста и легитимитетот за да владее.

Трошоците за повторната изградба на Ирак се запрепастувачки. Конгресот наскоро ќе разгледува по барањето за дополнителни 87 милијарди долари дополнителни средства, од кои речиси целата сума е за Ирак. Од нив, 20 милијарди долари се бараат посебно за реконструкција на Ирак. Тие 20 милијарди долари се само рата од цената на реконструкцијата, која се очекува да чини најмалку помеѓу 50 и 75 милијарди долари. Најверојатно ќе биде повеќе од тоа. Нафтените приходи на Ирак, за кои се проценува дека ќе бидат само 14.3 милијарди долари за периодот од јули 2003 до декември 2004, нема да ја пополнат празнината. Ирачкиот долг се проценува помеѓу 70-120 милијарди долари, а неплатените побарувања за репарации на ОН против Ирак се околу 116 милијарди долари.

Би било лесно за нашите пријатели преку океанот да ги прекрстат своите раце и да ѝ дозволат на Америка да ги плати трошоците за „нејзината" војна. Но, тоа би било неодговорно, како што беше и американското занемарување на некои од грижите и предупредувањата на нашите европски сојузници пред војната. Како што се приближуваме кон клучната донаторска конференција во Мадрид на 23. октомври, нашите пријатели преку Атлантикот мораат да делуваат согласно глобалниот интерес и визија, а не спротивно на тоа. Влогот е преголем за сите нас.

Не треба да го заборавиме Авганистан, кој, и покрај ослободувањето од Талибан, исто така виси на конец. Претседателот Хамид

Карзаи води секојдневна борба против регионалните воени команданти и дилери со дрога, како и со реконструираните талибански сили, кои ја поткопуваат неговата влада и неговата власт. Нашите сојузници, вклучително НАТО и Германија, која во моментот е на чело на Меѓународните безбедносни сили за помош (ИСАФ), понудија неопходна безбедност и развојна помош во Авганистан. Авганистан е првиот пробен случај во војната против тероризмот, и ние не смееме да не успееме.

Америка и Европа, заедно со Израел и арапските сојузници, ќе платат висока цена ако продолжи да се расплетува планот на Средниот Исток. Мора да работиме заедно за да ги натераме страните да преземат конкретни чекори кон мирот. Ова е заедничка кауза за Трансатлантската алијанса. Европејците не беа поштедени од терористи во минатото. Европските слободни општества, како и американското, ја привлекуваат омразата и гневот на оние за кои поволна клима за напредок се насилството, очајот и нетолеранцијата. Интензивирањето на радикалната политика на Средниот Исток само ќе ги влоши овие проблеми. Томас Фридман, осврнувајќи се на „смртниот стисок“ на самоубиствените бомбаши во Израел во минатонеделната колумна во „Њујорк Тајмс“, напиша: „Уверливата мировна зделка овде веќе не е само луксуз на САД – таа е суштинска за нашата домашна безбедност“. Тероризмот не познава ниту граници, ниту ограничувања. Ако нашите напори за прекин на насилството на Средниот Исток не успеат, и со текот на времето, терористичките напади станат дел од американскиот живот, Европа со сигурност ќе ја споделува истата судбина.

Ние живееме во историско време. Историските времиња се времиња на промена, а промената е вознемирувачка. Нашите алијанси и меѓународни институции, вклучително Трансатлантското партнерство, мора да одговорат, да ги предводат и да ги оформуваат овие промени во светот, како што тоа го сторивме по Втората светска војна. ОН, НАТО, Светската банка и другите мултилатерални организации се исто толку суштински, како и кога било од Втората светска војна наваму. Цел на американското водство ќе биде да работи со и преку овие институции и алијанси за поддршка на нашите заеднички глобални интереси. Малкумина нема да се сложат околку тоа дека режимите во Северна Кореја и Иран се на погрешната страна од историјата. Но, како што професорот Роберт Џервис од универзитетот „Колумбија“ неодамна напиша во „Надворешна политика“, „судбината на американскиот дизајн за светскиот поредок е повеќе во рацете на сојузниците на Вашингтон, отколку кај неговите противници“.

Испитувањето на јавното мислење за *Трансатлантските трендови,* за кое говорев претходно, ја отсликува комплексноста и нијансите на денешните трансатлантски односи. Вестите не се само лоши. Американците и Европејците се согласуваат дека меѓународниот тероризам е главната меѓународна закана, и двете страни се сложуваат дека програмите за оружје за масов-

но уништување во Иран и Северна Кореја, исламскиот фундаментализам и арапско-израелскиот конфликт се петте најургентни закани со кои се соочуваме. И 74% од испитаните Европејци и 70% од испитаните Американци изјавиле дека Обединетите нации треба да бидат зајакнати.

По настаните од изминатата година, на трансатлантската алијанса ѝ е потребно прилагодување, а не поправка. Ова е нормално и здраво. Се разбира дека ќе постојат разлики меѓу нас, и некои од тие разлики ќе бидат енергични и борбени. Една од нив беше Ирак. Но, ние споделуваме исто наследство и имаме заедничка судбина. Враќањето на политиката на „баланс на моќта“ ќе го поткопа потенцијалот и ветувањето за светла иднина на двете страни од Атлантикот, како и за остатокот од светот.

При подготовката за овој говор, ја искористив можноста да се осврнам на животот на Конрад Аденауер, кој обликуваше толку голем дел од повоената историја на Германија и Европа. Под водството на Аденауер – во 1949 година, на возраст од 73 години, беше избран за прв повоен канцелар на Западна Германија – Западна Германија стана демократска и просперитетна држава со силни врски со трансатлантската алијанса. Просветленото државништво на Аденауер ги фокусираше и ги обедини заедничките интереси на алијансата за повторно изградена и обединета Европа со оној за повторно родена и демократска Германија. Тоа беа рани и понекогаш мрачни денови од Студената војна, и патот на Германија не беше ниту лесен, ниту сигурен. Но, Аденауер знаеше дека сопствената иднина на Германија зависи од стабилноста, безбедноста и просперитетот на Европа, како и од блиското европско партнерство со САД.

Во неговата мајсторска двотомна биографија на Аденауер, Ханс Петер Шварц разоткрива валидна телеграма од државниот секретар Дин Акесон до претседателот Хари Труман, на 26. мај 1952 година, при завршувањето на преговорите околу Западните спогодби:

„Аденауер, иако добар и патриотски преговарач, уште еднаш откри дека е европски државник, кој знае кога е од суштинско значење да се направи компромис, за да ја спасиме можната светла иднина од заканата на постоечките потешкотии кои со себе ги носат деталите. Се надевам дека ќе биде со нас долго време“.

Телеграмата на Акесон во која му оддава почест на Аденауер е сведоштво за инспирирачко лидерство во која било ера. Повеќе од 50 години подоцна, повторно сме повикани „да ја спасиме можната светла иднина од заканата од постоечките потешкотии кои со себе ги носат деталите“. Тоа е должноста на Трансатлантското партнерство. Тоа е нашиот величествен товар. Тоа е првото поглавје од историјата на 21. век.

# Глобализам и нов трибализам - македонски поглед

д-р Ѓорге Иванов

Во март 1992 во списанието Тхе Атлантиц Монтхлs, Бенјамин Р. Барбер за првпат ќе го објави својот текст *Jihad Vs. McWorld.*[1] Иако за овој текст веќе се напишани илјадници страници коментари со поддржување и отфрлање, сепак вреди одново и одново да се препрочита овој текст. Барбер подоцна истите идеи ќе ги детализира и во книгата Jihad vs. McWorld: How Globalism and Tribalism Are Reshaping the World. Меѓутоа, токму во наведениот текст Барбер со неверојатна леснотија ни укажува на она што може да не очекува, но и она што навистина ќе се случи по една деценија во САД (11. септември 2001), но и во Македонија (конфликтот во 2001). Неговите интерпретации за *11. септември* се објавени во текстот Beyond Jihad Vs. McWorld[2].

Што може да се научи од сето она за што Барбер нѐ предупредува?

Едноставно: живееме во време кое го одбележуваат два противречни процеси: *глобализам* и *нов трибализам.* Иако меѓу нив постои спротивставеност во сите точки, едно нешто им е заедничко: и двата процеса претставуваат *закана за демократијата.*

Некои автори, што себеси се сметаат за сериозни познавачи на глобализацијата, му забележуваат на Барбер дека кај него постои тенденција за поедноставување на глобализацијата и дека врз основа на тоа симплифицирање се изведени погрешни заклучоци. Таквиот пристап би бил толериран доколку станувало збор за лаици и претставници на разни интересни групи. Меѓутоа, доколку се сака да се има сериозен научен пристап пожелно е земањето предвид на честопати спротивставените гледишта. Од тој аспект глобализацијата не била нужно спротивставена на процесите познати како „локализација“ и затоа често се спомнува и новиот взаемен процес наречен *глокализација*.

Секако дека сериозните расправи за глобализацијата укажуваат на нужноста од почитувањето на плуралитетот на гледиштата што за неа постојат. Затоа, пред да застанеме во одбрана на Барбер, пожелно е и мал увид во современите сфаќања и теории за глобализацијата.

## Современите сфаќања и теории за глобализацијата

Многумина поаѓаат од Zbigniew Brzezinski кој, во 1968 година во „Encounter“, го спомнува „системот на глобално планирање и долго-

[1] Benjamin R. Barber*: Jihad Vs. McWorld;* The Atlantic Monthly; *March 1992; Volume 269, No. 3; pages 53-65.;* Internet verzija: http://www.theatlantic.com/politics/foreign/barberf.htm

[2] Benjamin R. Barber: Beyond Jihad Vs. McWorld; *THE NATION MAGAZINE, January 21, 2002*; Internet verzija: http://www.benjaminrbarber.com/beyondjihad.html

рочната прераспределба на светските ресурси" како стратешка цел на САД. Други го цитираат Levitt кој, во Harvard Business Review од 1983, ја споменува глобализацијата како појава на фусија на пазарот на одредени стоки и услуги што ги произведуваат најголемите транснационални компании. Најопштото пак толкување му се пипишува на претставникот на Харвардската бизнис школа K.Ohmae (1990), кој во книгата „Свет без граници", ги елаборира трите центри на моќ кои ја детерминираат: светската економија, бесмисленоста на економскиот национализам на државите и доминантната улога на „глобалните фирми".

Во контекст на глобализацијата социолозите најчесто ги цитираат: Сен Симоновите и Контовите идеи за паневропската влада; Марксовото сфаќање за пролетаријатот кој нема своја држава; Спенсеровите идеи за универзалните степени за развој на општествата; Диркемовите и Веберовите сфаќања за процесите на социјализација и рационализација кои за нив биле универзални.

Неокомунистите, пак, тврдат дека првите вистински зачетници за идејата на глобализацијата биле теоретичарите на империјализмот како што се Рудолф Хилфердинг, Владимир Илич Ленин, Роза Луксембург. Тие први укажале на „империјализмот како последен стадиум во развојот на капитализмот".

Модернистите тврдат дека нивната теорија за модернизација и конвергенција прва укажала на процесот на транзиција, како унилинеарен пат по кој мораат да појдат сите општества. Крајна цел, според нив, претставува универзалното подобрување на човековиот и општествениот живот, односно достигнување на степенот на развој на високо индустријализираните демократски земји од Западот, што впрочем била и целта на глобализацијата. Сепак, мора да се признае дека модернистите меѓу првите јасно укажаа на нужниот процес на хомогенизацијата на светот. Меѓутоа токму поради нив денес глобализацијата се поистоветува со вестернизацијата или американизацијата.

Теоријата на зависноста, промовирана од неомарксистите, всушност претставува само обид за модификување на класичните теории за империјализмот. Според нив стремежот кон Запад подразбира целосна зависност од западните пазари, зависност од нивниот капитал, технолошка зависност и зависност при извозот на суровини односно ниво на нивните цени. Од протагонистите на ваквите теории, на политичко и идеолошко ниво, произлегуваат и најголемиот број на антиглобалисти.

Светско-системската теорија на Immanuel Wallerstein е една од највлијателните кај социолозите и политолозите, кога станува збор за глобализацијата. Оваа теорија општествените промени ги толкува во макросоциолошки категории. Wallerstein-овото објаснување на односите меѓу центарот, полупериферијата и периферијата претставува најсилна ривалска перспектива на современите теории за глобализацијата. Според него дискурсот на глобализацијата претставува всушност „...огромно неразбирање на современата реалност - измама што ни е

наметната од страна на моќните групи...". Дискурсот на глобализацијата води кон игнорирање на вистинските прашања и погрешно сфаќање на вистинската криза во која светот се наоѓа денес. Светот, имено, се наоѓа во период на транзиција, но не само на транзиција на неколку заостанати земји кои треба да се приклучат кон глобализацијата, туку станува збор за трансформација на севкупниот капиталистички систем во нешто друго.[3]

Критичарите на светско-системската теорија ја потенцираат конфузијата предизвикана од несфаќањето на разликата меѓу глобализацијата и интернационализацијата. Како резултат на ваквото разликување создадена е посебна теорија на глобалниот систем. Како најзначаен претставник се издвојува Leslie Sklair. Тој во центарот на својата теорија на глобалниот систем ги поставува таканаречените транснационални активности (transnational practices). Според него можно е да се разликуваат три нивоа на транснационални активности: економски, политички и културно идеолошки. На секое од овие нивоа доминираат соодветни институции. На ниво на економските активности тоа се мултинационалните компании, на политичко ниво транснационалната капиталистичка класа, а на културно идеолошко ниво идеологијата за консумеризмот. Сите нивоа се дел од тоталитетот кој се нарекува глобален систем. Leslie Sklair особено потенцира дека глобалниот систем не е синоним за глобалниот капитализам, меѓутоа глобалниот капитализам е доминантна сила која го обликува глобалниот систем.[4]

Кога станува збор за најсовремените теориите за глобализацијата како најцитирани автори се јавуваат: Anthony Gidens и Ulrich Beck. Според нивните сфаќања тие спаѓаат во таканаречената постмодернизациска теорија за глобализацијата. Според Malcolm Waters доколку глобализацијата првенствено ја сфатиме како проект, тогаш токму Gidens претставува најзначаен автор за глобализацијата.[5] Имено, за Гиденс глобализацијата е изведен поим и нејзините четири основни димензии се тесно поврзани со основните димензии на модерноста. Тие основни димензии на глобализацијата се: светската капиталистичка економија, системот на национални држави, светскиот воен поредок и меѓународната поделба на трудот. Националните држави се главни актери на глобалната политичка сцена, а мултинационалните корпорации на економската сцена. Она што моментално им недостасува на мултинационалните корпорации за разлика од националните држави се контролата над територијата и апаратот на принуда. Глобализацијата на воената моќ се однесува на вооружувањето, на сојузите меѓу државите и на самата војна. Меѓународната поделба на трудот се однесува на индустрис-

3 Immanuel Wallerstein, Globalization or The Age of Transition?A Long-Term View of the Trajectory of the World-System„; http://fbc.binghamton.edu/iwtrajws.htm

4 Leslie Sklair, *The transnational capitalist class and the discourse of globalization* http://www.theglobalsite.ac.uk/press/012sklair.htm

5 Malcolm Waters, *Globalization*, New York, Routledge, 1995

киот развој и е извршена со оглед на развиеноста на регионите, со напомена дека индустријализмот продира во сите области и во сите региони. Според Гиденс овие четири димензии на модерноста, но и врз нив заснованите претпоставки за динамизмот на модерноста овозможуваат западните сили да станат водечки сили на светот во економскиот, политичкиот и воениот домен. Токму ширењето на овие модерни институции врз сè поголем број земји и конечно во сите земји во светот е она што е познато како процес на глобализација. Затоа модернизацијата и глобализацијата се нераскинливо поврзани. Како Гиденсова заслуга честопати се спомнува и сфаќањето дека односот меѓу глобаризирачките и локализирачките тенденции не се нужно спротивставени, ниту, пак, се тоа односи кои меѓусебно се исклучуваат.

Постмодернизациската теорија за Risk Society е дело на Ulrich Beck. Според оваа теорија глобализацијата е последица на радикализираната модерност или таканаречената втора модерност. Beck поаѓа од фактот дека првата модерност придонесе светот да се  соочи со ризикот од првенствено планетарно еколошко загадување.  Ризикот од тоа загадување е глобален и  затоа бара глобална активност  за да се сведе на пожелно ниво. Ризикот веќе не е само национален туку глобален феномен. Ризикот сепак не е исто што е деструкцијата, меѓутоа е закана од деструкција. Според Beck, ризикот денес претставува еден вид на виртуелна реалност и затоа спасот од него е можен исклучиво преку создавање на космополитска демократија. Доколку не постои силна космополитска свест, зацврстување на институциите на глобалното цивилно општество и јавно мислење, космополитската демократија ќе биде само уште една нова утопија со улога на фасада за прикривање на империјалните игри на моќ, тврди Ulrich Beck.[6]

Глобализацијата нема да остане без свое влијание и врз теориите за меѓународните односи. Најмногу полемики ќе предизвика Francis Fukuyama со неговата книга *Крајот на историјата и последниот човек*, која едноставно ќе се појави во периодот на идејниот вакуум предизвикан со симболичното „рушење на Берлинскиот ѕид“ и исчезнувањето на биполарниот свет. Книгата, според многумина, беше триумфалистичка и во функција на оправдувањето на либерално-демократскиот идеолошки проект и легитимација за идеолошко-политичката унификација и универзализам.

Фукујаминиот „endism“ најжестоки критики ќе претрпи од Samuel Huntington преку неговата теорија за глобалниот хаос.[7] Според Huntington актуелното ширење на западните политички, економски и културни институции придонесе сè повеќе луѓе ширум светот да се соочат со странски вредности; Како резултат на тоа доаѓа до рушење на традиционалните вредности, што од една страна предизвикува пораст на криминалот и насилството, а од

[6] Ulrlich Beck (1999): *World Risk Society*, Polity Press, Cambridge.

[7] Samuel P. Huntington, *The Clash of Civilizations and the Remaking of Word Order*. Simon & Schuster, New York.

друга страна, ги зацврстува движењата што се борат за ретрадиционализација на исто така груб и свиреп начин; Како резултат на глобализацијата се јавува експанзијата на ирационално насилство кое се манифестира преку племенски масакри, фундаментализам и етничко чистење. Злосторствата, војните и геноцидите се множат и што е најлошо сè повеќе се вон контрола, така што процесот на глобализацијата кој, според Fukuyama, го уништил комунизмот сега се заканува да ги поткопа темелите на западната цивилизација и да го турне светот во состојба на сеопшт хаос. Huntington тврди дека првпат во историјата светската политика е мултиполарна во смисла на мултицивилизациска. Модернизацијата е одвоена од позападничувањето и не произведува универзална цивилизација; рамнотежата на сила се менува и значењето на Западот опаѓа; Азија економски, воено и политички се воздигнува; Исламот демографски експлодира и притоа го дестабилизира целиот свет; Незападните цивилизации ги реафирмираат вредностите на сопствените култури и затоа новиот светски поредок се засновува врз цивилизациите; Општествата што се блиски културно соработуваат едни со други и се собираат околу водечките држави; Обидите општествата од една цивилизација да се приклучат кон другите цивилизации остануваат безуспешни; Западните универзалистички претензии доаѓаат во конфликт со другите цивилизации, пред сè со кинеската цивилизација и исламот. Според Huntington опстанокот на Западот зависи од Американците, кои го реафирмираат својот западен идентитет и западњаците кои мораат да ја сфатат својата цивилизација како единствена, а не универзална. Глобалната војна меѓу цивилизациите ќе зависи од изборот на лидерите, кои би го одржале или неодржале мултицивилизацискиот карактер на глобалната политика, заклучува мошне песимистички Huntington.[8]

Доколку го следиме ваквиот приод лесно би сфатиле зошто сè уште не постои усогласена дефиниција за глобализацијата, како од аспект на интердисциплинарноста, сеопфатноста и дуалноста (станува збор за паралелни процеси: ширење на транснационалното недржавно поврзување, слабеење на државната улога и националниот суверенитет со создавање на заеднички унии, интернационализацијата на економските односи, развојот на единствениот систем на светски поврзувања, интензификацијата, либерализацијата и институционализацијата на светската трговија и сл.), но исто така и од аспект на различните толкувања (едни имаат негативен и фаталистички, а другите позитивен однос кон глобализацијата). Несогласувања постојат и за тоа дали станува збор за нова појава, или за нова фаза на интернационализацијата на капиталот што почнала многу одамна; дали нејзиниот феномен е поврзан со „нафтените шокови“, распадот на социјализмот, регионалните финансиски кризи и сл.

8 За ваквиот концизен приказ на најдоминантните современи теории за глобализацијата, заслугата му припаѓа на Владимир Вулетиќ и неговата докторска дисертација *Глобализација - процес и/или проект* на Филозофскиот факултет во Белград.

Токму поради ваквата конфузија, во последно време се настојува глобализацијата да се согледува и како премин во нова развојна епоха со квалитетно нови перформанси, кои се засновуваат врз неверојатниот успех на новите технологии во последните неколку децении во областа на информатиката, роботиката, биотехнологијата, генетскиот инженеринг, вселенските истражувања и сл. Но, ова веќе нè принудува глобализацијата да ја сфатиме и како тенденција на економско-политичкото преуредување на светот и унификацијата на меѓународните текови на стоки, услуги и ресурси, пазари, производство, технологии, комуникации, финансиски текови кои се манифестираат во меѓународното поврзување на државите, ширење на фирмите надвор од националните граници и формирање на нови меѓународни организации.

Колку и да се обидуваме реално да ја осознаваме глобализацијата и теориите за неа, секогаш ќе наидуваме на нови и нови спротивставени мислења и низа противречности. Затоа нужно е да се појде од она што е неоспорно.

Покрај сè што е наведено и кажано за неа, неоспорен факт е дека глобализацијата претставува реален историски процес. Тој процес се развивал во текот на многу векови, но значително се забрзал во последните неколку децении. Токму затоа, глобализацијата ја карактеризираат универзализацијата, хомогенизацијата и унификацијата на светот според некои значајни принципи, одредници и норми на однесување, но и афирмација на растечката взаемна поврзаност и условеноста меѓу одделни земји и региони.

Исто така, неоспорен факт е дека, основен генератор и акцелератор на глобализацијата претставува движењето на капиталот. Тоа е она што влијае врз стопанскиот растеж, промената на стопанската структура, платниот биланс, вработеноста, стопанската стабилност и сл.

## Темната страна на глобализацијата

Колку и да сакаме да ја согледуваме глобализацијата од позитивен аспект, мораме да признаеме и за уште еден неоспорен факт: глобализацијата си има и свои придружни општествени, културни, економски и политички ефекти. Паралелно со наведените процеси веќе се појавуваат и се развиваат терористички, мафијашки, религиозно-фундаменталистички, насилно-сепаратистички, криминално-хакерски, етно-националистички и какви сè не нови глобални мрежи. Темната страна на глобализацијата не може ниту да се сокрие ниту да се сузбие. Тука веројатно најочигледен пример претставува наркобизнисот, кој не познава граници кога станува збор за поврзување на производството, дистрибуцијата и продажбата на наркотиците ширум светот. Наспроти тоа нарко-мрежите, како што покажа и конфликтот во 2001 година во Македонија,[9]

[9] Robert Hislope, „*The Calm before the Storm? The Influence of Cross-Border Networks, Corruption, and Contraband on Macedonian Stability and Regional Security*,“ paper prepared for the 2001 Annual Meeting of the American Political Science Association, San Francisco, Calif., 31 August –2 September 2001. www.jorm.org.mk/docs/The%20Calm%20before%20Storm-Robert%20Hislop.pdf

најчесто се поврзани со локални етнички конфликти, светските нарко-лордови и создавањето „сиви зони“ каде непречено се одвиваат нивните криминални активности. Токму дрогите се идеален производ на црниот глобален пазар и најпрофитна „индустрија“. Како што наведува и Wallerstein нарко-индустријата задолжително е под управа на мафијата, која задолжително се впушта во корупција на голем број државни официјални лица.[10] Затоа и темната страна на глобализацијата во исто време има карактер на глобално и локално. Криминалниот *глокализам* станува планетарна реалност. „Сивите зони“, претворањето во стока на сè, потрагата по брз профит и борбата за признавање ги разбудија со векови заспаните„племиња“. Новите технологии и интернетот преку процесите на глобализацијата ги создадоа новите „нетериторијални племиња“ како нов трибализам.

* * *

По оваа елаборација повторно сме на почетокот: Барбер навистина бил во право. Глобализмот веќе ги пројавува своите императиви: императивот на пазарот, императивот на ресурсите, информациско - технолошкиот императив, еколошкиот императив. Многумина веруваа дека овие императиви во меѓусебна комбинација досегнаа значајна победа над расколот на трибализмот. Имено на цела планета пазарите ја анулираат националната сувереност (што забрзано доведува до преиспитување на моделот на Westphalian state[11]) и предизвикуваат развој на меѓународни банки, трговски здруженија, транснационални лобија како ОПЕК и Гринпис, информативни агенции како CNN и BBC, и мултинационални корпорации кои сè повеќе остануваат без смислен национален идентитет, кои не го изразуваат ниту го почитуваат националното, како организациско или регулативно начело.

Сопственоста, банките и трговијата навистина се сè позависни од приливот на сè повеќе и повеќе информации. Тоа, пак, бара развој на нови и брзи технологии. Хардверот на тие технологии е претежно сè посилен и побрз интегриран компјутер, најчесто поврзан преку сателит. Масовно се користат ласерите, оптичките влакна и брзите микропроцесори. Сето тоа заедно е технологија, која во меѓусебна комбинација создаваат големи интерактивни комуникации и информациска мрежа наречена Интернет кои се веќе ’рбетот и нервниот систем на глобализацијата.

Сателитските аудио и видео сигнали навистина не ги почитуваат националните граници, телефонските жици навлезени се и во најзатворените општества, мобилните телефони имаат сигнал во најголем дел од планетата, каде не можат

[10] Immanuel Wallerstein, *Utopistics or Historical Choises of the Twenty-First Century*, The New Press, 1998

[11] Таканаречениот Вестфалски модел се однесува на концепцијата на меѓународниот поредок според Вестфалскиот мир од 1648 година, со кој е окончана Триесетгодишната војна, врз кој за првпат е изграден принципот на територијалниот суверенитет во меѓудржавните односи. За ова кај David Held, *Democracy and the Global Order -From the Modern Stateto Cosmopolitan Governance*; Polity Press, Cambridge, in association with Blackwell Pub. Ltd, 1995.

тие - функционираат сателитските телефони. Компјутерите и модемите размножувајќи се како зајаци, како што вели Барбер, не дозволуваат нешто да остане тајно, барем не за долго. Сè повеќе заеднички јазик, односно *lingva franca,* е англискиот. Не оној англиски што се учи во училиште, туку нешто слично на „а'ла Тарзан англиски: Јас Тарзан ти Џејн". Јазик без многу граматика, јазик  на кој не може да се пишува проза и поезија, но затоа овозможува комуникација и тоа планетарна. Веројатно поради тоа Америка веќе има монопол врз подрачјето на популарната култура. Културите навистина станаа помоќни од оружјето. Холивуд веќе е многу помоќен од Пентагон. Затоа и не зачудува фактот што Јапонците многу побрзо ги купуваа холивудските филмски студија отколку што Американците ги купуваат јапонските телевизори, кои се, пак, во гро-план речиси во секој филм снимен во Холивуд. Кока Кола и Мек Доналд навистина во Русија и Кина направија многу повеќе при создавањето на глобалната култура, отколку која било воена интервенција.

Сепак, целиот тој процес на глобализација кој бара сè поголема дигитализација на секоја информација, нема ништо што би давало изглед на демократичност. Сè почесто сме сведоци на нови облици на манипулација и прикриен надзор. Повторно го чувствуваме Орвел и неговата „1984" која сега живее на „Запад".

Најочигледниот пример за тоа ни го дава Ignacio Ramonet преку неговиот текст ***On the record*** **објавен во** Le Monde diplomatique **од август 2003.**[12]

На пример, доколку од Европа заминете во САД, тврди Ignacio Ramonet, треба да знаете дека во согласност со Спогодбата меѓу Европската комисија и американските власти, одредени ваши лични податоци, без ваше знаење, авиокомпанијата ќе ги предаде на цариниците во САД. Пред да влезете во авионот, властите во САД ќе го знаат вашето име, презиме, адреса, број на пасош и на кредитните картички, вашата здравствена состојба, начинот на исхрана - кој може да ја открие вашата религиозна припадност, претходните патувања, имињата и возраста на лицата што ве придружувале на тие патувања, организациите кои ви ги финансирале патувањата и слично.

Секој ќе каже дека тоа и те како е потребно, особено по сето она што се случи во САД на 11 септември 2001. Да, меѓутоа сите ваши податоци ќе ги обработи системот наречен CAAPS - Computer Assisted Passenger Pre-Screening, за да ги открие потенцијално сомнителните лица. Контролирајќи го на ваков начин идентитетот на секој патник и вкрстувајќи ги податоците со разузнавачките служби, полицијата, Стејт департментот, Министерството за правда и банките, CAAPS ќе процени кој степен на опасност претставува патникот и ќе му доделат знак со одредена боја: зелена за безопасни, жолта за сомнителни и црвена за оние кои ќе бидат спречени да влезат во авион за САД,

---

[12] http://mondediplo.com/2003/08/01ramonet

а притоа веројатно и ќе бидат затворени. Доколку сте муслиман, или по потекло од Блискиот Исток, автоматски ќе добиете жолт знак и цариниците ќе ве фотографираат и ќе ви земат отисоци од вашите прсти.

Во САД не им е лесно ни на латиноамериканците. Според пишувањето на El Pais,[13] како што наведува Ignacio Ramonet, откиено е дека 65 милиони Мексиканци, 31 милион Колумбијци и 18 милиони централноамериканци се воведени во базите на податоци на САД без нивно знаење. Американскиот закон забранува складирање на лични податоци, меѓутоа дозволува по нарачка некоја приватна фирма да го прави тоа за потребите на владата. Лондонски The Guardijan (5 may 2003) пишуваше за еден таков случај кога една приватна фирма и нејзината филијала во Флорида (DBT) од страна на државата била ангажирана да ги реорганизира изборните листи. Како резултат на тоа, наведува The Guardijan, илјадници лица останаа без правото на глас. Тоа понатаму влијаеше на резултатите од изборите, со оглед на фактот што со само 537 гласа предност во Флорида беше избран идниот претседател на САД.

Но, не се само странците предмет на засилен надзор во САД. По 11 септември 2001 целосно е засилена ксенофобијата која преоѓа речиси во параноја. Новите контроли, овозможени со Patriot Act, го доведуват во прашање приватниот живот, тајноста на коресподенцијата и слободата на информирање. Во САД повеќе не е потребна дозвола за прислушување на средствата за комуникација. Како што пишуваше The Washington Post National Weekly Edition (21-27 april 2003) FBI бара од библиотеките да им го предаваат списокот на книги и интернет сајтови што ги посетуваат нивните членови, сè со цел да се направи таканаречен *интелектуален профил* на секој читател.

Но, со ова не завршува контролата, надзорот и незаконитото шпионирање. Во Пентагон веќе функционира проектот Total Information Awareness (TIA) кој поради протестите на заштитниците на приватниот живот[14] се промени во Terrorism Information Awareness (TA)[15].

Како што наведува Ignacio Ramonet целта на овој проект (TIA) е да се соберат околу 40 страници податоци за секој од 6,2 милијарди жители на планетата и нивната обработка да се даде на хиперкомпјутер (веројатно за нас што пишуваме вакви текстови ќе им бидат потребни многу повеќе страници). Имено со централизација, вкрстувања и обработка на сите расположиви лични податоци, како што се на пример: плаќањата со кредитни картички, претплата на медиуми, банкарски операции, телефонски повици, посета на веб-сајтови, електронска пошта, полициски досијеа, полиси за осигурување, лекарски картони и социјално осигурување, Пентагон смета дека ќе може комплетно да знае сè што е потребно за речиси секој поединец

[13] El Pais, Madrid, 21 may 2003

[14] http://www.epic.org/privacy/profiling/tia/

[15] http://www.darpa.mil/iao/TIASystems.htm

на планетата. Оние што беа убедени дека филмот Minority Report е само научна фантастика сега би требало да знаат дека тоа станува сè повеќе наша реалност. Властите во САД се убедени дека преку проектот TIA ќе можат да бидат предупредени за злосторството пред тоа и да се случи.

Шлагот доаѓа на крај, Ignacio Ramonet го цитира John Petersen, president of the Arlington Institute [which calls itself a „future-oriented research institute"], claims that there will be less privacy but more security. „We will be able to anticipate the future, thanks to the interconnection of all information to do with you. Tomorrow we shall know everything about you„. По ваквата изјава Ramonet, но и сите ние што се обидуваме да дознаеме нешто повеќе за глобализацијата, едноставно би заклучиле: „One step on from Big Brother".

Народите што живеат на Балканот имаат една народна мудрост која вели: „сè се враќа, сè се плаќа". Дојде време и некогашниот „слободен свет" да го доживее она што ние со децении го живеевме во таканаречениот „социјалистички свет". „Орвел" навистина се преселил да живее на Запад, или можеби отсекогаш живеел таму, но ретко кој досега го забележувал?!.

Нашите колеги од Запад нè убедуваат дека сите императиви на глобализацијата сепак се транснационални, трансидеолошки и транскултурни. Дека глобализацијата како процес е сè позаводлив. Дека донесува мир, напредок и релативна единственост за сметка на независноста, заедништвото и идентитетот за кој ние на Балканот, а особено Македонците, се бориме со векови. Како примарни политички вредности глобализацијата ги поставува редот, мирот и слободата што впрочем е очигледно од најфреквентните синтагми „слободна трговија", „слободен печат", „слободна љубов". Во одредена мера се потребни човекови права, а не државјанство или партиципација; и не повеќе социјални права и рамноправност, отколку што е потребно за промоција на ефикасна економска продукција и потрошувачка.

Сепак, покрај сево ова, зошто се случи: Сиетл, Прага, Гетеборг, Њујорк, Џенова? Зошто постојат над 1.000 антиглобализациски организации низ целиот свет? Зошто на нивните маршеви против глобализацијата, против новиот светски поредок, против концентрацијата на моќ, против богатењето на сметка на сиромашниот дел од светот се носат паролите: „Ние сме за живот, тие се за смрт", „Глобализација на стравот и војната", „Запрете ја сидата". Ваквите прашања со секој нов ден сè повеќе се зголемуваат.

Наместо одговори сè почесто слушаме едни исти коментари: САД се лидер на едно ново „империјално обединување", Европа е слична на Грција во рамките на Римската империја – огромно културно влијание, но со многу скромна политичка и воена тежина. Можеби затоа во ерата на глобализмот многу демократски институции се маргинализирани и редовно заобиколувани, особено од страна на САД. Механизмите на демократско претставништво, односно националните парламенти, не функционираат повеќе како досега и се вон сите сериозни

настани. Нивната улога ја преземаат некои чудни лобија и тајни здруженија, кои го трасираат патот на глобализацијата.[16]

Во последните децении на дваесеттиот век процесите, кои веќе се познати како глобализам, придонесоа четириесеттина земји да преминат од авторитарна и тоталитарна кон демократска власт. Кон крајот на дваесеттиот век од 191 земја во светот 117, или над 61%, се слободни или делумно слободни демократии. Од 5,7 милијади луѓе 3,1, односно 54 % живеат во земји со демократски избрани влади.[17]

Меѓутоа, демократијата има своја цена и во таа цена спаѓа прогресивната индивидуализација на етницитетот. Според некое чудно правило на циклично обновување на архетипскиот модел на општествено организирање, денес многу општества од стариот свет се претходницата на некој вид етнички неотрибализам. Резултат на екстремниот културен индивидуализам е духот на „здравиот колективизам“. Динамиката на глобализацијата содржи тенденции, спротивни од регионализмот, партикуларизмот и парохијализмот (кои го деконструираат вестфалскиот модел на национална држава), иако постои можност одредени стратегии на регионализацијата да претставуваат еден вид контра-стратегија или начин да се канализира политичкото незадоволство и потенцијалните конфликтни ситуации. Ова може да биде насочено кон *глобализацијата* (а со тоа и трибализацијата) или кон *државата* (регионализмот и сепаратистичкиот национализам). Како резултат на злоупотребата на правото на самоопределување може да дојде до фрагментација на европските општества до степен на политичка пулверизација, и тоа во момент на отсуство на централни авторитети со силна политичка координациона волја во светот.

## Македонски специфичности

Македонија, по распадот на СФРЈ, излезе како најсиромашна република, институционално недообликувана, економски базична и компатибилна со српското стопанство, кадровски масакрирана, односно обликувана како сервилно-послушничка и, пред сѐ, замолчана и инфериорна. Македонија немаше свои препознатливи филозофски школи, книжевни правци, вистински дисиденти. Распадот на СФРЈ ја затекна без силни општествени структури независни од државата, кои се, пак, нужен предуслов за стабилни демократски политички институции. Наместо такви структури Македонија ја наследи политичката инфраструктура на „стариот режим“.[18]

По осамостојувањето во 1991 година Македонија се соочи и со еден историски неповторлив пери-

---

[16] Повеќе за ова на Интернет: www.bilderberg.org ; www.parascope.com

[17] Според извештајот на Freedom House за 1995 година наведен кај Larry Diamond: *Is the Third Wave Over?* Journal of Democracy 7.3 (1996) стр. 20-37

[18] Адам Михњик, како еден од најдобрите познавачи на ваквите состојби во посткомунистичките земји, укажува дека таквата наследена инфраструктура не може да доведе до реставрација на стариот поредок, меѓутоа во демократијата најчесто предизвикува „гангрена“. Adam Michnik, *The Velvet Restoration*, The East & Central Europe Program Bulletin, New School for Social Research, New York, t.5/1 No. 16, October 1994 стр.7

од. Настана спорот околу името со Грција; непризнавање на народот и јазикот од страна на Бугарија; наметнати санкции од меѓународната заедница врз СР Југославија, која, пак, продолжи со непризнавањето на Македонската православна црква; самозатвореност на Албанија; проблеми со пошироко меѓународно признавање. Сево ова придонесе да се создадат, за прв пат, автохтони и оригинерни општествени структури во Македонија наспроти старата инфраструктура во институциите. Имено при лобирањето за поширокото меѓународно признавање на Република Македонија, но и контактите со соседните земји, самоиницијативно, автономно беа ангажирани голем број невладини актери, поединци, ентузијасти, наши сонародници. Тоа создаде еден креативен хаос на многу организации, институции, поединци кои беа заштитени од посегањето на настанувачката (централизирана) држава.[19] Се создаде раширена мрежа на невладини актери, со висок напон на ентузијазам и самоиницијативност како специфичен збир на општествени комуникации и социјални односи, социјални институции и општествени вредности чија појдовна точка и главен актер почна да станува личноста како *граѓанин*.

Тоа беше оној автономен простор во кој граѓаните почнаа да ја совладуваат новосоздадената осаменост, себичност, изгубеност, бесперспективност, фрустрираност од оспорување на секој аспект на нивниот идентитет, формирајќи таканаречен колективен идентитет. Идентитет компатибилен со локалните, но и со глобалните процеси. Всушност, станувaше збор за општество, но и за нешто повеќе од тоа. Тоа беше област на спонтано создадени општествени структури одвоени од државата кои повеќе комуницираа на глобално ниво (борејќи се за меѓународно признавање на новата држава); тоа беше нова почва во која требаше да почнат да ги пуштаат корените новите демократски политички институции. Овие структури многу побавно се обликуваа од политичките институции и беа помалку изложени на манипулациите од тогашната јавна политика. Тие беа во обратнопропорционален однос на државната моќ: кога државата беше слаба тие се засилуваа - подоцна како државата се зацврстуваше тие слабееја сѐ до делумно исчезнување по приемот на Македонија во ООН во 1994 година.

Во меѓувреме инфраструктурата на старата власт (која ги исполнуваше новите државни институции), заедно со старата бизнис-елита и новата демократски избрана власт, не само што ги сочува старите привилегии, туку и ги блокира новите процеси. Тврдејќи дека нивен најголем успех е мирното осамостојување од СФРЈ без војна (наспроти Словенија, Хрватска и Босна кои веќе беа во војна) и успешното пребродување на ембаргото на југ наметнато од страна на Грција и ембаргото на север кон СРЈугославија наметнати од ОН, си обезбедија непопречувана приватизација и пристап до речиси сите ресурси во државата. Според неофицијални проценки, Македонија

[19] Траги од сево ова сѐ уште можат да се најдат на Интернет.

од социјалистичкиот период наследи стопанска и нестопанска инфраструктура, објекти, фабрики, рудници, инсталации, општествени станови, општествени институции и сл., со пазарна вредност околу 20 милијарди долари. Сето тоа за една деценија премина во раце на новостарата елита, оставајќи зад себе пустош во стопанството, отсуство на странски инвестиции и една од најголемите стапки на невработеност во Европа.

Новосоздадениот амбиент по речиси криминалната приватизација беше плодна почва за етно-политичка мобилизација што ја понудија новооснованите политички партии претежно врз етничка основа. Етнонационалното самопотврдување и замената на класната идеологија со етно-национално заснован консензус, се покажаа и во Македонија како единствена врска меѓу многубројните коалиции што произлегоа од политичката транзиција и процесите на еманципација. Општественото и политичкото неискуство на населението сè повеќе го користат новите политички и бизнис-елити во Македонија. Тие сè повеќе профитираат политички и економски од ваквата состојба, усложнувајќи ја уште повеќе. Политичката наука укажува дека кога ќе отпочне ваквата етнизација и клептократизација, многу е тешко сето тоа да се запре, а пак за демобилизација и деконтаминација е потребно многу, многу време. При такви околности општествата практично ја губат способноста да ги дефинираат своите интереси според материјалните и граѓански критериуми, и забораваат да комуницираат преку каков било друг дискурс освен оној за етницитетот и личната лојалност и личната корист. Во такви околности со силни етно-национални емоции Македонија ја доживеа 2001 година.

Актуелните состојби во нашето опкружување укажуваат дека етнонационалните емоции можат да бидат дури и посилни од економските интереси. Тоа можеби е и причината за скептичниот однос и кон глобализацијата. Кога веќе еднаш некоја политичка заедница се мобилизира во процесот на етнизација, кој се претставува како единствен модел на политичко однесување (особено сега по т.н. „Охридски договор“ од 2001 год., кој до крајни граници ја етнизира политиката во Македонија), настанува голема опасност од создавање на политички систем со тоталитарни тенденции. Со етнизацијата, имено, повторно се воспоставува приматот на политичката сфера над сите други; сите политички програми и проекти се насочуваат кон етничката (односно сега биетничка: македонско/албанска) или биетнизираната инфраструктура на сите државни институции наместо кон градење граѓански идентитет и демократско граѓанство (демос). Сите идеи, аспирации, цели и иднината се анализираат и објаснуваат во согласност со императивите на етницитетот. Кога ќе дојде до ова наеднаш почнуваат да се бараат непријатели, се откриваат наводни заговори, населението сè повеќе е подложно на манипулации преку повикување на колективните емоции. Кога-тогаш сето тоа завршува во нов трибализам.

Новата политичка и бизнис-елита во Македонија едноставно не ја сфати позитивната страна на глобализацијата. Не сфати дека по распадот на социјализмот, нужно мораше да создаде амбиент демократијата да се консолидира паралелно со изградба на економски систем заснован врз слободната размена. Економски систем, во кој ќе постои доминација на приватни претпријатија ослободени од државната регулатива; Сосем поинакви синдикати и тотално различни од наследениот синдикат од социјализмот; Слободна меѓународна размена, не во законите и спогодбите, туку во реалноста: минимални или никакви царини и други увозни бариери; Отсуство на инвестициони ограничувања; Ниски даноци; Поголема насоченост кон интересите на поединецот, а не кон интересите на општеството. Спроведувањето на овој вид економски систем во Словенија, Чешка и Унгарија за само една деценија ги покажа своите супериорни ефекти.

Ваквиот модел на економски систем во теоријата и практиката е познат и како глобален турбо-капитализам.[20] Македонија, покрај сè што ја снајде, сè уште има можност од негова примена. Меѓутоа, неговата имплементација и успех, пред сè, зависи од промените не во економската туку во правната сфера.

Тие промени наједноставно можат да се сфатат доколку се познаваат основните карактеристики на правниот систем на САД. Од тој аспект Македонија мора да го стори следното: 1) Обичните и сиромашните слоеви на населението во Македонија мораат да имаат едноставен пристап кон судските постапки, што, за жал, сега со скапите судски такси и адвокати не е можно. 2) Покренувачот на постапката да не е обврзан да ги плаќа судските трошоци доколку го изгуби спорот со обвинетиот (секако дека ова не важи доколку станува збор за богати клиенти и големи корпорации за кои како во САД надлежен е судијата да донесе посебна одлука). 3) На адвокатите да им се плаќа единствено доколку го добијат спорот - на овој начин се штити правниот систем од неоправдани тужби и спорови, зашто во тој случај поднесителот на тужбата нема да може да најде адвокат. Со ваквите промени се добива во ефикасност на економскиот систем, особено при контрола на работата на корпорациите од страна на потрошувачите.

Наспроти промените во судството, исто така, неопходен е и државниот активизам во примената на законските норми. Ова особено важи при ограничувањето на приватните фирми своите активности да ги насочуваат против јавниот интерес, како што е вообичаено досега во Македонија. Слободниот пазар има природна тенденција да стане неслободен, доколку им се овозможи на најуспешните компании да се зацврстат толку многу при што би станале целосни или делумни монополи. Борбата против монополите всушност е сржта на демократијата затоа што таа не толерира каква била концентрација на моќ,

[20] Edward Luttwak*: Turbo Capitalism - winners and losers in global economy*, Orion Business Books, London, 1999.

без оглед на тоа од каде таа моќ потекнува.

Со ваквата политичка волја за примената на законите и мотивот на адвокатите својата заработувачка и своето реноме да ги засновуваат исклучиво врз добиените спорови, на краток рок се чувствуваат ефектите од економскиот систем. Во такви услови бизнисмените перманентно ги консултираат и скапо ги плаќаат своите адвокати и правни советници не затоа што се плашат од власта, туку од другите адвокати.

Покрај наведеново, од клучно значење претставува примената и ефикасната наплата на сите даночни оптоварувања. На пример, ниската стапка на евазија на даноци во САД не е резултат на високиот морал и чесност на американските граѓани и бизнисмени, туку, пред сѐ, на исклучително високите казни при неплаќањето на даноците, кои не ретко завршуваат и со затвор. Како резултат на целосното собирање на даночните приходи се овозможува редистрибуцијата на делот од доходот за потребите на хуманиот развој. Хуманиот развој од друга страна се покажува како основа за одржување на калвинистичките убедувања во духот на американските граѓани. Иако сосем мал број граѓани во САД се припадници на оваа религија, нејзините убедувања се длабоко вкоренети во духот на американската нација. Калвинистичките правила, имено се многу едноставни и ги има само три кои гласат: 1) *Број еден во општеството е оној што заработува најмногу* (Затоа Бил Гатес и Георге Сорос се слават како американски херои- секако сѐ додека нивното богатство е резултат на нивниот труд и ум); 2) *Сиромашните луѓе се губитници не само во очите на другите, туку првенствено во сопствените очи* (За својот неуспех сиромашните, за разлика од другите земји, не ја обвинуваат ни државата ни власта, сами ја сносат одговорноста и товарот за својот неуспех. Тие дури и не прифаќаат каква била одговорност преземена од друга страна што има политички консеквенци. Во САД никогаш на власт не дошла ниедна социјалистичка партија, ниту, пак, била значително присутна во Сенатот); 3) Ова правило се однесува на оние кои не веруваат во второто правило, а главно припаѓаат на сталежот на сиромашните луѓе (тие својот бунт најчесто го изразуваат преку нелегални активности, конзумирање дроги и оружени грабежи и најчесто завршуваат во затвор).

Македонија по повеќе од една деценија од преминот кон демократија сѐ уште има слаб правен систем, што резултира со намален економски пораст и намален хуман развој. Иако постојат анти-монополски закони, тие многу ретко се применуваат што придонесува да постојат високи цени и неквалитетни услуги. Постоењето на монополски претпријатија тотално го намалува ефектот од слободната размена преку намалувањето на присуството на конкуренцијата на пазарот. Од друга страна, зголемената евазија на даноците, особено кај албанското население, предизвикува намалување на средствата за финансирање на хуманиот развој. Сѐ уште доминантното верување во алтруизмот, сфаќањето на себичноста како најголема мана и неприфаќањето на

личната одговорност за сопствените неуспеси дефинитивно се една од главните причини во Македонија да се на власт политички елити кои сè повеќе нè оддалечуваат од глобалните процеси.

Македонија е пред избор: да продолжи со етнизирањето на политиката и на секојдневниот живот со што се подлабоко ќе заглиби во нов трибализам или конечно да го примени турбо-капитализмот за да ги почувствува позитивните ефекти од глобализмот. Изборот навистина е само еден, исто како и во народната мудрост: две лубеници не се носат под една мишка.

**Литература**

**Benjamin R. Barber**: *Jihad Vs. McWorld* The Atlantic Monthly; *March 1992;; Volume 269, No. 3; pages 53-65.;* Internet verzija: http://www.theatlantic.com/politics/foreign/barberf.htm

Benjamin R. Barber**: Beyond Jihad Vs. McWorld;*THE NATION MAGAZINE, January 21, 2002*;**

Internet verzija: http://www.benjaminrbarber.com/beyondjihad.html

**Ulrlich Beck** (1999): *World Risk Society*, Polity Press, Cambridge.

**Samuel P. Huntington**, *The Clash of Civilizations and the Remaking of Word Order*.Simon & Schuster, New York.

**Robert Hislope**, „*The Calm before the Storm? The Influence of Cross-Border Networks, Corruption, and Contraband on Macedonian Stability and Regional Security*„„ paper prepared for the 2001 Annual Meeting of the American Political Science Association, San Francisco, Calif., 31 August–2 September 2001. www.jorm.org.mk/docs/ The%20Calm%20before%20Storm-Robert%20Hislop.pdf

**David Held**, *Democracy and the Global Order -From the Modern Stateto Cosmopolitan Governance*; Polity Press, Cambridge, in association with Blackwell Pub. Ltd, 1995.

**Will Hutton and Anthony Giddens** (ed) On the Edge - Living with Global Capitalism, London; Jonathan Cape. 2000.

**Edward Luttwak**: Turbo Capitalism - winners and losers in global economy, Orion Business Books, London, 1999.

**Leslie Sklair**, The transnational capitalist class and the discourse of globalization http://www.theglobalsite.ac.uk/press/012sklair.htm

**Vladimir Vuletic** *Globalizacija - proces i/ili proekt* doktorska disertacija na Filozofskiot vo Beograd.2001.

**Immanuel Wallerstein,** Globalization or The Age of Transition?A Long-Term View of the Trajectory of the World-System„; http://fbc.binghamton.edu/iwtrajws.htm

**Immanuel Wallerstein**, *Utopistics or Historical Choises of the Twenty-First Century*, The New Press, 1998

**Malcolm Waters**, *Globalization*, New York, Routledge, 1995

# Само луѓето со визија оставаат траги во историјата

Гордана Јанкулоска

Почнувајќи од средниот век, речиси нема период во кој државниците или филозофите не го истакнале заедничкото европско наследство и потребата за поголемо „политичко“ единство во Европа. На почетокот на дваесеттиот век, првиот обид беше направен низ неколку видови на форми на интегрирана политика, а за таа цел беа основани меѓународни институции[1].

Ова беше логичниот исход од зголемената интервенција на владите во економијата, комбинирано со интензивираната меѓународна размена затоа и не беше никакво изненадување што оваа интеграција на политики третираше области што беа директно поврзани со условите за меѓународна трговија и конкуренција. И понатаму во текот на првата и помеѓу двете светски војни дојде до доминација на краткорочното економско размислување (борбата против невработеноста) и воено-стратешкото размислување (економската независност се сметаше како побезбедна стратегија отколку интеграција). Иницијативите за европско единство кои беа преземени од водечките државници се чинеше дека ветуваат многу повеќе[2]

Тогаш прогресивните умови почнаа да уочуваат дека национализмот создава само економски проблеми и дека претставува постојана закана за мирот[3]. Веќе во текот на Втората светска војна, тежнеењето за интензивна економска интеграција беше поставено на политичко-идеалистичка основа. Постоеше растечко уверување дека токму национализмот беше во коренот на катастрофата што фашизмот ѝ ја донесе во Европа, и дека затоа Европа треба повторно да се изгради во амбиент на зголемена меѓународна интеграција, особено во економска смисла. Поради ваквото чувство беа поттикнувани цела серија иницијативи за европска интеграција. По завршувањето на Втората светска војна, европската идеја стана и вистински ефективна.

Многу имиња на државници се впишаа во политичката историја на дваесеттиот век, но сепак само малкумина во изминатото столетие

[1] Меѓу првите меѓународни организации беа Унијата на меѓународните телекомуникации (1865) и Унијата на универзалните пошти (1874). Обете организации беа основани за да ги хармонизираат на меѓународно ниво сите национални регулативи во однос на надоместоците, процедурите, инфраструктурата (каблите) и така натаму. Хармонизацијата многу придонесе кон брзиот пораст на ПТТ-сообраќајот.

[2] На пример, постоеше план за европска федерација, кој беше поднесен во Лигата на нациите во 1930 година од страна на Бриaнд, премиер на Франција, по консултациите со министерот за надворешни работи на Германија, Стресеманн. Иако како шема беше добро прифатена, за кусо време се увиде дека поддршката е многу површна. Па затоа ова и не би можело да се смета како ситуација во која се негува вистинска европска визија.

[3] Најпознат обид во овој период за решавање на проблемот во европска перспектива беше т.н. Паневропско движење, предводено од Coudenhove-Calergi.

со оригиналноста на своите идеи оставија длабоки траги на страниците на историјата на обединета Европа. Пустошот на војната јасно стави на знаење дека единствената шанса за преживување на Европа лежи во прогресивната интеграција. Првиот резултат од активната поддршка од водечките политичари во сите западноевропски земји беше создавањето на Советот на Европа.

Неговото формирање речиси неверојатно, но вистинито го отсликува влијанието на Велика Бритнија на структурата на Европската унија, иако токму таа важи за земја за која владее мислењето дека отсекогаш придавала поголема важност на нејзината империја отколку на европската ориентација.

Човекот со визија, за многумина препознатлив како воен лидер, Винстон Черчил за прв пат ја промовираше идејата за создавање на Советот на Европа уште во далечната воена 1943 година. Черчил, како никој друг со својата визија се исправи пред искушението на војната промовирајќи победа на демократиите, пред сé инспириран од политичките и идеалистичките мотиви за европското единство како основа за стабилен мир[4].

Завршувајќи го еден од неговите најпознати говори, говорот во Цирих 1946, Черчил визионерски ги постави темелите на создавање на обединета Европа:

„Првиот чекор е да се формира Совет на Европа. Ако на прво место сите држави од Европа не се волни или спремни да се приклучат кон унијта, ние како и да е мораме да ги сплотиме и да ги комбинираме оние што можат и ќе го направат тоа“.

Во педесеттите години го добива признанието за „најзначаен жив Британец“ и од парламентот и лично од нејзиното височество кралицата. Со своите 75 години изјави дека е спремен да го сретне оној што го создал, но друго е прашањето дали создавачот е подготвен за средбата со него. Шест години потоа во 1965 година, Черчил умира на возраст од 81 година од церебрална тромбоза.

Петте години на лидерство во војна (1940-45) на Черчил му обезбедија место на државник, историчар и библиограф, кој има централно место во модерната британска историја и широко е прифатен како најзначајна политичка фигура во Велика Британија во дваесеттиот век.

Черчил се образувал на Harrow и на Sandhurst Millitary College. По повлекувањето од политиката станува добитник на Нобеловата награда за литература во 1953 година за делото Втората светска војна, иако јавна тајна е дека многу повеќе ја посакувал Нобеловата награда за мир. Звучи по малку парадоксално, ако се знае дека ваквата желба доаѓа од човек кој потекнува од семејство со воена традиција и кој самиот со многу ентузијазам во најголем дел од животот бил професионално инволвиран во војни. Во периодот од 1895 до 1898 бил сведок на неколку воени акции: во шпанската борба во Куба 1895, како

[4] За мултинационалните договори и меѓународни тела, кои беа создадени, мошне различни по својата структура и овластувања (на пример Советот на Европа) подетално видете Палмер, М. и Ламберт, Ј. *et al.* (1968), *European Unity; a Survey of the European Organisations,* PEP, Unwin University Books, London i Van Meerhaeghe, M.A.G. (1998), *International Economic Institutions,* 7th edn, Kluwer, Dordrecht.

известувач, и во Походот на северозападната граница на Индија 1897, и во походот во Судан од 1898, како известувач, но и активен офицер.

Инспиративен како лидер, динамичен и крајно непредвидлив како во животот така и во кариерата. Во 1900 година, за прв пат е избран за пратеник како кандидат на конзервативците. Во 1904 преминува во редот на либералите.

За него бракот со Clementine Ogilvy Hozier, нивните син и три ќерки т.е. семејството воопшто се извор на трајна среќа. Во годините помеѓу 1906 и 1911 се наоѓа на различни владини служби, а во 1911 е номиниран за лорд на воената морнарица. По почетокот на Првата светска војна го поддржа нападот на Дарданелите и акцијата против Турците. Неуспешните експедиции кон Antwerp и Gallipoli и загубената битка за Дарданелите ѝ донесоа непроценлива штета на неговата кариера и углед.

По повторното враќање во армијата станува полковник, а во 1917 година е номиниран за министер за вооружување на Lloyd George, за подоцна (1918-21) да стане и државен секретар за воздухопловство и одбрана. Во поствоениот период ги поддржувал анти-болшевистите во Русија.

На изборите во 1922 година, Черчил бил поразен како антисоцијалист. Го напуштил парламентот во 1922 за повторно да се врати во домот во 1924 како конзервативец.

Како министер за финансии (1924-29) контраверзно го вратил т.н Gold Standard во Велика Британија, со што станал мета на критики на големиот економист John Maynard Keynes, кој сметал дека ваквата политика ќе доведе до значителен пад на цената на јагленот, што во крајна линија создало услови за генерален штрајк во 1926 година. Коментирајќи за владиниот весник, дека „или владата ќе го задуши генералниот штрајк, или генералниот штрајк ќе ја задуши владата“ Черчил одиграл значајна улога во неговото спречување. За време на Втората светска војна, John Maynard Keynes станува економски советник на владата на Черчил.

Откако конзерватиците биле поразени во 1929 година, Черчил ја изгубил позицијата и следните неколку години ги посветил концентриран на пишување.

По избувнувањето на Втората светска војна, Черчил е номиниран за лорд на Воената морнарица. Презентирајќи го духот на земја која е во војна во мај 1940 понуди „крв, тешка работа, солзи и пот“, како премиер барајќи доверба од Долниот дом за неговиот мал воен кабинет.

Черчил е човек со исклучителни ораторски способности, зборувајќи природно и звучејќи спонтано секогаш знаел да ја мотивира нацијата со своите обраќања за да истрае во определбата да се добие војната. Впрочем, шеесет години подоцна на 11 септември 2001, председателот на САД George W. Bush со силата на зборовите на Черчил[5] ја повика американската нација да се спротивстви на најтешкиот удар кој САД

[5] „Нема да се измориме и да изгубиме. Ќе продолжиме до крајот... Ќе се бориме на плажите, на полињата, на улиците ... никогаш нема да се предадеме“.

го доживееле во својата историја, и да истрае во борбата со тероризмот.

На изборите во 1945 година, конзервативната партија на Черчил беше победена од лабуристите, но тој продолжи активно да дејствува во Долниот дом како лидер на опозицијата: се бореше против независноста на Индија, зборуваше во корист на Обединетите Нации и се залагаше за единствена Европа.

Како голем визионер по победата на сојузниците, Черчил беше човекот кој ја почувствува студената војна и го најави нејзиниот почеток во својот познат говор Железна завеса во Fulton, Missouri, пролетта 1946.

Искусниот политичар и војник, Черчил ги исцрта контурите на поствоената уништена Европа. Како жесток поборник на федерална Европа, својата визија за европското семејство по примерот на Соединетите држави предводени од Франција и Германија во 1946 година, во Швајцарија, во неговиот познат говор во Цирих, пред многубројната слушателска публика, повика за создавање на „соединети држави на Европа по примерот на САД".

Лекот за Европа уништена од војната го препозна во „ресоздавање на европското семејство, или на најголем дел од него, и обезбедување на структура во рамките на која ќе се живее во мир, сигурност и слобода - изградба на Соединети држави во Европа. Како прв чекор на интеграција на европските простори го посочи партнерство меѓу Франција и Германија, сметајќи дека Европа не може да опстане без духовната сила на Франција и духовната сила на Германија, сплотени во исто време. Структурата на Соединетите држави на Европа, ако е добро и вистински изградена е основа за материјалната индивидуална сила на секоја поединечна држава. Малите нации се вредни исто како и големите. Почитувани заради нивниот придонес за заедничката кауза. Промовираше мирна коегзистенција на различните култури како основа за процесот на европска интеграција. Историјата покажа дека неговата визија за Европа е вистинскиот пат кон иднината. Таа започна да се реализира со создавањето на Советот на Европа, а подоцна и на Европскиот суд за човекови права.

Токму како што говореше Черчил, група на земји го следеше наднационалниот пат создавајќи ја Европската заедница, која подоцна стана Европска унија. На деветти мај 1950 година, францускиот министер за надворешни работи, Schuman (инспириран од Monnet) презентираше план за здружување на француската и германската тешка индустрија, под висока европска надлежност. По преговорите, планот беше прифатен и тоа не само од Франција и Германија, туку и од земјите на Бенелукс и на Италија. Овој успех се должеше на огромната поддршка што планот ја доби од водечките политичари (вклучувајќи ги Adenauer и de Gasperi).

Фактот дека Черчил како државник гласно ја промовираше идејата за обединета Европа многумина ги одведе до погрешен заклучок за степенот на инволвираност на Велика Британија во Европската унија, која тие веќе ја видоа како

федерален дел од унијата, наспроти самиот Черчил кој ја гледаше, пред сè, како „пријател и спонзор". Татковината на Черчил, имајќи сериозни резерви околу концептот за наднационален карактер го одбра меѓувладиниот пат. Се држеше на релативна дистанца од интеграционите процеси, пред сé заради постоењето на еден друг приоритет за Британците во однос на ова прашање, нивната „природна врска" со земјите од Комонвелтот. Во 1959 година, под нејзино водство настана Европската асоцијација за слободна трговија (EFTA).[6]

Но, со текот на децениите, ЕУ покажа невообичаена динамика. Всушност, нејзината брзина на интеграцијаа ја надмина брзината со која напредуваа други шеми на интеграција. На сé поголем број земји-членки на ЕФТА им стана јасно дека нивниот интерес ќе биде подобро задоволен доколку и тие се приклучат на ЕЗ. Речиси сите земји постепено ја напуштија ЕФТА и станувaa членки на ЕЗ. [7]

Од неодамна, географската перспектива на ЕУ е дополнително проширена со распадот на централно планските системи во земјите на Централна и Источна Европа. Големиот визионер за интеграција на европските држави, контраверзен во животот остана таков и по смртта. Историчарите го критикуваа за неговите акции и неговите врски со светските лидери. Отворањето на досиејата на владата на Велика Британија во осумдесеттите години од минатиот век фрли само ново светло на нивните тези. Меѓутоа, едно и понатаму остана непроменето и неспорно, Черчил беше и остана еден од најголемите визионери за европските интеграции и еден од најзначајните луѓе во модерната историја воопшто.

[6] Институционалната оргаизација на ЕФТА не беше ништо поразлична од вообичаената меѓувладина структура на најголем број меѓународни организации. Целите на ЕФТА беа многу помали од оние на ЕЗ, со тоа што беше воспоставена само слободна трговска зона.

# Редефинирање на новиот свет

Јасмина Чукаловска

Пред воспоставувањето на глобалната ера многу од нештата кои ги доживуваме здраво за готово, не ни беа достапни. Неверојатната достапност на сите можни информации доведува до поместување во светот онаков каков што го познававме, со еднакво потенцирање и на позитивните и на негативните аспекти на промените. Кога Ентони Гиденс ги пишува овие текстови кон крајот на 1998, за подоцна да ги одржи како серија на предавања на ББЦ, не ни помислувал дека ќе можат да се аплицираат на сè поглобализираниот свет денес, и дека сè уште исто толку актуелни, впрочем како што тој вели - терминот „глобализација„ стана уште поглобализиран.

Предавањата го доживеаја публикувањето под заеднички наслов *Забеган свет*, од причини кои го наведуваат Гиденс да нè убеди дека живееме во време на период на главен историски преод, дотолку повеќе што промените се протегаат глобално. И наместо светот да биде поконтролиран, тој сè повеќе излегува од контрола и станува - Забеган свет (Runaway world).

*Глобализација* - Што е глобализацијата и како таа ги преструктуира сите досегашни сфаќања започнува од забелешката дека глобализацијата која како термин се појави од никаде, а сега ја има насекаде, сето тоа тесно поврзано со фактот дека не постои политичка или економска дискусија која не ја вклучува. Гиденс ги дели дискутантите на скептици и радикали, каде скептиците ја доживуваат глобалната економија како нешто не многу поинакво од оние економии кои досега постоеја, додека радикалите сметаат дека глобализацијата е многу реална. Сепак, според Гиденс, иако радикалите се поблиску до вистината, и двете




*ГИДЕНС, Ент*они; „Забеган свет: Како глобализацијата ги преобликува нашите животи“, *Филозофски факултет - Скопје, 2003*

групи прават грешка со тоа што ја анализираат глобализацијата само низ економска рамка, бидејќи глобализацијата е и политичка, технолошка и културна. Придобивките на глобализацијата во однос на развојот на технологијата, и пред сè на комуникациите, се енормни. Одеднаш светот ни е понуден на дланка, и тоа сè само со еден допир на тастатурата или со притисок на далечинскиот управувач. Излишно е да се напоменува колкаво влијание имаат комуникациите и информациите во промовирањето на човековите права или пак претставување на вредностите за светот поинаков од оној кој досега сме го познавале.

Иако многумина кои живеат надвор од САД и Европа ја доживуваат глобализацијата како американизација или вестернизација, сепак глобализацијата има свои влијанија и во САД и во земјите на Европа. Имено, економските влијанија се едни од придвижувачките, особено создавањето на нов глобален економски систем во кој сите се вклучени. Секако вестернизацијата не е сосема исклучена, западните и богати нации сè уште играат голема улога, и сè уште постои очигледната поделба на богати и сиромашни. Но, глобализацијата станува нагласено децентрализирана - таа не е под контрола на ниту една група на нации или, пак, на некоја од големите корпорации; нејзините ефекти се чувствуваат подеднакво насекаде.

Под влијание на глобализацијата, националните држави се преобликуваат, националните економски политики веќе не можат да се остваруваат како некогаш и нациите мораат да ги преобмислат своите идентитети. Нациите денес се соочуваат повеќе со ризици отколку со непријатели. Со промените настанува нешто што не постоело - глобално космополитско општество, а ние како негова прва генерација не сме во состојба да го водиме со колективна човечка волја.

Глобализацијата не е нешто инцидентно во нашите животи. Таа е начин на живот.

*Ризик* - Поимот ризик е неразделив од идејата за веројатноста и неизвесноста. Ризикот како поим не им бил потребен на старите традиционални култури, но во рамките на новиот глобален свет ризикот претпоставува општество кое се обидува да раскине со минатото. Пред модернизацијата основа на сè беа идеите за судбина, среќа и магија, нешта кои не сосема се напуштени и сега, но само срамежливо ги следиме. Нешта кои имаат некакво влијание на ризиците кои ги следиме. Позитивното прифаќање на ризиците е извор на самата енергија којашто ја придвижува модерната економија. Ризикот е одлика на општеството кое сака да се менува и таа промена да ја темели на иднината и очекувањата од иднината, а не на магиските предзнаци на минатото.

Основна линија до која луѓето се спремни да преземат одреден ризик е осигурувањето, кое е сфатливо само ако веруваме во иднина планирана од човекот. Осигурувањето е обезбедување безбедност. Ризикот е начин на регулирање на иднината и нејзино ставање под наша доминација.

Постојат два типа на ризик - надворешен (ризик кој доаѓа од надвор, од постојаноста на традицијата) и фабрикуван (ризик создаден со самото влијание на нашето растечко знаење за светот и е под директно влијание на интензивирачката глобализација). Во традиционалните општества луѓето биле загрижени за ризиците што доаѓале под влијание на природата, сега луѓето се грижат не за тоа што може да ни направи природата, туку што можеме да ѝ направиме на природата. Фабрикуваниот ризик се однесува и на друго покрај на природата: на пример на бракот и на семејството кои поминуваат низ радикални трансформации и слично. Со проширување на фабрикуваните ризици се јавува и ризикот од ризик. Ние нема да знаеме кој е степенот на ризик сѐ додека не биде доцна. При соочување со ризиците, ние можеме да одлучиме дали ќе претераме со нивното потенцирање и притоа да заплашуваме или едноставно да не обрнеме премногу внимание. Овие избори најчесто паѓаат на грбот на политичките и економските лидери на државите кои и ќе ги сносат позитивните или негативните последици од одлуката. Парадоксот станува рутина на современото општество и не постои начин на лесно справување. Напредокот во науката и технологијата секојдневно ги поместува мерилата на вреднување на ризиците, она што до вчера било негативно, одеднаш развило позитивни елементи. Ризиците веќе ги преминуваат националните граници и на крај владите веќе не можат да се однесуваат дека самите можат да се справат со овие новонастанати ситуации. Животот во глобалната ера значи справување со разнообразноста на новите ризични ситуации и сите учествуваат во тоа.

*Традиција* - Многу од тоа што денес го доживуваме како традиционално и како последица на многу-вековно развивање на одредени симболи, најчесто е производ на последните векови, а често и производ на неколку десетици години. Поимот традиција постои многу векови, но онаа форма во која го користиме денес е последица на дефинирање од страна на Европа во последните двесте години. Самата традиција е производ на модерноста. И сите традиции се измислени традиции. Традициите се измислици на разни монарси, свештеници и други за да ја оправдаат легитимноста на нивното владеење.

Погрешно е да се мисли за традициите како за непроменливи, дури и старите илјадагодишни традиции кон кои можеби милиони се придржуваат сепак се подложни на некоја радикализација и промена. Тие се својства на колективното однесување, и дури и да не се поставени пред многу многу години. Под влијание на глобализацијата настануваат важни промени: во западните држави се расчистува со традицијата (од институциите до секојдневното живеење). Дури и земјите традиционално традиционални почнуваат да расчистуват со традицијата.

Традициите се потребни во општеството. Светот не треба сосема да се ослободи од нив бидејќи тие му даваат континуитет и облик на живот. Треба само да се изврши

редефинирање на традициите кое ќе соодејствува со новиот модернизиран свет, така што ќе се промени улогата на традицијата, таа да се редефинира на нетрадиционален начин. Таа има сѐ помало влијание на индивидуата и како што слабее тоа влијание, се менува основата на нашиот личен идентитет. Така личниот идентитет треба да биде одново создаван на поактивна основа одошто порано. Од едната страна на глобализацијата е борбата меѓу зависноста и автономијата, а од другата борбата меѓу фундаментализмот и космополитизмот.

Глобализацијата има тенденција кон глобалното космополитско општество, додека фундаментализмот се јавува како одговор на тоа и воедно ја искористува глобализацијата за свои цели. Фундаментализмот е традиција дефинирана на традиционален начин. За да може космополитизмот да одговори на прашањата на фундаментализмот тој мора да создаде нови нивоа на универзални вредности. Како што вели Гиденс „Никој од нас не би имал за што да живее ако нема нешто за што вреди да се умре“.

*Семејство* - Глобализацијата има влијанија на сите претходно дефинирани „традиционални“ категории. Една од нив е и семејството. Она што во старите традиционални општества се доживуваше како неменлива категорија и каде во основа се знаеја сите односи до најмала ситница, одеднаш станува радикализирана категорија, каде се менуваат поимите на стабилност, сексуалност, љубов... Сепак има држави кои сакаат малку да се ослободат од преголемата либералност на концептот брак и барем малку да се обидат да го задржат во традиционалните рамки.

Карактеристично за традиционалното семејство беше нееднаквоста на мажите и жените. Очигледно е дека глобалното општество е она кое ја воспостави еднаквоста како пожелна алтернатива. Покрај бракот, и сексуалноста е радикализирана, и додека во традиционалното семејство беше потиснувана од потребата за репродукција, а љубовта воопшто и не беше земана предвид, одеднаш настанува реинвеција на сексуалноста како поим. Луѓето стапуваат во заедница која не е брак, туку едноставно кохабитирање едни со други со цел испитување на тој новооткриен аспект на социјалното живеење. Се разбира не одеднаш настанува комплетна радикализација, некои работи ги задржуваат своите традиционални рамки - како на пример односот кон жените на некои места, или антагонизмот кон хомосексуалноста. Деталите и разнообразноста варираат од општество до општество. И сосема се променети односите и приоритетите во семејството. На пример, додека порано да се има дете бил благослов, денес тоа претставува своевиден финансиски товар за родителите. Одлуката за имање дете веќе не е општествена задолжителност, туку индивидуална одлука. Три области ги заменуваат старите релации меѓу луѓето: сексуални и љубовни односи, односи родители-деца и односи во пријателството. Добрата врска е врска на еднакви, во која секоја странка има исти права и должности, секое лице ужива почит и

возвраќа со иста мерка. Основа на добро функционирање на една врска е разговорот и взаемната доверба - одлики на демократијата.

*Демократија* - Ширењето на демократијата добива силна поддршка од напредокот на глобалните комуникации. Демократијата е веројатно најмоќната идеја на 20. век, со оглед на тоа дека малку се земјите кои себеси не се нарекуваат демократски.

Демократијата не е работа на сè или ништо, постојат многу форми и многу нивоа на демократизација. Не сите кои тргнаа по патот на демократизацијата стигнаа до крајот, некои заглавија. Степенот на демократизација е значително зголемен во последните десетици години. Комуникациската револуција произведе поактивно, промислено граѓанство од она кое постоеше претходно. Во последните години луѓето сепак стануваат сè понезадоволни од демократските процеси и пројавуваат сè помалку доверба во политичките лидери.  Она што е потребно во демократските земји е условување на демократијата со самата себеси - *демократизирање на демократијата* и тоа во сите сфери. Тоа значи ефективно пренесување на власта и ќе зависи од силна граѓанска култура. Демократијата мора да се одгледува. Нејзината експанзија е тесно поврзана со структуралните промени во светското општество. На нашиот забеган свет му треба колку толку управување, а тоа можат да го обезбедат само демократски институции.

Светот денес нè потсетува колку многу можат да се менуваат работите под влијание на новите трендови. Моментално модерна е глобализацијата, глобализацијата како влијание, глобализацијата како почетна точка за новото космополитско општество, глобализацијата како начин на живот.

„*Ние никогаш не можеме да станеме господари на нашата историја, но можеме и мораме да најдеме начини да го ставиме нашиот забеган свет под контрола*„ – Ентони Гиденс.

# Прекројување на светот

Дане Талески

Една од најактуелните теми на нашата сегашност е темата за глобализација. Нејзината актуелност произлегува од нејзината сеопфатност, од нејзината способност да има влијание врз поведението на многу поединци, организации и држави и тоа на сите полиња на нивното делување. Глобализацијата има влијание на економското поведение на огромни мултинационални компании од типот на Coka Cola или Vodafone, па сè до индивидуалните тутунопроизводители во Македонија, или текстилните работници во Азија. Глобализацијата директно го условува користењето на природните ресурси од страна на државите, има влијание на истражувањата што се прават во хемиската индустрија дури и до одреден степен го уредува индивидуалниот чин на полевање на зеленилото околу домот. Влијанието на глобализацијата е можеби најголемо во ставовите и вредностите кои се општоприфатени низ целиот свет, во поведенијата кои се сметаат за пожелни и оправдани, како и во начините на облекување и формирање на модните стилови. Големите модни куќи, како и огромните музички концерни, имаат сè помало влијание во модерната поп-култура од чија дифузност и креативност го обезбедуваат сопственото постоење. Модерната култура, современиот начин на живот, денес




се крои во светските метрополи кои се дефинирани како „културни топилници“: Њујорк, Лондон, Париз, Хонг Конг, Берлин, па дури и Москва. Индивидуите кои прошле низ различни степени на социјализација, имаат различно потекло и различна припадност, а воедно делат и различни идентитети, кои имаат различни колективни искуства, различни симболи, вредности и животни стилови го диктираат темпото на живот денес. Компилацијата на нивни заеднички вредности ги дава контурите на рамката на глобализацијата.

За жал, оваа современа реалност не е ни доволно проучена, ни доволно признаена како таква. Местото и улогата на поединецот во глобалното општество, во модерните дебати, се занемарува односно паѓа во сенка на големите мултинационални компании, кои најчесто се дефинирани како носители на глобализацијата. Давањето на примат на економијата во тековните светски процеси на глобализација е опасно и целосно ја избегнува дебатата за „социјалната политика во доба на глобалност: затоа што (м.з) економскиот развој ѝ бега на националната политика, каде општествените мрежи се фатени во безбедносната мрежа на националната држава“[1]. Германскиот социолог Улрих Бек за среќа не го прави тој превид. Како професор по социологија, на универзитетот во Минхен, негови главни теми на интерес и проучување се социологијата на ризикот и животната околина. Теми чии клучни прашања се прекршуваат низ призмата на интересите на индивидуите и локалните заедници. Имајќи го посочениот академски интерес од една страна, а од друга оставајќи го зад себе веќе завидниот академски опус во делата „Ризично општество“ (1986), „Противотров“ (1991), „Еколошко просветлување“ (1992) и „Еколошката политика во време на ризик“ (1994), во 1997 ја издава неговата книга „Was ist Globalisierung?“ во издание на Suhrkamp Verlag. Во време кога најпровокативна академска дебата во светот е глобализацијата (ефект на процесот сам по себе), името на Улрих Бек се споменува заедно со Ентони Гиденс и Зигмунд Бауман како најреферентен автор за оваа област. Македонската јавност, или барем читателската јавност со академски преференции која блажено дреме во својата паланечка самозадоволност, има прилика веќе година дена пред себе да ја има книгата на Бек. Имено издавачката куќа Тера Магика во 2003 година, со материјална поддршка на Министерството за култура на РМ и Фондацијата институтот отворено општество – Македонија, го објави делото под наслов „Што е глобализација?“.

Пред да навлеземе во суштината на книгата, збор-два заслужува спремањето на македонското издание. Авторот на текстов немал апсолутно никаков увид во подготовката на изданиетониту, пак, има контакти и познанства со луѓето кои го подготвувале изданието. Во оваа насока оцената, која може да се даде за македонското издание на книгата на Улрих Бек, е многу слаба. Од технички аспект, иако книгата е издадена во 2003, веќе е во фаза на распаѓање, листовите напросто се двојат од книгата. Од формален аспект, стилот на книгата на моменти е несфатлив и нелогичен што директно посочува на сериозни проблеми со преводот на делото. Можеби фактот што оригиналното издание е на германски, а македонското издание е подготвувано од англиски крие дел од одговорот на проблемот што постои. Личното искуство нè учи дека германските автори (Кант, Хегел, Хабермас, Шмит) се најтешки „за варење“, но

[1] Бек, Улрих. „Што е глобализација“, Тера Магика, Скопје 2003. стр. 193

нивното апсолвирање нуди и најголеми задоволства и моменти на просветлување.

Со книгата на Бек овој пат тоа не беше случај. За ова, своја одговорност има и самиот автор заради специфичната форма на неговото дело. Книгата има несекојдневна форма, која можеби авторот ја прифатил заради посебноста на темата што ја обработува сакајќи да ги избегне стандардизираните форми на изразување. Делото претставува збир на есеи кои се генерално поделени во неколку теми, а нивниот редослед во темите има за цел подетално да навлезе во секоја тема. Во ист момент Бек спори со теориите на модерноста, пост-модерноста, нео-либерализмот, секогаш навраќајќи се на класичните теории за демократија. Долгите цитати и извадоци од различни книги го воодушевуваат читателот со нивото на ерудиција кое Бек го покажува. Дури и цел еден дел од книгата, условно речено првиот дел, авторот го посветува на погледите и ставоивите на различни автори на кои глобализацијата им е блиска тема: Ентони Гиденс, Зигмунд Бауман, Арџун Арпадураи, Имануел Волерстин, Роланд Робертсон, Дејвид Хелд, Игнацио Рамоне, и други автори. Целта на овој дел е да се покаже ефектот што глобализацијата го има и во интелектуалната сфера низ целиот свет. Идејата на Бек не е да прави компаративни анализи на различните автори. Наместо оваа стандардизирана, во голема мера дури и клиширана тема, тој ги сублимира нивните трудови за да ги постави основните детерминанти на начинот на кој што тој ја подразбира глобализацијата како процес. Сè тоа со цел да се обиде што попластично да ја објасни сегашната светска реалност. Реалност каде националните држави ја губат својата моќ за сметка на големите мултинационални компании, реалност каде мултинационалните компании своите најголеми фабрики ги имаат во најсиромашните земји, реалност во која најсиромашните земји ги уништуваат своите природни ресурси, реалност во која за зачувување на природните ресурси од планетарно значење најмногу се залагаат меѓународните невладини организации, реалност во која само преку меѓународните невладини организации може на масата, на која се решаваат светските проблеми, да се постават потребите на обичните луѓе. Светот станува еден затворен магичен круг во кој своја улога заземаат сите општествени актери. Според Бек, денес живееме во едно глобално светско општество без светска влада кое е толку дифузно и хаотично што секој индивидуален актер (без разлика дали е поединец или голема мултинационална компанија) има влијание, а според него тоа е и најдоброто решение за глобализацијата.

Овде мора да се потенцира стриктната разлика која Бек ја прави помеѓу глобалноста, глобализмот и глобализацијата. Според него глобалноста е „светско општество како неотповиклив факт“. Додека глобализмот „се однесува не неолибералната идеологија на доминација на светскиот пазар“[2]. Гло-

[2] Бек, Улрих. „Што е глобализација“, Тера Магика, Скопје 2003. стр. 110 и 111

бализацијата, пак, од друга страна е севкупниот процес на различните транснационални врски и односи. Глобализацијата го дефинира светското-глобалното општество и во себе го апсолвира глобализмот. Значи, кога се зборува за глобализам, според сфаќањето на Бек[3], се зборува за доминацијата на мултинационалните компании на светските пазари. Нивниот порив за поголеми приходи ги тера да ги регистрираат своите фирми и да отвораат фабрики во неразвиени земји кои им нудат даночни олеснувања и креирање на економска политика според потребите на компанијата. Ова е двоен бумеранг за националната држава, прво за старите моќни национални држави кои веќе ги губат најголемите даночни обврзници, и второ за новите држави во подем кои се во подредена состојба на моќните компании. Проблемите обработени од Волерстин и Бауман се одлично пренесени од Бек, кој само ја потврдува опасноста од оставање на создавањето на новото светско опшетство на економските пориви. Дури и дел од менаџерите на големите фирми се свесни за јазот што се јавува меѓу техничките достигнувања кои ја зголемуваат продуктивноста, и со тоа го зголемуваат маргиналниот приход и големата вработеност во големите фирми која само го зголемува маргиналниот трошок. Ако се остави глобализацијата да биде водена од современите текови на произведување трудот сè повеќе ќе ја губи својата цена, поради тоа што ефикасноста на произведување константно се зголемува. Или како што вели менаџерот на БМВ што го цитира Бек „продуктивноста се зголемува до тој степен што можеме да произведуваме сè повеќе автомобили со сè помалку работа. Само за да го задржиме нивото на вработеност стабилно, ќе треба во огромна мера да го прошириме пазарот“[4].

Ако се остави на глобализмот, односно на неолибералите и на пазарот, да го има последниот збор луѓето во светот ќе имаат сè повеќе слободно време и сè поголем избор за задоволување на нивните потреби, но и се помалку платен труд за да си дозволат нешто. Последниот неолиберален одговор кој сè уште ја следи логиката на само-регулирачката моќ на пазарот е дека „иднината е во услуги и информации. Без разлика колку имаме, секогаш сакаме повеќе и секогаш ќе има некој кој ќе пронајде нови начини да го понуди она што се бара. И тоа не мора секогаш да се материјални барања“[5].

Како социолог, Бек се спротивставува на ваквата вулгаризирана економска логика. За него, од посуштинско значење е еволуирање на концептот на Роланд Робертсон за „глокализам“. Глокализмот е тврдење на културната теорија според која од иманентно значење за глобализацијата е влијанието на поединечните локални култури, односно нивната интеракција. Од тука Робертсон ги спојува зборовите „глобално“ и „локално“ и наместо да

[3] Во голема мера истото сфаќање веќе е светски прифатена парадигма

[4] Бек, Улрих. „Што е глобализација“, Тера Магика, Скопје 2003. стр. 75

[5] FORTUNE. November 10, 2003. Op-ed. Geoffrey Colvin, senior editor. p. 29

зборува за „глобална култура“ зборуба за „глокализам“. Овој феномен, во најтесна врска ги спојува и поведенијата и реакциите на сите луѓе, а посебно оние кои што живеат во светските центри каде има изобилие на различни култури, каде вредностите и постулатите на луѓето секојдневно се редефинираат. Заедно со поголемата општествена активност, здружувањето на граѓанскиот капитал и новите методи на креирање на транснационална политика, каде главни инструменти ќе бидат телата кои ќе ги артикулираат потребите на поединечните граѓани, се само дел од идеите со кои Бек се обидува „преку јавен бреинсторминг да ѝ возврати на парализата на политиката“[6]. Главната порака која ја упатува германскиот професор по социологија е дека е потребно редефинирање на образованието и поставување на нови постулати на „космополитска демократија“, термин преземен од Хелд. Потребно е луѓето, како индивидуи, да се договорат за новите цели, политики и вредности кои ќе бидат општо прифатени од страна на целиот свет.

Имајќи ја предвид доминацијата на либералната економија во денешниот свет Бек во голема мера своите надежи ги полага во Европската унија, која ја смета за своевиден експеримент. Замислена заедница, метафизичка творба, која воедно е географски детерминирана, а има перформанси да се носи на светските пазари како активен чинител со желба и реална потреба во креирањето на своите одлуки сè повеќе да ги вклучува индивидуалните граѓани кои живеат на нејзината територија. Од исклучително значење е улогата на невладините организации, кои сè повеќе ја анимираат јавноста и успеваат да ја заинтересираат во општествените процеси. Во иднина потребно е редефинирање на општествената моќ. И тоа на прво место треба да се редефинира моќта на националните држави, која реално веќе е во опаѓање, и моќта на мултинационалните компании, која реално е во застрашувачки подем. Државите мора да се откажат од некои нивни ингеренции кои во новиот свет не можат да ги задржат, а исто мора и компаниите да се откажат од некои нивни амбиции кои ги имаат, во исто време во целиот процес поголемо учество мора да земат транснационалните организации, било да се регионални или мултилатерални, како и невладините организации, меѓународни и локални, а се разбира и поединци кои имаат способност да ја наметнат нивната визија на светот.

Одговорот на прашањето од насловот на книгата на Улрих Бек, иако не е експлицитно искажан во книгата, е дека глобализацијата е потреба за ново прекројување на светот. Прекројување кое ќе одговара на новата светска општествена реалност и прекројување кое ќе ги балансира интересите на сите. Глобализацијата треба да финишира со нов светски поредок, кој ќе обезбеди општествен мир и поднослива социјална правда. Ова единствено е можно со обезбедување на што поголема согласност од

[6] Бек, Улрих. „Што е глобализација“, Тера Магика, Скопје 2003. стр. 19

целиот свет за вредностите и методите на новиот систем. Сликата е далеку од утописка проекција на совршено координирано општество. Бек единствено се труди да ја артикулира потребата од стандардизирање на правилата на игра кои ќе одговараат на сите играчи, без разлика на нивната големина, кои се натпреваруваат во еден сè уште дифузен и хаотичен свет. Социологот бара стандардизација на вредностите и избегнување на сувата економска доминација на современите процеси. Неуспехот тоа да се оствари може да биде катастрофален за сите, а во свет со различни и спротивставени барања дури и контрадикторен. Опомената на Бек е дека цената на неуспехот е да се доживее „бразилизација на Европа“, односно да се живее во свет на изумрени национални држави, каде сите правила и поведенија се диктирани од неколку моќни економски центри, во поразвиените земји, односно од брутални насилници во земјите во развој. Во таквиот свет Македонија сигурно би била несреќно место на живеење бидејќи апликативни би биле и двата креатора на таквото секојдневие. А ова можеби и не е песимистичка проекција, можеби е веќе наше секојдневие?

# Агенда Хабитат Истанбулска декларација за човекови населби

1. Ние, шефовите на држави или влади и официјалните делегации на земјите присутни на Конференцијата на Обединатите нации за човекови населби (Хабитат II) во Истанбул, Турција од 3 до 14 јуни 1996 година, ја користиме оваа можност за да ги поддржиме универзалните цели за обезбедување на адекватно сместување за сите, како и тоа човековите населби да станат посигурни, поздрави и подобри за живеење, поправедни, поодржливи и попродуктивни. Нашите дискусии за двете главни теми на Конференцијата – адекватно сместување за сите и развој на одржливи човекови населби во еден свет кој се урбанизира – беа инспирирани од Повелбата на Обединетите нации и се насочени кон реафирмирање на постоечките и создавање на нови партнерства за делување на интернационално, национално и локално ниво за подобрување на нашата животна средина. Ние се обврзуваме кон целите, принципите и препораките кои се содржани во Агендата Хабитат и ја даваме нашата заедничка поддршка за нејзина имплементација.

2. Го разгледувавме, со чувство на итност, континуираното влошување на условите за сместување и човековите населби. Во исто време, големите и малите градови ги сметаме за центри на цивилизацијата, кои генерираат економски развој и социјален, културен, духовен и научен напредок. Мора да ја искористиме предноста на можностите кои ни ги нудат нашите населби и да го зачуваме нивното различие за промовирање на солидарноста меѓу сите наши народи.

3. Ја потврдуваме нашата решеност за подобрување на животниот стандард за поголема слобода на целиот човеков род. Се потсетуваме на првата Конференција на Обединетите нации за човекови населби, одржана во Ванкувер, Канада, прославувањето на Меѓународната година на засолништа за бездомниците и Глобалната стратегија за засолништа до 2000 година, кои придонесоа за подигање на глобалната свест за проблемите на човековите населби и кои повикуваа на акција за обезбедување на адекватно сместување за сите. Неодамнешните светски конференции на Обединетите нации, меѓу кои посебно и Конференцијата на Обединетите нации за животна средина и развој, ни дадоа сеопфатна агенда за подеднакво постигнување на мир, правда и демократија изградени врз економски развој, социјален развој и заштита на животната средина, како меѓусебно зависни и взаемно зајакнувачки компоненти на одржливиот развој. Ние се обидовме исходите од овие конференции да ги интегрираме во Агендата Хабитат.

4. За да го подобриме квалитетот на живот во рамките на човековите

населби, мораме да се бориме против влошувањето на условите кои во повеќето случаи, посебно во земјите во развој, достигнаа кризни размери. Поради тоа, мораме сеопфатно да ги насочиме напорите, меѓу другото, кон моделите на неодржлива потрошувачка и производство, посебно во индрустријализираните земји, неодржливите промени на населението, вклучително промените во структурата и дистрибуцијата, со посветување посебно внимание на тенденцијата кон прекумерна концентрација на населението, бездомништвото, зголемување на сиромаштијата, невработеноста, социјалната изолација, семејната нестабилност, неадекватните ресурси, недостигот од основна инфраструктура и услуги, недостигот на адекватно планирање, растечката несигурност и насилство, деградацијата на животната средина и зголемената ранливост на катастрофи.

5. Предизвиците на човековите населби се глобални, но земјите и регионите, исто така, се соочуваат и со специфични проблеми за кои се потребни специфични решенија. Ние ја увидуваме потребата од интензивирање на нашите напори и соработка за подобрување на животните услови во големите и малите градови, како и селата низ светот, посебно во земјите во развој, каде ситуацијата е посебно лоша, и во земјите чија економија е во транзиција. Во однос на тоа, сметаме дека глобализацијата на светската економија дава можности и предизвици за развојниот процес, како и ризици и неизвесности, и дека постигнувањето на целите од Агендата Хабитат ќе биде олеснето, меѓу другото, и со позитивни дејствија во однос на прашањата на финансирање на развојот, надворешниот долг, меѓународната трговија и трансферот на технологија. Нашите градови мора да бидат места каде луѓето ќе водат живот што ќе ги исполнува, живот со дигнитет, добро здравје, безбедност, среќа и надеж.

6. Помеѓу руралниот и урбаниот развој постои однос на меѓусебна зависност. Покрај подобрувањето на урбаниот хабитат, мораме да работиме и на проширување на адекватната инфраструктура, јавните услуги и можностите за вработување во руралните области за да ја зголемиме нивната атрактивност, да развиеме интегрирана мрежа на населби и да ја минимизираме миграцијата од руралните кон урбаните региони. Потребно е да постои посебен фокус врз малите и средните градови.

7. Бидејќи луѓето се во центарот на нашиот интерес за одржлив развој, тие се основата за нашите делувања во имплементирањето на Агендата Хабитат. Ние ги увидуваме посебните потреби на жените, децата и младите за сигурни, здрави и безбедни услови за живеење. Ние ќе ги интензивираме нашите напори за искоренување на сиромаштијата и дискриминацијата, промовирање и заштита на сите човекови права и основни слободи за сите, и ќе ги обезбедиме основните потреби, како образование, исхрана и доживотни здравствени услуги и, посебно, адекватно сместување за сите. За таа цел, се обврзуваме да ги подобриме животните услови во човековите населби, на начини кои соодветствуваат со локалните потреби и реални состојби, и ја увидуваме потребата од осврнување на глобалните, економските, соци-

јалните и еколошките трендови за да осигуриме создавање на подобра животна околина за сите луѓе. Исто така, ќе обезбедиме целосно и еднакво учество на сите жени и мажи, како и ефективно учество на младите во политичкиот, економскиот и социјалниот живот. Ќе ја унапредуваме потполната пристапност за луѓето со инвалидитет, како и половата еднаквост во политиките, програмите и проектите за развој на сместување и одржливи човекови населби. Овие обврски ги преземаме со посебен осврт на повеќе од една милијарда луѓе кои живеат во апсолутна сиромаштија и на членовите на осетливите и непривилегирани групи идентификувани во Агендата Хабитат.

8. Ја потврдуваме нашата обврзаност за потполна и прогресивна реализација на правото за адекватно сместување предвидено во меѓународните инструменти. За таа цел, ќе бараме активно учество на нашите јавни, приватни и невладини партнери на сите нивоа за да осигуриме правна сигурност на местото, заштита од дискриминација и подеднаков пристап до адекватно сместување по достапна цена за сите лица и нивните семејства.

9. Ќе работиме за проширување на обезбедувањето на сместување по достапна цена со овозможување пазарите да работат ефикасно и на социјално и на еколошки одговорен начин, подобрувајќи го пристапот до земјиште и кредити и помагајќи им на оние кои не можат да учествуваат во пазарите на живеалишта.

10. За да се одржи нашата глобална средина и да се подобри квалитетот на живот во нашите човекови населби, се обврзуваме кон одржливи модели на производство, потрошувачка, транспорт и развој на населби, превенција на загадувањето, почит кон носечките капацитети на екосистемите и зачувувањето на можностите за идните генерации. Во врска со ова, ќе соработуваме во духот на глобалното партнерство за зачувување, заштита и враќање на здравјето и интегритетот на земјиниот екосистем. Во однос на различните начини со кои се придонесува за глобалната еколошка деградација, го потврдуваме принципот дека земјите имаат заеднички, но различни одговорности. Исто така, сметаме дека овие дејствија мораме да ги спроведеме на начин кој соодветствува со принципот за претпазлив приод, кој ќе биде нашироко применет, соодветно на можностите на земјите. Потоа, ќе ги унапредуваме и здравите животни средини, посебно преку обезбедувањето на адекватни количества на безбедна вода и ефикасно справување со отпадот.

11. Ќе го унапредуваме зачувувањето, рехабилитацијата и одржувањето на зградите, спомениците, отворените простори, пејзажите и моделите на населби со историска, културна, архитектурна, природна, религиозна и духовна вредност.

12. Ја усвојуваме овозможувачката стратегија и принципите на партнерство и учество, како најдемократски и најефикасен приод за реализација на нашите обврски. Со локалните власти, кои ги сметаме за наши најблиски партнери, како и најсуштински, во имплементацијата на Агендата Хабитат мораме, во рамките на правната рамка на секоја земја, да ја унапредуваме децентрализацијата преку демократски локални власти и да рабо-

тиме на зајакнување на нивните финансиски и институционални капацитети во согласност со условите на земјите, а во исто време, да обезбедиме нивна транспарентност, отчетност и реагирање на потребите на луѓето, што се клучни услови за владите на сите нивоа. Исто така, ќе ја зголемиме нашата соработка со парламентарците, приватниот сектор, работничките синдикати, невладините и другите организации од граѓанското општество со должна почит кон нивната автономија. Ќе ја зголемиме и улогата на жените и ќе го охрабруваме социјалното и еколошкото одговорно корпоративно инвестирање од страна на приватниот сектор. Локалното делување треба да биде насочувано и стимулирано преку локални програми базирани на Агендата 21, Агендата Хабитат или која било друга еквивалентна програма, како и користење на искуството од соработката на целиот свет иницирана во Истанбул, од страна на Светското собрание на градови и локални власти, без предрасуди во однос на националните, политички, цели, приоритети и програми. Овозможувачката стратегија вклучува одговорност на владите за имплементирање на специјални мерки за членовите на непривилегираните и осетливите групи, кога тоа е соодветно.

13. Бидејќи за имплементацијата на Агендата Хабитат ќе биде потребно соодветно финансирање, мораме да мобилизираме финансиски ресурси на национално и интернационално ниво, вклучително нови и дополнителни ресурси од сите извори – мултилатерални и билатерални, јавни и приватни. Во врска со ова, мораме да ја олесниме изградбата на капацитети и да го промовираме трансферот на соодветна технологија и знаења. Понатаму, ги потврдуваме обврските преземени на неодамнешните конференции на Обединетите нации, посебно оние во Агендата 21 за финансирање и трансфер на технологија.

14. Сметаме дека за потполна и ефикасна имплементација на Агендата Хабитат ќе биде потребно зајакнување на улогата и функциите на Центарот за човекови населби на Обединетите нации (Хабитат), земајќи ја предвид потребата Центарот да се фокусира на добро дефинирани и темелно развиени цели и стратешки прашања. За таа цел, ја даваме нашата поддршка за успешната имплементација на Агендата Хабитат и нејзиниот глобален план за делување. Во однос на имплементацијата на Агендата Хабитат, оддаваме целосно признание за придонесот на регионалните и националните планови за делување подготвени за оваа Конференција.

15. Оваа Конференција во Истанбул означува нова ера на соработка, нова ера на солидарност. Со навлегувањето во 21. век, нудиме позитивна визија за одржливи човекови населби, чувство на надеж за нашата заедничка иднина и повик за вклучување во еден навистина ценет и привлечен предизвик, предизвик заеднички да се изгради свет каде секој ќе може да живее во безбеден дом, со ветување за пристоен живот со дигнитет, добро здравје, безбедност, среќа и надеж.

# За авторите

**Петер Гетц**, роден 1947, пратеник во Бундестагот од 1990, претседател на работната група Хабитат во Бундестагот, претседател на работната заедница Политика на единиците на локална самоуправа на пратеничката група ЦДУ/ЦСУ.

**Иван Дамјановски**, роден 1979 година во Скопје. Истражувач и аналитичар за Институтот за демократија, солидарност и цивилно општество. Магистер по Евро-интеграции при Универзитетот во Болоња.

**Ѓорге Иванов**, роден 1960, доц. д-р по предметите Политички теории и Политичка филозофија на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје и виситинг-професор на постдипломските студии за Југоисточна Европа на Универзитетот во Атина

**Гордана Јанкулоска**, родена во 1975, магистар по Меѓународно комерцијално право, работи како шеф на кабинетот на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ

**Андреас Клајн**, роден 1972, политолог, официјален претставник на Фондацијата „Конрад Аденауер“ во Скопје, Република Македонија

**Ненад Марковиќ**, роден 1979, проект-менаџер и истражувач на Институтот за демократија, солидарност и цивилно општетсво. Магистер по демократија и човекови права во рамките на Европската регионална магистерска програма - Демократија и човекови права во Југоисточна Европа во организација на Универзитетот во Болоња и Универзитетот во Сараево.

**Марина Настеска**, родена 1963, дипломиран психолог, студент на интердисциплинарни пост-дипломски студии по мир и развој при Филозофски факултет - Скопје.

**Нјонгонкулу Ндунгане**, роден 1941, надбискуп на Кејп Таун, ја претставувал Англиската црква на римско-католичкиот собир на бискупи во Ватикан. Работи на трансформацијата на политиката во Јужна Африка залагајќи се за мир и помагајќи им на сиромашните.

**Дане Талески**, роден 1979, демонстратор по предметот јавно мислење и масовни комуникации на Одделот за политички науки на Правниот факултет во Скопје и извршен директор на ИДСЦО

**Марко Трошановски**, роден 1980 година во Скопје, дипломиран политиколог и член на ИДСЦО.

**Чак Хагел**, роден 1946, постар сенатор на Небраска во Сенатот на САД, член е на три сенатски комитети: за надворешни работи, за банкарство, за домување и градски надлежности, и на одбраниот комитет за разузнавање. Тој е претседавач при Сенатот за меѓународни економски врски со странство, како и на подкомитетот за промоција на извоз и трговија.

**Семјуел П. Хантингтон**, роден 1927, директор на институтот за стратешки студии Џон М. Олин при Универзитетот Харвард.

**Јасмина Чукалковска**, родена во 1980 год., демонстратор на Правниот факултет по предметот Политички теории и проект-менаџер во ИДСЦО.

**Волфганг Шојбле**, роден на 1942, член на Бундестагот од 1972, од октомври 2001 заменик-претседател на пратеничката група на ЦДУ/ЦСУ за надворешна, безбедносна и европска политика.

**Камелија Шојлевска**, дипломирала на катедрата за „Историја наумет-ност со археологија“ при Филозофскиот факултет во Скопје. Од 1981 година работи како новинар, продуцент и автор во Македонската телевизија. Таа известувала за CNNWRce здобила со диплома за „независен новинар ширум светот“. Со германската ТВ, WDR работи како автор на кратки документарни филмови во проектот Европски женски магазин. Денес е новинар, продуцент и водител во МТВ.